

НАЦИОНАЛНА
УСТАНОВА
СТОБИ

Балканско
наследство
Фондација
формирана 2008

# ГЕНЕРАЛЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ **СТОБИ, Р СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | 2021

J.M. KAPLAN FUND

ГЕНЕРАЛНИОТ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА
НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ,
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Е ИЗРАБОТЕН СО ФИНАНСИСКА ПОМОШ
ОД ФОНДОТ „Џ. М. КАПЛАН“, САД



# УРЕДНИЦИ

**Силвана Блажевска** (Национална установа Стоби, Р С Македонија)

**Ангела Пенчева** (Фондација Балканско наследство, Бугарија)

**Џон Стјуарт** (Историска Англија, Обединето Кралство)

**Иван Василев** (Фондација Балканско наследство, Бугарија)

# СОРАБОТНИЦИ

## Поглавја 1-2

**Силвана Блажевска**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Поглавје 3

**Силвана Блажевска**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Гоце Павловски**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Поглавја 4-5, Прилози 1-5

**Џон Стјуарт**, архитект конзерватор, советник за конзервација на архитектонско наследство, Историска Англија, Обединето Кралство
**Паола Матилде Песареси**, архитект конзерватор, Конзерваторски проект за Херкуланум, Италија
**Алесандро Лугари**, конзерватор за камен и мозаик, Специјален надзор за Колосеум, Национален музеј на Рим и археолошката област на Рим, Италија

**Елеонора Петрова-Митевска**, директор на Управата за заштита на културното наследство, Министерство за култура, Р С Македонија (до август 2019 г.)
**Зоран Павлов**, раководител на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство, Управа за заштита на културното наследство, Министерство за култура, Р С Македонија
**Предраг Гавриловиќ**, структурен и сеизмички инженер, професор емеритус, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Р С Македонија
**Гаел де Гишен**, хемиски инженер, советник на генералниот директор на ICCROM

## Поглавје 6, Прилози 6-7

**Џон Стјуарт,** архитект конзерватор, советник за конзервација на архитектонско наследство, Историска Англија, Обединето Кралство

## Поглавје 6, Прилог 8

**Кристина Бицева**, советник за координација на меѓународна соработка, Управа за заштита на културното наследство, Министерство за култура, Р С Македонија
**Баф Кавелман**, претседател, група Кавелман, филантропски советници, Соединети Американски Држави
**Сања Петковска**, светководител - виш соработник за финансии, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Прилог 9

**Силвана Блажевска,** археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Гоце Павловски**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Димитар Николовски**, археолог - виш документатор, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Јован Радњански**, археолог - виш кустос, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Златко Кованцалиев**, археолог - виш кустос во Национална установа Стоби, Р С Македонија (до август 2019 г.)
**Мишко Тутковски**, историчар на уметност - документатор советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Прилог 10

**Силвана Блажевска**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија

**Златко Кованцалиев**, археолог - виш кустос во Национална установа Стоби, Р С Македонија (до август 2019 г.)

## Прилог 11

**Мишко Тутковски**, историчар на уметност - документатор советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Билјана Јанкуловска-Пеева**, виш конзерватор за керамика и стакло, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Милена Решкова**, нумизматичар - виш кустос, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Мариана Филова**, виш конзерватор за камен, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Прилог 12

**Силвана Блажевска**, археолог - кустос советник, Национална установа Стоби, Р С Македонија

## Со учество на:

**Спасе Перовски**, директор, Национална установа Стоби, Р С Македонија
**Иван Василев**, извршен директор, Фондација Балканско наследство, Бугарија
**Ангела Пенчева**, програмски директор, Фондација Балканско наследство, Бугарија
**Џорџ Беван**, вонреден професор на Одделот за географија и планирање на Универзитетот Квин, Канада
**Кристен Џонс**, докторанд, Универзитет Квин, Канада
**Красимира Франгова**, вонреден професор на Кралската данска академија за ликовни уметности, Данска
**Кристијан Тошевски**, археолог, надворешен соработник, Р С Македонија

Македонско-англиски превод на целиот документ
Англиско-македонски превод на Прилози 9-12

**Кристина Бицева**
**Силвана Блажевска**
**Димитар Николовски**
**Гоце Павловски**

Лектура на англиски јазик

**Барбара Ремедиос**

Лектура на македонски јазик

**Јасмина Ѓоргиева**

Коректура

**Александар Јорданоски**

Дизајн и компјутерска подготовка

**Диана Крандева**
**Лина Петрова**
**Мариета Василева**

Издавач:
Национална установа Стоби, Република Северна Македонија
Фондација Балканско наследство, Бугарија

ISBN 978-619-90783-8-9

Печати ДатаПонс - Скопје

Фотографиите приложени во документот припаѓаат на архивата на Националната установа Стоби, освен ако не е поинаку наведено.

**Балканско наследство**
Фондација
формирана 2008



# СОДРЖИНА


**Уредници и соработници**.......... 2

**Содржина**.......... 6

**Листа на кратенки**.......... 9

**Предговори**.......... 10

**Институции**.......... 12

**1. Вовед & признанија**.......... 13

1.1. Вовед.......... 13

1.2. Цели на ГПЗ.......... 13

1.3. Фази во изработката на ГПЗ.......... 14

1.4. Структура на ГПЗ.......... 15

1.5. Признанија.......... 16

2. **Археолошки локалитет Стоби - општи податоци**.......... 17

2.1. Општи податоци.......... 17

2.2. Административни податоци.......... 18

**3. Опис и значење на археолошкиот локалитет Стоби**.......... 19

3.1. Историски преглед.......... 19

3.2. Краток опис на локалитетот: откриени и презентирани градби и други објекти.......... 21

3.3. Краток преглед на истражувањата, конзервацијата и управувањето со локалитетот.......... 22

3.4. Кратко образложение на историското и културно значење на археолошкиот локалитет Стоби.......... 26

3.5. Кратко образложение на ревалоризацијата на локалитетот: заштитено добро, контактни зони и режим на заштита....................28
3.6. Постоечки инфраструктурни објекти ..............................................29
3.7. Резиме на збирките на движно културно наследство................30
3.8. Постоечка документација и извори на документација..............30
Илустрации за Поглавјата 2 и 3.......................................................................33

**4. Конзерваторски принципи и практики**......................................................51
4.1. Архитектонски споменици на Стоби: приоритетни интервенции.........................................................................................................51
4.2. Ранливост/процена на ризици од динамични природни непогоди и човечки активности ..................................................................52
4.3. Состојба на откриените градби и појави...........................................54
4.4. Тековни конзерваторски практики и проблеми ............................55
4.5. Препораки...........................................................................................................56
4.6. Состојба и препораки за складирање и заштитата на движните наоди...................................................................................................................63
Прилог 1: Предлог за истражувачки проекти ............................................66
Прилог 2: Предлог за нови стандарди и упатства ...................................68
Прилог 3: Технички совети .................................................................................70
Прилог 4: Технички ресурси ...............................................................................75
Прилог 5: Дополнителна библиографија.......................................................78
Илустрации за Поглавјето 4...................................................................................79

**5. Управување со посетители, презентација и интерпретација**..103
5.1. Тековно управување со посетители, презентација и интерпретација.....................................................................................................103
5.2. Управување со посетители и инфраструктура.............................105
5.3. Презентација и интерпретација...................................................106
5.4. Препораки.......................................................................................................107
Прилог 6: Предлог за истражувачки проекти...........................................112
Прилог 7: Технички ресурси ..............................................................................113

**6. Обезбедување финансиски средства и унапредување на ресурсите** ........................................................................................................................115
6.1. Тековни извори на приходи......................................................................115
6.2. Потреби на НУ Стоби и потенцијални извори на финансирање.........................................................................................................118
6.3. Насоки за утврдување стратегија за обезбедување финансиски средства........................................................................................118
6.4. Глобални можности за финансирање на Стоби...........................119

Прилог 8: Библиографија за обезбедување финансиски средст ва........124
Прилог 9: Градби (состојба на зачуваност)........134
Прилог 10: Депоа (резиме на состојбата)........146
Прилог 11: Збирки движно културно наследство (процена на состојбата)........148
Илустрации за Прилозите 9 - 10........155
Прилог 12: Листа на проекти ........216



# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ГИС - Геореферентен информациски систем

ГПЗ - Генерален план за заштита

НВО - Невладина организација

НКЦ - Национален конзерваторски центар (поранешен РЗЗСК - Републички завод за заштита на спомениците на културата)

НУ Стоби - Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби / Национална установа Стоби

ПТП - Прелиминарна техничка процена

РЗЗСК - Републички завод за заштита на спомениците на култура

УЗКН - Управа за заштита на културното наследство

ФБН - Фондација Балканско наследство

CISS - Cooperazione Internazionale SUD SUD, Italy



# ПРЕДГОВОРУ

Кога дојдов во Стоби во септември 2018 година како директор на Националната установа Стоби, првата информација од стручниот тим беше дека Фондот „Џ. М. Каплан" е сериозно заинтересиран за Стоби. Со задоволство ја прифатив нивната возбуда и ја негував. Денес, кога го пишувам предговорот за Генералниот план за заштита на Стоби, со задоволство можам да констатирам дека соработката со Фондот „Џ. М. Каплан" е успешна и корисна.

Стоби е еден од најдобро зачуваните локалитети во Република Северна Македонија, кој во својата стратиграфија поседува неверојатен пресек од векови и векови наслаги и податоци за културната историја, а неговото значење ги надминува границите на нашата држава и заслужува место во листата на светското културно наследство.

Генералниот план за заштита на Стоби претставува стратешки документ кој ги интегрира основните потреби и цели за правилен и континуиран развој на Стоби, со кој поставуваме нови и современи параметри за заштитата и презентацијата на локалитетот. Тој нуди современ методолошки пристап кон заштитата, мониторингот, чувањето и презентацијата на недвижното и движното културно наследство на Стоби, како и препораки за постигнување одржлив развој.

Сакам да изразам срдечна и голема благодарност до експертскиот тим и стручниот тим на НУ Стоби кои работеа на подготовка на Генералниот план, на нашите партнери од Фондацијата Балканско наследство од Република Бугарија и, секако, на Фондот „Џ. М. Каплан" од Соединетите Американски Држави за нивниот интерес за археолошкиот локалитет Стоби и за нивните заложби за изработката на Генералниот план. Бидејќи овој документ е прв од ваков вид во нашата држава, се надевам дека ќе претставува одличен пример и за останатите институции чија цел е заштита на културното наследство. Се надевам и посакувам Генералниот план за заштита на Стоби да се отелотвори во реална и реализирана состојба, со цел предавање на пораката за важноста на културното наследство за идните генерации.

**Спасе Перовски**, директор, Национална установа Стоби



# ПРЕДГОВОРУ

Ми претставува особено задоволство да го претставам првиот Генерален план за заштита на археолошкиот локалитет Стоби, Република Северна Македонија. Античкиот град, поранешен главен град на римската провинција Македонија Секунда, е нашироко познат како единствено урбано наследство, како на локално така и на меѓународно ниво.

Фондацијата Балканско наследство ја започна соработката со Националната установа Стоби во 2010 година преку едукативните програми на Фондацијата наречени „Теренски школи на Балканско наследство". Оттогаш, заедничките тимови организираа меѓународни теренски школи за археологија и работилници за конзервација на керамика, стакло и мозаици, во кои учествуваа 345 студенти кои со своето волонтирање и финансиска поткрепа придонесуваа за заштитата на локалитетот. Сите овие активности беа вклопени во тековните истражувачки и конзерваторски проекти на НУ Стоби на локалитетот.

Интензивната соработка во текот на изминатите 11 години ни помогна не само да ја увидиме единственоста и значењето на античкиот град, туку и да ги согледаме различните проблеми кои тимот на НУ Стоби ги наследил по стогодишните, речиси континуирани ископувања водени од различни институции. Недоволната конзервација на откриените градби и недостигот на постојан мониторинг на претходните конзерватоски активности, до 2010 година, односно до формирањето на Националната установа Стоби, се веројатно најакутни од сите проблеми. Оттогаш, генералната состојба е далеку подобрена, но, сепак, ограничените финансиски средства и човечки ресурси на институцијата претставуваат сериозна пречка за навремено решавање на сите проблеми од овој вид. Ова е причината зошто еден ваков документ каков што е Генералниот план, кој обезбедува рамка за правилно приоретизирање на заштитните активности, се стреми да ги обедини сите засегнати страни да ги согледаат проблемите на локалитетот и да им помогне заеднички и координирано да пристапат кон неговата заштита.

Од името на Фондацијата Балканско наследство би сакал да ја изразам нашата поддршка во сите идни активности кои се поврзани со имплементацијата на Генералниот план, со полна свест дека реализацијата на препораките од овој документ е само почеток на една голема и одговорна задача, а тоа е зачувување на автентичноста на локалитетот Стоби за идните генерации.

**Иван Василев**, извршен директор, Фондација Балканско наследство



# ИНСТИТУЦИИ

**Национална установа Стоби**
**(Република Северна Македонија)**
**www.stobi.mk**

Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби (Национална установа Стоби/НУ Стоби) е формирана со Одлука на Владата на Република Македонија во 2008 година како институција под надлежност на Министерството за култура, одговорна за истражувањата, заштитата, интерпретацијата, презентацијата и промоцијата на археолошкиот локалитет Стоби и неговото разновидно културно наследство. Дваесет и девет вработени во рамките на трите оддели во НУ Стоби, како и голем број надворешни стручни лица од различни области, посветено работат на реализацијата на голем број проекти поврзани со истражување, конзервација и презентација на локалитетот, со цел да ја постигнат главната цел, да обезбедат услови за негов одржлив развој и да ја подигнат јавната свест за значењето и заштитата на Стоби како дел од светското културно наследство.

**Фондација Балканско наследство**
**(Бугарија)**
**www.balkanheritage.org**

Фондацијата Балканско наследство (ФБН) е непрофитна организација од областа на културата чии активности се поврзани со проучувањето и заштитата на културното наследство, комуникациите, управувањето и едукацијата. Фондацијата е основана во 2008 година од тројца бугарски археолози: Иван Василев, Најден Прахов и Ангела Пенчева. Фондацијата ги поддржува проучувањето, заштитата, управувањето и користењето на културното наследство во Југоисточна Европа и околните региони и го промовира неговото значење преку разни програми и соработки. Покрај Бугарија, Фондацијата финансира и/или раководи проекти во Грција, Црна Гора, Република Северна Македонија, Србија и Словенија во соработка со академски и државни установи од областа на заштитата, како и со локалните бизнис компании, медиуми и невладини организации. Меѓу поддржувачите на ФБН се Фондот „Џ. М. Каплан“, Институтот за теренски истражувања (САД), Европската комисија, Министерство за култура на Република Бугарија и други донатори, како и преку 2000 поединци низ светот.



# 1 ВОВЕД & ПРИЗНАНИЈА

Ова поглавје претставува вовед во Генералниот план за заштита на археолошкиот локалитет Стоби. Во него се објаснети неговите цели, фазите на изработка и неговата структура.

## 1.1. ВОВЕД

Во 2009 г. Националната установа Стоби (формирана во 2008 г.) беше задолжена со менаџирање на импресивните археолошки остатоци на Стоби, локалитет од римскиот и доцноримскиот период со исклучително универзално значење, лоциран во срцето на Република Северна Македонија. Во истовреме, установата наследи долга листа на проблеми поврзани со конзервацијата, презентацијата инфраструктурата и градбите на локалитетот. Во текот на следната декада, институцијата постигна неверојатни резултати во однос на градењето капацитети, прибирање средства, проучување и заштита на локалитетот. Сепак, големината и значењето на Стоби бараат уште поголеми заложби за да се зачува неговиот уникатен карактер и да се постигне рамнотежа меѓу проучувањето, заштитата и презентацијата со цел да се пренесе на следните генерации во подобра состојба.

Предложениот Генерален план за заштита на археолошкиот локалитет Стоби (ГПЗ) се подготвуваше во периодот меѓу 2019 и 2021 г., како заеднички проект на Националната установа Стоби (НУ Стоби) и Фондацијата Балканско наследство. Тој претставува сеопфатна мултидисциплинарна алатка која ја промовира одржливата конзервација и заштита на локалитетот, имајќи го предвид неговиот интегритет и автентичност. Развивањето на планот, во чија изработка беа вклучени бројни локални и меѓународни експерти беше овозможено со великодушната поддршка на Фондот Џ. М. Каплан.

Со изработката на ГПЗ, НУ Стоби и ФБН одбележуваат единаесет години заедничка соработка. Почнувајќи од 2010 г., двете институции соработуваат во организирање на меѓународната едукативна програма на ФБН наречена теренски школи на Балканско наследство. Теренскитє школи и работилници за археологија и конзервација на мозаици, ѕидни слики, керамика и стакло за студенти и волонтери, секоја година беа организирани во рамки или како поддршка на тековните проекти за археолошки истражувања и конзервација на НУ Стоби. Со текот на годините, соработката се прошири и со размена на стручни лица, заеднички публикации, конференции, јакнење на капацитетите и јавни предавања.

## 1.2. ЦЕЛИ НА ГПЗ

Генералниот план за заштита се заснова на сегашната поставеност, карактерот и потребите на локалитетот и Националната установа Стоби која го управува. Планот ја прикажува визијата, севкупната цел, водечките принципи и стратегии во врска со конзервацијата и заштитата на локалитетот, преку одредување на одржлив пристап и воспоставување рамнотежа меѓу зачувувањето на неговото културно наследство и природно опкружување и потребата за одржлив развој, вклучително и

инфраструктурните подобрувања и управувањето со посетителите. Всушност, целта на Планот е да го заштити и зачува универзалното значење на локалитетот преку поволни предлози и решенија, препораки и приоретизирање на развојните компоненти за заштита и конзервација на античкиот град за сегашните и идните генерации. Оттука, Планот треба да служи како основна алатка за краткорочни и долгорочни планирања на сегашните и идните менаџери на Стоби и неговиот професионален тим.

## 1.3. ФАЗИ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ГПЗ

Подготовката на планот вклучуваше три работни фази, спроведени во опсежни консултации со меѓународни и локалните експерти, тимот на НУ Стоби, претставници на владиниот и приватниот сектор.

Првата фаза од проектот вклучуваше истражување и процена, по што следеше развивање на идејни предлози за конзервација и управување со локалитетот. Процените беа извршени, главно, во 2019 г. со прелиминарно истражување и прибирање на информации доставени од д-р Силвана Блажевска, основач и поранешен директор на Националната установа Стоби. Во првичната процена акцентот беше ставен на главните карактеристики на Стоби, неговото управување, историјата, ризиците, моменталната состојба и потенцијалот за туристичка презентација. Дополнително, стручниот кадар (археолози и конзерватори) на НУ Стоби беше активно вклучен во подготвителната фаза од изработката на ГПЗ преку изготвување на првична процена на состојбата и предлог проекти.

Врз основа на процените кои произлегоа од работата во првата фаза, во втората фаза (2019 - 2020 г.) од страна на тимот локални и меѓународни експерти беа развиени првични предлог решенија за конзервацијата, археолошките истражувања, културниот менаџмент и сеизмологијата. Тие беа претставени пред тимот на НУ Стоби и дадени на разгледување, по што следеше ревидирање и понатамошен развој на планот во 2021 г.

Работата на планот вклучуваше и две тркалезни маси кои се оддржаа пролетта и есента 2019 г. во Стоби, во кои зедоа учество тимот на НУ Стоби и следните експерти: Џон Стјуарт (архитект конзерватор, советник за конзервација на архитектонско наследство, Историска Англија, Обединето Кралство), Паола Матилде Песареси (архитект конзерватор, Конзерваторски проект за Херкуланум, Италија), Алесандро Лугари (конзерватор за камен и мозаик, Специјален надзор за Колосеум, Национален музеј на Рим и археолошката област на Рим, Италија), Елеонора Петрова-Митевска (директор на Управата за заштита на културното наследство до август 2019 г., Министерство за култура, Република Северна Македонија), Зоран Павлов (раководител на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство, Управа за заштита на културното наследство, Министерство за култура, Република Северна Македонија) и Предраг Гавриловиќ (структурен и сеизмички инженер, професор емеритус, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Универзитет „“ „Св. Кирил и Методиј“, Република Северна Македонија).

Во рамките на втората фаза, заради идното спроведување на ГПЗ, д-р Џорџ Беван и Кристен Џонс од Универзитетот Квин во Канада беа задолжени да ја комплетираат техничката документација за неколку големи објекти во Стоби: Градбата со арки, Куќата на Партениј и Теодосијанската палата, како и да го коригираат постоечкиот генерален план на Стоби.

Можностите за прибирање средства и развој на ресурсите кои произлегуваат од различните потреби на локалитетот за конзервација, публикации, надградба на капацитетите, обука на персоналот итн., беа наведени и сумирани од Баф Кавелман (претседател, група Кавелман, филантропски советници, Соединети Американски Држави) и Кристина Бицева (раководител на Секторот за меѓународна соработка, Управа за заштита на културното наследство, Министерство за култура, Република Северна Македонија).

Финалната, ревидирана и проширена верзија на документот беше завршена во третата фаза, при што беа земени предвид забелешките и коментарите во нацрт-верзијата. Потоа, ГПЗ беше преведен на македонски јазик.

## 1.4. СТРУКТУРА НА ГПЗ

Генералниот план за заштита на Стоби содржи шест поглавја и 12 прилози.

**Првото поглавје** содржи листа на учесници, содржина на планот, листа на кратенки и предговори на директорот на НУ Стоби, г. Спасе Перовски и извршниот директор на Фондацијата Балканско наследство, г. Иван Василев, резиме на двете партнерски институции (НУ Стоби и ФБН) и краток преглед на планот.

**Второто поглавје** содржи краток осврт на општите географски и административни податоци за локалитетот и НУ Стоби, која управува со истиот.

**Третото поглавје** содржи вовед и преглед на историјата на локалитетот, листа и краток опис на откриените антички градби и инфраструктурни објекти, историски преглед на археолошките истражувања, конзервацијата и управувањето со локалитетот, преглед на неговото значење во историски и културен контекст (како локалитет од особено значење согласно критериумите за автентичност, интегритет, разновидност и единственост); образложение на ревалоризацијата на локалитетот со режимот на заштита, заштитената и контактните зони; краток преглед на збирките на движно културно наследство (музејски предмети изработени од керамика, стакло, метал, камен), како и преглед на постојната документација и изворите на документација од почетокот на истражувањата на Стоби до денес.

Во **четвртото поглавје** е разработен предлог за приоритетни интервенции за архитектонските споменици на Стоби врз основа на нивното значење и состојбата на зачуваност. Во ова поглавје се објаснети опасностите и ризиците од динамичните природни непогоди (тектонски поместувања, поплави, животински гнезда и атмосферски влијанија) и од човечките активности (воениот полигон Криволак во близина на локалитетот, аерозагадувањето, кражби и земјоделски активности), како и други проблеми од административна и правна природа, недостаток на стручни лица, итн. Состојбата на античките остатоци (ѕидаријата и подните облоги) е опишана во контекст на тековните конзерваторски практики, како и односот помеѓу ископувањата и конзервацијата, постоечката легислатива, недостатокот на обуки и знаење. Предложените препораки се однесуваат на промени во легислативата, воспоставување на рутински конзерваторски практики и протоколи за интервенција, одржување и мониторинг, дефинирање на нови конзерваторски политики кои ќе воспостават рамнотежа меѓу археолошките истражувања и конзервацијата, како и конзерваторски стандарди и насоки. Особено внимание е посветено на развивање на план за управување со ризици, на улогата на професионалните тимови, на капацитетите и партнерствата во истражувачките работи. Исто така, ова поглавје содржи препораки за подобрување на депоата и заштита на движното културно наследство.

**Петтото поглавје** се однесува на управување со посетителите, интерпретацијата и презентацијата на локалитетот. Посебно внимание е посветено на промоцијата преку користење на различни медиуми, социјални мрежи и едукативни проекти (веб страната на НУ Стоби, печатените водичи, ТрипАдвајзор, социјални медиуми, Википедија, теренските школи на Балканско наследство за Стоби, итн.). Во ова поглавје на ГПЗ се препорачува развивање на план за управување со посетители за локалитетот, воспоставување партнерства со други споменици во околината, локалните заедници и Министерството за транспорт и врски, како и креирање на политика за интерпретацијата и презентацијата, која вклучува насоки за презентација и интерпретација на атничките градби, дизајнирање и изградба на музеј на локалитетот, интерпретација на недостапните делови и објекти, објаснување на ископувањата и конзервацијата, искористување на заштитните покривни конструкции во интепретацијата, развивање на историски катчиња, промоција на локалната флора и фауна, итн.). Исто така, во ова поглавје се вклучени и други предлози како да се зголеми и збогати искуството на посетителите (на пр.: преку креирање на тематски тури за посетителите).

Последното, **шесто поглавје** е фокусирано на можностите за собирање средства и унапредување на ресурсите. Во ова поглавје се прикажани тековните извори на приходи на локалитетот, заедно со потребите за преземање превентивни мерки на заштита, изработка на конзерваторски проекти и нивната имплементација, унапредување на капацитетите и обуки, технички истражувања, документација и дигитализација, археолошки истражувања за потребите на конзерваторските активности, подобрување на искуството на посетителите и маркетинг, како и потенцијалните извори за нивно финансирање: владини тела, странски музеи и академски институции, европски фондови, фондации, корпорации, бизниси и индивидуални донатори. Поглавјето содржи и општи препораки за креирање стратегија за собирање средства, вклучувајќи и создавање тим и акциски план за собирање средства.

ГПЗ не предлага финални решенија, туку нуди мноштво препораки кои најмогу би му одговарале на локалитетот, притоа имајќи ги предвид различните политички, општествени и економски околности. Ова е единствен план од ваков вид во Република Северна Македонија. Сепак, тој не е изработен да служи само за Стоби, туку и за поширок круг на институции во регионот на Југоисточна Европа кои се надлежни за слични споменици на културата и работат под слични услови. Тимот кој беше вклучен во изработката на ГПЗ ќе смета дека успешно ја завршил својата работа ако овој документ ги инспирира останатите засегнати страни да развијат слични планови за повеќе локалитети во регионот, и со тоа да ја подобрат соработката меѓу менаџерите, политичарите, специјалистите и бизнис заедницата во корист на културното наследство и локалните заедници.

## 1.5. ПРИЗНАНИЈА

НУ Стоби и Фондацијата Балканско наследство ја изразуваат својата огромна благодарност и почит до сите учесници, до оние кои учествуваа во организација на активностите поврзани со изработката на ГПЗ, како и до Фондот „Џ. М. Каплан“ за инспиративната поддршка.



Семејството Каплан во посета на Стоби во 2018 г.



# 2 АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ - ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Ова поглавје содржи општи податоци за археолошкиот локалитет Стоби и неговиот правен статус во согласност со Статутот на НУ Стоби и законските уредби во Република Северна Македонија.**

## 2.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Назив:** Археолошки локалитет Стоби

**Адреса:** Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско, Република Северна Македонија

**Локација:** (сл. 1, 2) Археолошкиот локалитет Стоби се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, на утоката на Црна Река (Еригон) во Вардар (Аксиос), на 80 km од главниот град Скопје и 85 km од македонско-грчката граница. Локалитетот е лесно пристапен од коридорот Е-75 на меѓународниот автопат Тесалоника - Скопје - Белград и од регионалниот пат Градско - Неготино. Стоби е патна станица на железничката линија Скопје - Гевгелија. Локалитетот е во рамките на општина Градско, точно на границата со двете соседни општини, Неготино и Росоман. Најблиски градови се Градско, на оддалеченост од 4,5 km кон север, Неготино на 13 km кој југ, додека, пак, најблиското село, Паликура, се наоѓа на 2,5 km југозападно од локалитетот. Локалитетот е сместен во низински рурален предел во Средното Повардарје, близу до Тиквешкиот Регион, каде што земјоделството е главна економска гранка, кој изобилува со богато културно наследство: археолошки локалитети, средновековни цркви и манастири, музеи и исклучителни природни знаменитости, меѓу кои и резерватот за ретки птици на Тиквешкото Езеро. Двата региона се особено познати по лозарството и бројните винарски визби кои успешно работат на развивање на винскиот туризам.

**Картографски податоци:** (сл. 3) Археолошкиот локалитет Стоби се наоѓа во КО Градско, Имотен лист бр. 379, КП 844, 845, 846, 847, 848, 849, 850 и 865, со вкупна површина во рамките на оградата од 26.5 хектари.

• Географска ширина X 21° 58″ 57″′E; географска должина: Y 41° 33’’ 29″′N; надморска височина: 130-145 m.

**Тип на споменик:** Археолошкиот локалитет Стоби е комплексна археолошка споменичка целина со комбинирано архитектонско и археолошко културно наследство. Тој претставува урбана градска средина со јавни градби со профан и сакрален карактер и резиденцијални објекти со богата архитектонска декорација, некрополи и огромен фонд на движно културно наследство. Според Националната класификација на културното наследство,[1] локалитетот е класифициран како антички град (тип: 1.2.1.1.4).

1 „Сл. весник на РМ“ бр. 37/06.

**Датирање:** Повеќето од откриените градби датираат од 2. до раниот 7. век од н. е. (римски и доцноантички период). На локалитетот се откриени наоди и од постари периоди. Иако не се откриени во затворени целини, тие покажуваат дека локацијата била населена и во периодите на праисторијата и раната антика, односно во времето на енеолитот, доцното бронзено и раното железно време, во класичниот и хеленистичкиот период. На локалитетот се откриени наоди и структури и од средновековниот период (11. до 14. век).

## 2.2. АДМИНИСТРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

**Сопственост:** Археолошкиот локалитет Стоби е сопственост на Република Северна Македонија.

**Корисник:** Археолошкиот локалитет Стоби е предаден на користење на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-893/1 од 28.2.2009 г.[2]

**Одговорна институција:** Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби (краток назив: Национална установа Стоби / НУ Стоби), формирана со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-3992/1 од 26.8.2008.[3]

**Седиште и адреса:** Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско, Република Северна Македонија

**Дејности**:[4]

91.03 – заштита на историски места и знаменитости за посетители

91.02 - музејска дејност

Согласно со Одлуката на Владата за формирање, установата врши ископувања, конзервација, реставрација, презентација, популаризација, рехабилитација, одржување и целосно менаџирање со локалитетот.

**Намена:** Научна и туристичка презентација и експлоатација на културното наследство на Стоби.

**Статус на заштита:** Археолошкиот локалитет Стоби е прогласен за споменик на културата од национален интерес од прва категорија со Решение бр. 1038 од 27.7.1950 г., донесено од Централниот завод за заштита на културните споменици на Народна Република Македонија и Решение бр. 01-134/1 од 21.1.1976 г., донесено од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата на Република Македонија (денес НКЦ). Елаборатот за ревалоризација на археолошкиот локалитет Стоби бр. 09-105/3 од 11.4.2016 г. (ревидирана верзија бр. 09-399/1 од 18.12.2019 г.), како и Предлог-актот за прогласување на локалитетот за културно наследство од особено значење, поткатегорија „големо значење“ е предаден во УЗКН и чека одобрување од Националниот совет за културно наследство и Владата.

**Дозволи и ограничувања согласно со законите**: Во согласност со Законот за заштита на културното наследство,[5] Националната установа Стоби е обврзана да обезбеди дозволи од УЗКН, тело под надлежност на Министерството за култура за сите активности поврзани со археолошките истражувања и конзерваторските работи. Во рамките на оградениот простор на локалитетот не се дозволени никакви активности без претходно одобрение од Националната установа Стоби и УЗКН. Во Елаборатот за ревалоризација на археолошкиот локалитет Стоби се предложени мерки, ограничувања и режим за заштита во рамките на заштитеното добро и контактните зони, чија примена ќе започне по неговото усвојување.

2 „Сл. весник на РМ“ бр. 33/09.

3 „Сл. весник на РМ“ бр. 120/08.

4 Според Националната класификација на дејностите НКД. РЕВ. 2.

5 „Сл. весник на РМ“ бр. 20/04 ..20/19.



# 3 ОПИС И ЗНАЧЕЊЕ НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ

**Ова поглавје содржи краток историски преглед на античкиот град Стоби, како и краток опис на локалитетот, откриените градби, збирките на движно културно наследство и постоечките инфраструктурни објекти. Историскиот преглед на истражувањата, конзерваторските активности и институциите одговорни за неговото управување во изминативе 100 години се од исклучително значење за правилно разбирање на сегашната состојба на неговата зачуваност. Исто така, во ова поглавје се вклучени кратки објаснувања на критериумите и значењето на Стоби како културно наследство и режимот на заштита предложени во постоечкиот Елаборат за ревалоризација на локалитетот подговетен во 2016 г.**

## 3.1. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

Археолошкиот локалитет Стоби е најголемиот и најдобро сочуваниот антички град од римскиот и доцноантичкиот период на територијата на Република Северна Македонија (сл. 4-8). Тој претставува локалитет од првостепен национален интерес, со исклучително археолошко, историско, научно, уметничко, културно и економско значење и огромен потенцијал за туристичка презентација.

Стариот град Стоби бил најголемиот град во северниот дел на римската провинција Македонија, подоцна главен град на провинцијата Македонија Секунда и важен урбан, административен, трговски и религиозен центар во римскиот и доцноантичкиот период. Лоциран на исклучително важна позиција, на крстопатот на двата главни патни правци, вардарско-моравскиот (Тесалоника - Стоби - Сингидунум) и дијагоналниот пат (Хераклеја - Стоби - Сердика), градот ги имал сите предуслови за голем подем и развој.

**Хеленистички период** (доцен 3. - 1. век пр. н. е.): Првите историографски податоци за Стоби се среќаваат кај римскиот историчар Ливиј, кој забележал дека Филип V ги победил Дарданците во 197 г. пр. н. е. (Liv. XXXIII, 19, 3) во близина на пајонскиот стар град Стоби  (Liv. XXXIX, 53, 15-16). Во периодот по 168 г. пр. н. е., кога Римјаните го освоиле Македонското Кралство, Стоби припаднал на четвртата мерида и станал центар за извоз на сол кон север, односно кон Дарданија (Liv. XLV, 29, 13). По формирањето на римската провинција Македонија, Стоби бил најголемиот град во нејзиниот северен дел. На локалитетот нема сочувани и презентирани градби или други структури од овој период.

**Римски период** (1. - 3. век од н. е.): Трговијата со сол и поволната положба му овозможиле на Стоби постојан подем во следните векови под римска власт. Плиниј го забележал Стоби како *oppidum civium* Romanorum (Plin. Nat. Hist. IV, 10, 34), статус кој истражувачите сметаат дека го добил во времето на императорот Август и кој подразбира постоење заедница (conventus) на римски граѓани со *ius Italicum* во градот, покрај локалното население и останатите странци. Граѓаните кои уживале римско граѓанско право припаѓале на трибите *Aemilia* и *Tromentina*. Стоби прераснал во *municipium*, статус кој е забележан на парите исковани во Стоби од Веспазијан во 72/73 г. од н. е. и на неколку натписи

датирани во периодот од 1. до 3. век од н. е. Империјалното ковање пари во Стоби со мали прекини траело сè до времето на Каракала (198-217 г. од н. е.). Градот страдал во втората половина на 3. век од инвазијата на Готите и Херулите која се случила во 267-69 г. од н. е. и околу 300 г. кога бил оштетен од силен земјотрес. Овие настани, како и општата криза во Римската Империја биле причини за опаѓање на просперитетот на Стоби.

Раната римска фортификација на градот била изградена за време на владеењето на Август и опфаќала површина од 20 ha. Голема градежна активност се случила во раниот 2. век од н. е. која го дефинирала урбаниот лик на градот, главно, на долната и средната тераса. Неколку градби од овој период се делумно откриени, делумно конзервирани и презентирани за јавноста. На средната тераса се наоѓаат Театарот и Куќата на Полихарм чијшто северен дел бил адаптиран во Синагога, додека, пак, на долната тераса се наоѓаат Храмот на египетските божества Изида и Серапис, Градбата со арки (Библиотеката) и делумно откриената урбана вила наречена Каза Романа, лоцирана близу до Еригон, која не е достапна за посетители. Нивните грандиозни архитектонски решенија, употребените материјали и прекрасната мермерна, штуко, сликана и скулпторална декорација укажуваат на особено просперитетен град.

**Доцна антика** (4. - 6. / ран 7. век од н. е.) Во текот на 4. и особено во 5. век се случила голема градежна обнова на градот. Стоби станал епископско седиште во раниот 4. век. Будиос бил првиот забележан епископ од Стоби кој учествувал на Првиот екуменски собор во Никеја во 325 г. од н. е. Уште петмина епископи се познати од изворите или од сочуваните натписи. Во 388 г. од н. е., императорот Теодосиј го посетил Стоби и оттука издал два едикта кои се поврзани со религијата (CTh. 16.4.2, 16.5.15). Во 447 г. од н. е. градот страдал во нападите на Хуните, а подоцна двапати од Теодорих и Остроготите во 472 и 479 г. од н. е. Меѓу 482 и 535 г. од н. е. Стоби бил главен град на новоформираната провинција Македонија Секунда.

Повеќето од презентираните градби и денес видливите фортификации припаѓаат на доцноантичкиот период и биле изградени во 4. или 5. век и обновени во текот на 6. век. Новиот внатрешен бедем бил изграден во раниот 5. век на источната страна со што градската територија била намалена, додека, пак, центарот на градот бил преместен на средната и горната тераса. Некои од постоечките куќи биле реновирани (Куќата на Полихарм), но истовремено биле изградени големи резиденции со голем број простории организирани околу централен отворен двор со фонтани и базени, богато украсени со мозаици и мермерна архитектонска пластика. Тоа се: Куќата на Партениј, Теодосијанската палата, Куќата на Перистерија, т.н. Казино, Домус Фулоника и Епископската резиденција. На овој период припаѓаат и двете бањи и градската чешма.

Христијанството во голема мера влијаело на урбаниот лик на градот. Старата епископска базилика била изградена во доцниот 4. и реновирана во раниот 5. век од епископ Евстатиј. Во доцниот 5. век била изградена нова, поголема Епископска базилика, поставена на вештачка тераса на 4,5 m над старата црква. Во втората половина на 5. век уште три базилики биле изградени во рамките на градските фортификации: Северната базилика со крстилница, Цивилната базилика и Централната (Синагога) базилика и три надвор од ѕидините: Гробјанската базилика, базиликата Екстра Мурос и базиликата Транс Еригон. Остатоците од базиликата во Паликура се откриени на 2,5 km југозападно од Стоби.

Градбите биле издвоени со мрежа од улици кои веројатно ја следат урбаната шема на градот од римскиот период, некои од нив поплочени и врамени со колонади. Главниот комерцијален центар на градот со поголемите продавници и работилници бил преместен на горната тераса, наспроти Епископската базилика, долж Виа Сакра и околу Полукружниот плоштад. Голем дел од доцноантичкиот град наречен Станбен и комерцијален кварт, истражуван во 2009 и 2020 г. во југозападниот дел на локалитетот, се состои од скромни објекти кои биле во функција во текот на 6. век.

Градбите биле оштетени од земјотрес кој се случил во раниот 6. век, но биле поправени во текот на 520-тите години. Упадите на Словените и Аварите во втората половина на 6. век, земјотресите, бубонската чума во периодот на владеењето на Јустинијан која предизвикала депопулација, како и климатските промени, биле причини за опаѓање на моќта на градот во втората половина на 6. век и за неговото напуштање во раниот 7. век. Уште еден земјотрес го погодил градот кратко пред или по неговото напуштање.

**Средновековен период** (11. - 14. век): Последните историски извори кои го споменуваат името на градот се однесуваат на победата на византискиот император Василиј II над воениот гарнизон сместен во Стоби во 1014 г. Во текот на средновековниот период, на просторот на некогашниот град

егзистирала мала населба, судејќи по слоевите откриени на ограничен простор во југоисточниот дел од градот околу Храмот на Изида и во коридорите на напуштениот Театар. Над остатоците од Цивилната и Централната (Синагога) базилика е откриена мала некропола. Во следните векови Стоби паднал во заборав сè до втората половина на 19. век кога бил откриен.

## 3.2. КРАТОК ОПИС НА ЛОКАЛИТЕТОТ: ОТКРИЕНИ И ПРЕЗЕНТИРАНИ ГРАДБИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Археолошкиот локалитет Стоби е лоциран на три тераси кои постепено се спуштаат кон исток, односно кон Црна Река. Во рамките на градските бедеми се познати дваесет и три градби кои датираат од различни периоди: Театарот, Старата епископска базилика, Големата епископска базилика со Крстилница, Полукружниот плоштад, Станбено-комерцијалниот кварт од 6. век од н.е., Куќата со триклиниум, Домус Фулоника (исто така позната и како Северна палата или Ткајачка работилница), Епископската резиденција, т.н. Затвор, Теодосијанската палата, Куќата на Партениј, Куќата на Перистерија, Градската чешма, Големата бања, Куќата на Полихарм (позната и како Куќа на псалмите), Централната базилика изградена врз постарата Синагога, Малата бања, Цивилната базилика, Северната базилика (позната и како Базилика на Св. Јован), Градбата со арки (Библиотека), Каза Романа, т.н. Казино и Храмот на Изида и Серапис со околниот комплекс. Имињата на повеќето градби откриени во Стоби, освен тие кои укажуваат на нивната функција (на пр., Театар, Синагога) се дадени од страна на истражувачите во текот на ископувањата во 20. век и вообичаено се базираат на натписи или специфични наоди откриени во нив.

Видливите фортификации датираат од доцноантичкиот период и се откриени на северозападната, јужната и југоисточната страна каде што се наоѓа главната порта наречена Порта Хераклеја, делумно на источната и мал сегмент на северната страна. Уште една градска порта е откриена во 2010 г. во југоисточниот дел на градот. Улиците, исто така датираат од доцноантичкиот период: Виа Сакра, Виа Принципалис Супериор, Виа Принципалис Инфериор, Виа Теодосија, Виа Аксија, и новооткриената улица во југозападниот дел од градот која се двои од Виа Сакра и води кон север.

Надвор од градските бедеми, кон југ и југоисток се наоѓаат Гробјанската базилика и базиликата Екстра Мурос, а остатоците од Турскиот мост се видливи во Црна Река. Базиликата Паликура се наоѓа на 2,5 km кон југозапад.

Некрополите на Стоби се лоцирани на запад, југ и југоисток од градот, околу и во Гробјанската базилика, во правец кон селото Паликура и покрај северозападниот и југоисточниот бедем. На неколку локации во рамките на бедемите се откриени помали некрополи: хеленистичката некропола (3.-2. век пр. н. е.) е откриена под Куќата на Перистерија и Домус Фулоника; малата доцноантичка некропола е откриена над остатоците од Градбата со арки; малата средновековна некропола е откриена врз остатоците од Цивилната и Северната базилика.

Следниве градби во рамките на градските бедеми не се достапни за посетителите од разни причини (тековни ископувања, непреземени конзерваторски зафати или, пак, се надвор од востановената патека за посетителите): Станбено-комерцијалниот кварт од 6. век од н.е., Куќата со триклиниум, двете фази на Синагогата и Каза Романа. Гробјанската базилика, базиликата Екстра Мурос, базиликата во Паликура и Турскиот мост не се достапни за јавноста, додека, пак, остатоците од базиликата Транс Еригон денес не постојат.

**Влезови, патеки за посетители и паркинзи**: (сл. 9) Археолошкиот локалитет Стоби е пристапен од јужната и северната страна. Излезот од меѓународниот автопат Е-75 од јужната страна води директно кон паркингот кој не е соодветно поплочен и обележан за возила и кон главниот влез за посетители. На паркингот се наоѓа продавница за билети и сувенири, тоалети и кафетерија за топли и ладни пијалаци со неколку дрвени маси и клупи, како и метални држачи за паркирање велосипеди (сл. 10). Влезот во локалитетот е формиран во оштетен дел на бедемот со пристапна рампа достапна за лица со посебни потреби. Просторијата за чуварите е поставена внатре во бедемите на десната страна од влезот, додека, пак, на левата се наоѓаат големиот билборд на кој е прикажан планот на локалитетот и стариот киоск за продажба на билети кој веќе не е во употреба.

Вториот влез во локалитетот, до кој се доаѓа по регионалниот пат Градско - Неготино, се наоѓа на северната страна. Паркингот е асфалтиран, но не е соодветно обележан за возила. На паркингот се наоѓа стариот ресторан кој е во приватна сопственост и кој повремено се употребува за складирање. На оваа страна има две порти, од кои едната води директно до административните објекти, а втората до просторијата за чуварите и земјаната патека за посетители. На десната страна од втората порта се наоѓа Старата железничка станица (поранешниот музеј кој сега е затворен) и импровизираните хангари за складирање движен археолошки материјал.

Патеката за посетители започнува од главниот влез на јужната страна и води низ средината на локалитетот, меѓу долната и средната тераса, додека, пак, останатите патеки, главно, ги користат доцноантичките улици. Патеките се земјани или покриени со трева, а повеќето од градбите се оградени со метален синџир прикачен на ниски метални прачки. На страничните рабници долж улиците Виа Принципалис Супериор и Виа Принципалис Инфериор се поставени бекатон плочи. За посетителите кои ќе одлучат да го разгледуваат локалитетот без водич, патеките и насоките за движење се јасно обележани на информативниот леток кој го добиваат заедно со билетот. Како алтернатива, посетителите можат да ги следат упатствата и информациите за историјата на Стоби и презентираните градби преку аудио водичот за мобилни телефони достапен на два јазика: македонски и англиски.

## 3.3. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАЊАТА, КОНЗЕРВАЦИЈАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО ЛОКАЛИТЕТОТ

Археолошкиот локалитет Стоби го привлекол вниманието на научниците од средината на 19. век кога францускиот историчар и археолог Леон Езе прв го лоцирал градот на вливот на Црна Река во Вардар, следен од австрискиот филолог и дипломат Ј. Г. вон Хан. Подоцна, А. вон Премерштајн и Н. Вулиќ регистрирале голем број натписи и споменици во близина на локалитетот. Првите ископувања ги извеле војници на германската армија стационирана во Стоби во текот на Првата светска војна, а ископувањата траат сѐ до денес. Многу научници и институции биле вклучени во процесите да се разбере комплексната историја на градот и во зачувувањето на неговото наследство за идните генерации.

### КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА:

- **1917-1918 г.**: Др. Халд, кој служел како офицер во германската армија, ги започнал првите ископувања со кои ја открил базиликата во Паликура, Гробјанската и дел од Епископската базилика. Германскиот архитект Ф. Кришен, член на Македонската регионална комисија, ги продолжил ископувањата на Гробјанската и Епископската базилика. Наодите и документацијата се изгубени.

- **1924-1941 г.**: Народен музеј во Белград (Музеј на кнез Павле) (сл. 11-12). Многу истражувачи ископувале на локалитетот под покровителство на музејот во Белград: Б. Сарија (Љубљана), Р. Егер (Виена), Ѓ. Мано-Зиси, Ј. Петровиќ, В. Петковиќ, Ќ. Трухелка и архитектите Е. Дигве (Копенхаген), Џ. Студингер (Минхен), А. Магерле (Љубљана), Б. Несторовиќ и Ѓ. Бошковиќ (Белград). Тие работеле на откривање на Епископската базилика, Епископската резиденција, Виа Сакра и Порта Хераклеја, Театарот, Домус Фулоника, Централната (Синагога) базилика, Северната базилика, двете бањи, Затворот, Теодосијанската палата, Куќата на Партениј, Куќата на Перистерија и Казиното. Материјалот и документација биле изгубени во текот на Втората светска војна, иако можеби дел од документацијата е зачувана во музејот во Белград.

- **1955-1970 г.**: Археолошкиот музеј во Скопје и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата (подоцна НКЦ), вршеле ископувања во следните градби: Северна базилика, Цивилна базилика, Куќата на Полихарм, Куќата на Перистерија и Театарот. Документацијата и наодите кои биле чувани во Археолошкиот музеј во Скопје биле уништени во катастрофалниот земјотрес во 1963 г.

- **1970-1981 г.**: Американско-југословенскиот проект во кој биле вклучени Унивезитетот Тексас во Остин, подоцна Универзитетот во Бостон, Народниот музеј во Велес и Универзитетот во Белград,

се одвивал под покровителство на Институтот Смитсониан и Програмата за странски валути на САД, Фондацијата Форд и многу други. Со проектот раководеле Ѓ. Мано-Зиси и Џ. Вајзман, а подоцна Џ. Вајзман и Б. Алексова. Тимот вршел ископувања во веќе познатите градби: Театарот, Епископската базилика, Централната (Синагога) базилика и Домус Фулоника. Новооткриени структури биле деловите од внатрешниот источен бедем, Градбата со Арки (Библиотека), Каза Романа, крстилницата на Големата епископска базилика и Старата епископска базилика, како и дел од Западната некропола (сл. 13-14). Дел од документацијата се чува во НУ Стоби, НКЦ и Универзитетот во Бостон (копии), додека, пак, наодите, главно, се во Стоби, а некои се изложени во Археолошкиот музеј на Македонија.

• **1981-2001 г.**: Музејот на Македонија, Народниот музеј во Велес и РЗЗСК (НКЦ) вршеле истражувања на Стоби. Во текот на 1980-тите години Блага Алексова речиси целосно ја открила Старата епископска базилика. Дел од документацијата и наодите се чуваат во НУ Стоби. Во 1992 и 1995 г. се изведени големи заштитни ископувања на Западната некропола од страна на РЗЗСК (НКЦ) и Музејот на Македонија, под раководство на М. Ивановски, В. Санев, Ж. Винчиќ и З. Георгиев, организирани поради изградбата на меѓународниот автопат Е-75. Во текот на овие ископувања се откриени вкупно 1501 гроб, делови од доцноантичкиот субурбиум и базиликата Екстра Мурос (сл. 15-17). Дел од документацијата е во Археолошкиот музеј, а дел во НУ Стоби и НКЦ. Дел од наодите се во Археолошкиот музеј. Во 2000 г. д-р Е. Петрова го започнала проектот „Предримско Стоби" со голем тим од Музејот на Македонија, кога биле истражувани Епископската резиденција, Домус Фулоника, Куќата на Перистерија, Цивилната базилика, а неколку сонди биле поставени и на северозападниот дел на највисоката тераса.

• **2001-2009 г.**: Националниот конзерваторски центар (НКЦ) изведувал истражувања во Казиното, Полукружниот плоштад, Куќата на Перистерија, Епископската базилика и Театарот. Со истражувањата раководеле З. Георгиев, В. Калеова, М. Велчовски, М. Ивановски, В. Маленко и др. Дел од документацијата се чува во НУ Стоби и НКЦ, а наодите се во НУ Стоби. Меѓу 2003 и 2008 г., Музејот на Македонија со поддршка на НВО „CISS" од Палермо, Италија, изведувал систематски истражувања на Градбата со арки (Библиотека) во рамките на проектот наречен „Римски форум", раководен од д-р Е. Петрова и М. Шурбаноска (сл. 18-19). Дел од документацијата и наодите се наоѓаат во НУ Стоби и Археолошкиот музеј. Во 2008 г. Музејот на Македонија започнал со систематски истражувања на југоисточниот дел од градот, со кои е откриен Храмот на Изида и дел од источниот внатрешен бедем, раководени од С. Блажевска. Наодите и документацијата се во НУ Стоби.

• **2009 г. - до денес**: Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби (НУ Стоби), под раководство на С. Блажевска со вклучен голем тим археолози изведува големи систематски истражувања на Театарот, Епископската базилика, Куќата на Перистерија, Полукружниот плоштад, Градбата со арки и Западната некропола (сл. 20-21). Новооткриени градби во овие истражувања се: 325 m од северозападниот бедем со 5 кули и околу 280 погребувања долж бедемот, Станбено-економскиот комплекс од 6. век откриен на повеќе од 7000 откриен на повеќе од 7000 m$^2$ вклучувајќи ја и Куќата со триклиниум, Храмот на Изида и Серапис со околниот комплекс откриен на околу 2000 m$^2$, продолжението на југоисточниот бедем и новата порта. Просторот меѓу Теодосијанската палата и Затворот е истражуван во рамките на меѓународната теренска школа за археологија во соработка со Фондацијата Балканско наследство (Стара Загора, Бугарија) (сл. 22-23). Почнувајќи од 2014 г., Г. Павловски ги раководи истражувањата на Театарот, од 2018 г. Ј. Радњански раководи со истражувањата источно од храмот, а од истата година З. Кованцалиев раководи со истражувањата на просторот меѓу Теодосијанската палата и Затворот. Наодите и документацијата се во НУ Стоби, освен неколку наоди кои се изложени во постојаната поставка на Археолошкиот музеј.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ АКТИВНОСТИ**:

• **1930-1940 г.**: Првите конзерваторски активности на откриените градби се преземени во 1930-тите години кога круништата на ѕидовите биле покриени со цементни капи, а мозаиците со тер хартија и песок. Нема зачувани извештаи од овие зафати.

• **1950-ти години**: Најраниот запишан податок за конзерваторски активности претставува извештајот од 1955 г. кој се однесува на третман изведен на фреските во Епископската базилика

и Куќата на Партениј. Двајца конзерватори извршиле in situ конзервација со инјектирање на фреските со казеинско млеко мешано со песок и мермерно брашно.

• **1960-ти години**: Во текот на 1960-тите години била изведена конзервација на ѕидовите и подовите на Големата бања, Градската чешма, Малата бања, Централната (Синагога) базилика и Куќата на Полихарм. Распаднатите песочници биле заменети со слични локални песочници, а биле употребени и нови тули и малтер што содржел сив цемент. Исто така, мозаикот во триклиниумот во Куќата на Полихарм бил конзервиран во 1960-тите години.

• **1970-ти години**: Во 1972 г., во текот на американско-југословенскиот проект, се изведени повеќе конзерваторски зафати, процена на состојбата на сите мозаици и конзервација на фреските од Домус Фулоника и штуко декорацијата од Каза Романа. Третманот на фреските бил изведен со казеинско млеко, вар, песок и мермерно брашно. Откриените фрагменти од ѕидното сликарство во Каза Романа биле повторно вратени на ѕидовите, а потоа, во 1974 г., целата ѕидна декорација е отстранета и складирана во хангарите на локалитетот. Тие биле конзервирани во 1975 г. со употреба на казеинско млеко, вар, песок и поливинил ацетат и биле поставени на платно прикачено на дрвени носачи. До 1980 г. била изведена превентивна конзервација на откриената фрескодекорација во Крстилницата и Епископската базилика, и на откриените фрагменти од ѕидната декорација во Синагогата, Домус Фулоника и Цивилната базилика.

Во текот на 1970-тите години повеќето мозаици во Стоби добиле конзерваторски третман, вклучувајќи ги и мозаиците од Епископската базилика, Крстилницата, Синагогата, Теодосијанската палата, Куќата на Партениј, Куќата на Перистерија, Градбата со арки (Библиотека), Казиното и Северната базилика. Мозаичните подови во јужниот брод на Епископската базилика и мозаикот во Градбата со Арки (Библиотека) и источно од бедемот, како и во Синагогата, биле подигнати од оригиналната положба. Другите мозаични подови биле подложени на превентивна конзервација која вклучувала опшивање на рабовите, зацврстување на тесерите и пополнување на оштетените делови со малтер. Составот на употребениот малтер не е познат. Мозаиците од јужниот брод во Епископската базилика и Синагогата биле поставени на цементна подлога и изложени близу просторијата на чуварите на северната страна на локалитетот.

Конзервацијата на градбите во текот на 1970-тите години ја изведувал РЗЗСК, кога биле преземени интервенции на внатрешниот источен бедем, северниот ѕид на Градбата со арки, источниот надворешен ѕид на Куќата на Перистерија и ѕидовите на Епископската базилика. Видливите сегменти од бедемот биле конзервирани и реставрирани со употреба на локален песочник како автентичен материјал и малтер кој содржел цемент, вар и песок во сооднос 1:2:3. Малтерот употребен во Епископската базилика содржел цемент, вар и песок во сооднос 1:1:4, додека, пак, малтерот користен за пополнување на фугите се состоел од цемент, песок и толчена тула во сооднос 1:1:1.

• **1980-ти години**: Конзерваторските активности ги изведувал РЗЗСК и Народниот музеј во Велес. Реставрацијата на ѕидовите на Домус Фулоника била завршена во неколку сезони од 1980 до 1985 г. при што бил употребен автентичен камен песочник и нов малтер составен од цемент, вар и песок во соодност 1:2:5. Во 1983 г. била изведена превентивна конзервација на јужниот ѕид на Куќата на Перистерија со непознат состав на малтерот. Превентивна конзервација била изведена на ѕидовите на Епископската базилика и Казиното. Во 1986 и 1987 г. биле конзервирани ѕидовите на нартексот и атриумот на Централната (Синагога) базилика со употреба на локален песочник и нов малтер составен од цемент, вар и песок во сооднос 1:2:3. Превентивна конзервација била изведена и на мозаичните подови во Теодосијанската палата, Куќата на Полихарм, Епископската базилика и Синагогата. Нема сочувани детали за активностите. Превентивна конзервација била изведена и на фреските од Старата епископска базилика. Во 1984 и 1985 г. била изградена големата покривна конструкција над Епископската базилика.

• **1990-ти години**: Конзерваторските зафати биле изведени од РЗЗСК. Конзервацијата на Централната (Синагога) базилика продолжила во 1990, 1991 и 1994 г. без особени измени во проектните активности. Во 1996 и 1998 г. биле преземени конзерваторски активности на Театарот, со кои бил реставриран задниот ѕид на скенската зграда од третата фаза и ѕидовите на трите централни простории во скенската зграда. Реставрацијата била изведена со употреба на локален песочник и малтер составен од цемент, вар и песок во сооднос 1:2:6 на задниот ѕид и 1:1:4 на ѕидовите на просториите. Во исто време, оштетените делови на ѕидовите во западниот

радијален коридор биле покриени со цемент, а сличен третман добил и сводот. Закосениот сегмент на сводот бил зајакнат со цемент. Арката на третиот циркуларен ѕид во овој дел била реставрирана, а горната страна на сводовите зајакната со заштитен слој од цемент. Во 1992 г. била изведена превентивна конзервација (зацврстување на тесери) и отстранување на мозаикот од наосот на Старата епископска базилика. Работите на мозаикот продолжиле во 1998 г., при што била исчистена реверсната страна на бројните фрагменти од стариот малтер. Во 1999 и 2000 г. нова превентивна конзервација била изведена на фреските сочувани на северниот ѕид на Старата епископска базилика. Конзервацијата подразбирала и отстранување на старите опшивки, механичко и хемиско чистење, инјектирање, поставување на нови опшивки и фиксирање на сликаниот слој.

• **2000-ти години**: Конзерваторските зафати биле изведени од РЗЗСК. Меѓу 2000 и 2004 г. фрескодекорацијата во Старата епископска базилика била одвоена од ѕидовите и складирана во хангарите (сл. 24). Откриените фрагменти од фрескодекорацијата во базиликата Екстра Мурос биле конзервирани и поставени на дрвени носачи. Во 2004 и 2005 г. во Стоби била преземена голема конзерваторска кампања кога биле конзервирани ѕидовите на повеќе градби, вклучувајќи ја Епископската резиденција, Полукружниот плоштад, Теодосијанската палата, Куќата на Перистерија, Централната (Синагога) базилика, Казиното и Цивилната базилика. Конзервацијата и реставрацијата вклучувале употреба на локален песочник и непознат состав на малтер базиран на цемент. Некои од конзервираните ѕидови кои имале кал како врзивно средство биле реставрирани со розов малтер на фугите. Документацијата за овие конзерваторски зафати се чува во НКЦ и не постојат копии во НУ Стоби. Во текот на проектот за истражување на Градбата со арки биле изведени превентивни зафати на ѕидната декорација сочувана in situ и конзервација на мозаикот од втората фаза на градбата, откриен западно од бедемот. Мозаикот бил подигнат, стариот малтер исчистен и вратен назад на оригиналната позиција на нова подлога. Преземените активности и употребените материјали се опишани во публикацијата *Forum Romanum Stobis* II, објавена во 2010 г.

• **2009 г. - до денес**: Конзерваторските проекти од 2009 г. до денес ги изведува НУ Стоби. Во изминатите 12 години се преземени различни проекти за конзервација на архитектура, ѕидна декорација и мозаици. Конзерваторски зафати на архитектонски остатоци се изведени на следните градби: Куќата со триклимиум во 2011 г. (сл. 25), Храмот на Изида во 2012 г., на Театарот секоја сезона почнувајќи од 2013 г. и на Полукружниот плоштад во 2018 г. Ѕидовите на Храмот и Куќата со триклимиум се реставрирани со употреба на локален песочник и малтер составен од сив цемент со додаток на пигменти. Сводовите на подземните простории во Храмот се конзервирани со сив цемент и лепило за плочки. Конзервацијата на Театарот е изведена со локален песочник и малтер составен од бел цемент, вар и песок во сооднос 1:1:3. Два дела од два посебни сводови се инјектирани со варов малтер и зајакнати со карбонско платно од горната страна (сл. 26). Реставрацијата на ѕидовите на Полукружниот плоштад е изведена со локален песочник и малтер составен од сив цемент и пигменти.

Конзервацијата на ѕидното сликарство од Старата епископска базилика беше изведена во периодот меѓу 2010 и 2012 г. (сл. 27). Фреските кои беа одвоени од ѕидовите во 2004 г. беа реконзервирани и поставени на алуминиумско саќе. Новооткриените полиња од фрескодекорацијата на јужниот ѕид на Старата базилика беа одвоени од ѕидот во 2019 г. Неколку мали фрагменти од фрескодекорација, кои, главно, припаѓаат на Големата епископска базилика се конзервирани за време на конзерваторските работилници организирани од 2011 г. наваму.

Повеќе мозаични подови се конзервирани почнувајќи од 2009 г. Во 2009 и 2010 г. е изведена превентивна конзервација на поплочувањето во опус сектиле во двете апсидални простории на Градбата со арки (Библиотека). Во 2010 г., мозаикот во источниот триклиниум на Куќата на Перистерија е подигнат од подот, реверсната страна е исчистена од стариот малтер, по што извадените парчиња од мозаикот се поставени на нова малтерна подлога и алуминиумско саќе. Во 2012 г., целиот мозаик е вратен во оригиналната позиција на нова цементна подлога. Во текот на овие активности е реконструирана фонтаната во средината на триклиниумот. Во 2012 г. е изведена конзервација на мозаикот во просторијата 2 и дел од мозаикот во северниот коридор во Теодосијанската палата (сл. 28). Тие се подигнати, исчистени, поставени на нова малтерна подлога и алуминиумско саќе, по што парчињата се вратени во просторијата без спојување. Во 2012 и 2013 г., фрагментите од мозаикот во наосот на Старата епископска базилика кои биле подигнати од

подот во 1990-тите години, се поставени на нова малтерна подлога и алуминиумско саќе (сл. 29). Во 2014 г. целиот мозаик е вратен во наосот на базиликата и е поставен врз челична конструкција. Во 2012 г. мозаикот во нартексот на Големата епископска базилика е подигнат од подот и по изведените конзерваторски зафати во 2016 г. е вратен во оригиналната позиција. Фрагментите се поставени на алуминиумско саќе и подлога од варов малтер. Истата година, зачуваните фрагменти од постарата фаза на мозаикот во нартексот се подигнати и складирани во депото. Во 2017 и 2018 г. е изедена *in situ* конзервација на мозаикот во Крстилницата на Големата епископска базилика, како и анастилоза на конзервираните и реставрирани столбови од балдахинот над писцината (сл. 30-31). Мермерниот кантарос кој е конзервиран и реставриран во 2012 г., е вратен назад во писцината. Во 2018 г., фрагментите од двете фази на мозаичниот под во јужниот брод на Големата епископска базилика се конзервирани, реставрирани и поставени на нова малтерна подлога.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЛОКАЛИТЕТОТ:**

• Најраните податоци за надлежност над археолошкиот локалитет Стоби потекнуваат од 1918 г. кога Ф. Кришен добил официјална дозвола од Б. Филов, тогашниот директор на Националниот музеј во Софија, да ги започне првите систематски ископувања во Стоби.

• Во меѓувоениот период (1918-1939 г.), Народниот музеј во Белград (Музеј на принц Павле) раководел со истражувањата и превентивната конзервација на откриените ѕидови и мозаици во Стоби.

• По Втората светска војна, Општина Велес го формирала т.н. Одбор за Стоби, кој ги носел важните одлуки во врска со истражувањата и заштитата на локалитетот.

• Од 1970 до 2001 г. Народниот музеј во Велес бил одговорен за ископувањата, одржувањето и движниот археолошки материјал, додека, пак, конзерваторските активности биле во надлежност на РЗЗСК (НКЦ).

• Од 2001 до 2009 г. локалитетот бил под целосна надлежност на НКЦ, кога бил назначен управник кој се грижел за локалитетот, вклучувајќи го и неговото одржување и туристичка презентација, додека, пак, истражувањата и конзервацијата биле под контрола и управување на НКЦ.

• 2009-до денес менаџирањето на локалитетот е во надлежност на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби (НУ Стоби), која е одговорна за сите активности на локалитетот (ископувања, конзервација, одржување, заштита и презентација).

## 3.4. КРАТКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ИСТОРИСКОТО И КУЛТУРНО ЗНАЧЕЊЕ НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ

**Значење/вредност:** Археолошкиот локалитет Стоби има исклучително научно, општествено и симболично значење за проучување на културната историја и идентитетот на популациите кои во минатото живееле на територијата на Република Северна Македонија. Античкиот град Стоби има голема историска, научна, општествена, уметничка и духовна вредност за минатите, сегашните и идните генерации. Големиот број различни градби и предмети, нивната релативно добра сочуваност и особено контекстуалниот пристап во нивното истражување, нудат извонредни можности за проучување, разбирање и презентација на историјата, архитектонските, уметничките и занаетчиските достигнувања, на религијата, урбаниот развој, економијата и трговските врски, погребните ритуали, домувањето и секојдневниот живот на луѓето во минатото. Архитектонските решенија на некои градби и нивната архитектонска и скулптурална декорација претставуваат вистински ремек-дела на архитектурата и уметноста, додека, пак, стилските особености укажуваат на фактот дека Стоби бил град во кој се преплетувале источните и западните традиции на Римската империја, создавајќи на тој начин единствен спој.

Заштитата на археолошкиот локалитет Стоби во неговото природно опкружување, како и соодветната презентација имаат големо општествено значење за презентација на целокупното македонско

културно наследство. Локалитетот во голема мера придонесува за развој на културниот туризам и несомнено има влијание врз економскиот развој на земјата и околните локални заедници и општини. Различното богато наследство на античкиот град, неговата локација и пристапноста, претставуваат солидна основа за негов одржлив развој. Локалитетот има голема улога во едукацијата на граѓаните, особено на помладите, за нивната сопствена историја и култура, како и во подигнувањето на свеста за негово сочувување за идните генерации.

Археолошкиот локалитет Стоби ги исполнува следните критериуми за да биде прогласен за споменик на култура од особено значење, поткатегорија големо значење, како што е предложено во поднесениот Елаборат за ревалоризација на локалитетот. Валоризирањето на археолошкиот локалитет Стоби на национално ниво го отвора патот кон неговата кандидатура на тентативната листа на УНЕСКО за светско наследство.

• **Автентичност:** Повеќето од откриените градби на археолошкиот локалитет Стоби ги зачувале автентичните карактеристики, оригиналните облици и концепти во состојбата во која биле откриени. Преземените конзерваторско-реставраторски активности на некои градби не ја нарушиле автентичноста на оригиналните остатоци, употребените материјали и техники во ѕидаријата и подната декорација, освен во употребата на врзивните средства (малтери) во текот на конзервацијата.

• **Интегритет:** Покрај фактот што различните градби со јавен и резиденцијален карактер издвоени со мрежа на улици и обиколени со масивната фортификација датираат во широк временски период од речиси шест векови, тие претставуваат унифицирана и добро поврзана споменичка целина. Ова претставува одлична можност за проучување и презентација на урбаното планирање и развој на градот во текот на римскиот и доцноантичкиот период. Локалитетот е одлично вклопен во околниот природен амбиент на сливот на двете реки. Просторот на античкиот град не бил населен по средновековниот период и единствени модерни структури кои го нарушуваат природниот предел се автопатот Скопје - Тесалоника на јужната, како и регионалниот пат и железничката пруга на северната страна на локалитетот. Од друга страна, тие обезбедуваат одлична пристапност до локалитетот за туристичка презентација што е од голема корист за неговиот одржлив развој.

• **Разноликост:** Откриените архитектонски остатоци покажуваат разноликост во однос на типот на градбите и нивната функција, вклучувајќи простор за забава (Театарот) и други структури од јавен карактер кои го покажуваат разновидниот општествен живот во градот: библиотеки, бањи и религиозни светилишта (Храмот на Изида, Синагогата и црквите). Бројните приватни, богато декорирани резиденции покажуваат поголема разноликост во декорацијата, отколку во архитектонскиот концепт и внатрешното уредување на просторот.

• **Реткост/единственост:** Некои од откриените градби се единствени поради своите архитектонски или декоративни решенија и нивната функција. Во Театарот, во раниот 2 век од н. е. се комбинирани архитектонските решенија на западните и источните типови на театри, но и елементи од амфитеатрите. Градбата со арки (Библиотека), според архитектонскиот концепт, декоративните елементи, функцијата и степенот на зачуваност на оригиналните облици, претставува единствен пример на градба од овој вид во поширокиот регион. Синагогата е единствен зачуван сакрален објект кој припаѓа на еврејската заедница од овој период на територијата на Република Северна Македонија, која не е изградена во препознатливиот архитектонски облик типичен за античките синагоги, туку е адаптиран дел од приватна куќа кој служел за оваа намена. Храмот на Изида е единствен храм посветен на египетските божества на територијата на Република Северна Македонија, кој, според обликот, претставува типичен римски храм, но со уникатни подземни простории. Старата епископска базилика е најстарата христијанска црква откриена на територијата на Република Северна Македонија, во која во значителен степен е зачувана уникатна ѕидна декорација.

## 3.5. КРАТКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ: ЗАШТИТЕНО ДОБРО И КОНТАКТНИ ЗОНИ И РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

Актот за прогласување на археолошкиот локалитет Стоби за споменик на културата (бр. 01-134/1 од 1976 г.) ги вклучува под заштита само дотогаш откриените градби, и во него не постојат контактни зони, ниту прецизен режим на заштита.

Во Имотниот лист бр. 379 (КО Градско) се вклучени следните КП: 844, 845, 846, 847, 848, 849, 850 и 865, со вкупна површина од 26.5103 $m^2$. На КП 844/1 се построени 13 модерни структури (бараки и еднокатни објекти - просторијата за чуварите и Старата железничка станица (поранешниот музеј) со вкупна површина од 636 $m^2$. Четирите бараки (депоа и лабаратории) се подоцна додадени во сопственост на НУ Стоби и се запишани во Имотен лист бр. 1308 (КО Градско) и Имотен лист бр. 486 (КО Паликура).

### ЗАШТИТЕНО ДОБРО И КОНТАКТНИ ЗОНИ (ОД ПОСТОЕЧКИОТ ДОКУМЕНТ ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ (сл. 32)

**Заштитеното добро** - археолошки локалитет Стоби за кое е предложен прв степен на заштита, го вклучува целиот локалитет во оградениот простор, Гробјанската и базиликата Екстра Мурос надвор од градските бедеми (обележано со розева боја на планот). Границите на заштитеното добро се: Црна Река на исток, регионалниот пат Градско - Неготино на север, меѓународниот автопат на југ и спојот меѓу меѓународниот и регионалниот пат на запад. Вкупната површина на заштитеното добро опфаќа 266230.18 $m^2$. Заштитеното добро е во државна сопственост и нема други проблеми или пречки од правна природа. Единствен проблем од правна природа кој треба да се реши во скоро време е градбата на северната страна, веднаш до влезот (стариот ресторан Стоби, кој сега не е во функција) и кој е во приватна сопственост. Заштитената зона е проширена за да обезбеди максимална заштита на античкиот град и откриените градби, како и на неговиот природен амбиент.

За двете **контактни зони** околу локалитетот е предложен трет степен на заштита, освен за Гробјанската базилика и базиликата Екстра Мурос, за кои е предложен прв степен на заштита. Контактната зона 1 го обиколува заштитеното добро од три страни, освен од исток. Се протега на поголема површина на југ затоа што на тој простор се шири некрополата на градот. Контактната зона 2 е на исток од заштитеното добро и го опфаќа тесниот појас покрај десниот брег на Црна Река. Вкупната површина на двете контактни зони изнесува 389 184 $m^2$. Границите на контактните зони се одредени да го сочуваат интегритетот на автентичното историско опкружување, природната средина и пејзажот околу локалитетот во неговата сегашна состојба и да ги заштити откриените археолошки појави.

### РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

Првиот степен на заштита значи заштита и зачувување на локалитетот во согласност со неговиот одржлив развој преку примена на следните мерки на заштита: ископување и недеструктивни методи на истражување, конзервација, реставрација, превентивна конзервација, додека, пак, анастилоза, адаптација и ревитализација е дозволена само во исклучителни случаи со цел да се постигне подобра заштита и презентација на локалитетот. Целосна реконструкција на откриените градби е забранета.

Конзервација е дозволена на сите ископани градби, а реставрација во исклучителни случаи, кога за тоа постојат сигурни елементи. Адаптација на градбите за употреба е дозволена само на Епископската базилика, ревитализација само на Театарот. Трајни покривни контрукции се дозволени во исклучителни случаи, кога е неопходна заштита на кревките декоративни елементи и само ако не го нарушуваат природниот предел и визура на локалитетот. Привремени покривни конструкции се дозволени на секоја градба доколку се неопходни во текот на реализацијата на проектите, но не и по нивното завршување.

Останатите мерки се фокусирани на подобрување на презентацијата на локалитетот или работните услови на вработените, без притоа да се оштети културното наследство или да се наруши природниот

амбиент. Изградба на нови објекти е забранета, освен реновирање и реконструкција на постоечките инфраструктурни и административни објекти без измени на нивната висина.[1]

Третиот степен на заштита во контактните зони дозволува изградба на објекти за живеење и други објекти за туристи, односно објекти за туристичка презентација на локалитетот, со ограничување на нивната висина. Режимот на заштита, исто така, подразбира ограничувања во земјоделските активности во контактните зони.

## 3.6. ПОСТОЕЧКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ (сл. 9):

Административните и сместувачките објекти, како и депоата и лабораториите се наоѓаат на северната страна на локалитетот, на долната тераса, во близина на Црна Река.

• Две административни бараки: првата (поставена во 1992/1995 г., реновирана во 2008 г., со површина од 85 m$^2$), која се наоѓа во близина на влезот од страната на регионалниот пат Градско-Неготино, содржи канцеларии за документаторите. Втората барака (изградена во 1963 г., реновирана во 2008 г., со вкупна површина од 155 m$^2$ заедно со подрумската просторија), вклучува канцеларија за директорот, канцеларија за администрацијата, три канцеларии за археолози-кустоси и библиотека, додека, пак, депо 2 е сместено во подрумската просторија и во него се чува музејскиот инвентар.

• Три бараки за сместување: (сл. 33) (поставени во 1970-тите години, реновирани во 2008 г.) секоја барака има 4 соби и 2 бањи со тоалет. Бараките служат за сместување на членовите на тимовите во време кога се реализираат проектите (секоја барака е со површина од 98 m$^2$).

• Една трпезарија, 1 кујна и 2 помошни простории (изградени во 1990-тите години, делумно реновирани во 2010 и 2018 г.).

• Една барака за сместување со 4 соби и 1 бања со тоалет (поставена во 1992/1995 г., реновирана во 2020 г.).

• Една барака со 4 соби и 1 бања со тоалет (поставена во 1992/1995 г., реновирана во 2020 г.) во која се сместени канцеларии и лаборатории за конзерваторите за керамика и стакло, за метал, камен и за мозаик.

• Две бараки - депоа (поставени во 1992/1995 г., не се реновирани). Три простории од првата барака (472 m$^2$) се употребуваат за чување на фрески и камени споменици, а четвртата, поголема просторија, служи како лабораторија и работна просторија за обработка на движен археолошки материјал во време на реализацијата на проектите.

• Една барака (поставена во 2010 г., не е реновирана) која се употребува за складирање на алат и за конзервација на фрески и мозаици.

Останатите инфраструктурни објекти се лоцирани на северната страна, близу до регионалниот пат Градско - Неготино.

• Просторија за чуварите (нема информации кога е изградена).

• Стара железничка станица (изградена во 1920-тите години), со 2 простории и вкупна површина од 150 m$^2$. Помалата просторија била употребувана како изложбен простор (мал музеј формиран во 1972 г. кој бил во функција до 2009 г.), додека, пак, поголемата просторија служела како депо за движен материјал. Јужно од неа има неколку импровизирани депоа (еден хангар направен од лимени табли и простор заграден со мрежа).

1 Овие мерки подразбираат вклучување на локалитетот во државните урбанистичко-просторни планови или изработка на урбанистички план за археолошкиот локалитет Стоби како место од посебен национален интерес. Планот треба да се изработи по усвојувањето на Елаборатот за ревалоризација на локалитетот.

## 3.7. РЕЗИМЕ НА ЗБИРКИТЕ НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Предметите откриени со археолошките истражувања се поделени и евидентирани во две категории во теренската археолошка документација: теренски инвентар и студиски материјал. Теренскиот инвентар вклучува целосно сочувани предмети или фрагменти кои се важни за стратиграфската слика и определувањето на хронологијата на слоевите во кои се откриени, додека студискиот материјал содржи главно фрагменти.[2] Од издвоените предмети во теренскиот инвентар, кустосите селектираат предмети кои ќе добијат статус на музејски предмети, додека останатите, заедно со студискиот материјал, добиваат статус на музејски материјал.[3]

Бидејќи НУ Стоби го наследи локалитетот без музејска документација (освен теренски инвентарни картони кои се некомплетни), инвентарирањето и евиденцијата на движниот археолошки материјал сѐ уште е во процес на работа. Според евиденцијата, до 31 декември 2019 г., во музејската влезна книга се внесени 41 158 влезни броеви. Секој влезен број се однесува на кеса (баскет) со наоди која содржи различен број на цели предмети или фрагменти (обично меѓу 1 и 400 фрагменти). Во моментов тешко е да се процени вкупниот број фрагменти во студискиот (односно музејскиот) материјал.

Од нив, 4625 се инвентарирани предмети со музејски инвентарен број, изработени од керамика, стакло, различни метали (бронза, бакар, сребро, злато и друго), камен (мермер и други видови полускапоцени и скапоцени камења), коска и дрво. Тие се поделени во три главни збирки: предримски период (која вклучува и наоди од праисториските периоди), римски период и доцна антика (која вклучува средновековни предмети). Постојат и две издвоени збирки: збирка нумизматика и збирка камени споменици во која се вклучени скулптури, релјефи, натписи, архитектонска пластика итн., како и фреските и мозаиците кои се одвоени од недвижноста на која припаѓаат и фрагменти кои се најдени при ископувањата. Тие се депонирани во пет бараки и други импровизирани објекти кои се употребуваат како депоа. Освен подрумската просторија во административната барака (депо 2) која е со поплочен под и има повеќе или помалку соодветни полици и фиокари и безбедносни мерки (видеонадзор, алармен систем и регулатор на влага), останатите се несоодветни за чување на движно археолошко наследство.

Некои од предметите биле конзервирани во минатото (особено во 1970-тите години, во текот на американско-југословенскиот проект за Стоби). Конзервацијата на разните предмети е процес кој трае уште од формирањето на НУ Стоби во 2009.

Предметите откриени во Стоби не се изложени и не се достапни за посетителите бидејќи проектот за адаптација на Старата железничка станица во Центар за посетители сѐ уште чека на финансиски средства за реализација. Проектот опфаќа изложбен простор внатре во објектот и лапидариум за мермените предмети во дворот. Проект за посебна музејска зграда на локалитетот не е изработен.

## 3.8. ПОСТОЕЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗВОРИ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- **1917-1918 г.**: Археолошкиот материјал и целата документација се изгубени.
- **1923-1941 г.**: Документацијата е изгубена во Втората светска војна; дел можеби постои во музејот во Белград, но нема информација за квалитетот и квантитетот. Единствените достапни информации се наоѓаат во публикуваните извештаи.
- **1955-1970 г.**: Документацијата која се чувала во Археолошкиот музеј во Скопје е изгубена во земјотресот во 1963 г. Мал дел од документацијата (неколку теренски дневници) се чува во НУ Стоби, додека, пак, останатите информации можат да се најдат главно во публикуваните извештаи.

2 Закон за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ“ бр. 20/04...20/19); Правилник за археолошки истражувања („Сл. весник на РМ“ бр. 111/05) .

3 Закон за музеите („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04...39/16); Правилник за музејска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 72/06) и други правилници уредени со Законот за музеите.

• **1970-1980 г.**: Делови од документацијата се во НУ Стоби, НКЦ и на Универзитетот во Бостон (копии). Теренските дневници, техничката и фотодокументацијата, како и извештаите од американско-југословенскиот проект за истражување на Стоби меѓу 1970 и 1981 г. се чуваат во НУ Стоби, но документацијата не е целосна. Дел од техничката документација и оригиналната фотодокументација (негативи и слајдови) се чуваат на Универзитетот во Бостон.

• **1981-1988 г.**: Дел од документацијата се чува во НУ Стоби.

• **1992 и 1995 г.**: Дел од документацијата се чува во НУ Стоби и НКЦ.

• **2000 г.**: Дел од документацијата се чува во НУ Стоби и веројатно во Археолошкиот музеј.

• **2001-2009 г.**: Дел од документацијата се чува во НУ Стоби и НКЦ.

• **2003-2008 г.**: Дел од документацијата се чува во НУ Стоби и НКЦ

• **2008-2019 г.**: Документацијата се чува во НУ Стоби. Од истражувањата и конзерваторските зафати во периодот од 2008 до 2019 г. постои обемна дескриптивна, техничка и фотодокументација која се чува во НУ Стоби. Целата документација во скенирана форма се чува на серверот во НУ Стоби и е достапна во просториите на установата, додека, пак, дел од техничката документација е дигитализирана.

**Документација во НУ Стоби:**

**Дескиптивна документација од археолошките истражувања и конзерваторските зафати:**

• 254 теренски дневници со опис на археолошките ископувања и конзерваторските зафати од 1963 до 2010 г.;

• 55 регистратори со контекстуални локус листи од ископувањата меѓу 2008 и 2018 г.;

• 9 регистратори со теренски дневници и извештаи од 1962 до 1991 г. и 17 регистратори со извештаи од конзерваторско-реставраторски проекти за градбите, мозаиците и фреските, од 2010 до 2018 г.

**Фотодокументација:**

• 10 регистратори со фотодневници, контакт копии од 1970-1975 г., и 1980-1987 г., 194 ролни со негативи, 14 микрофилмови, како и многу негативи без информации; 6 фотокниги, 4 фотоалбуми; обемна дигитална фотодокументација од 2008 до 2019 г. се чува на серверот во просториите на НУ Стоби.

**Техничка документација:**

• Во НУ Стоби постои обемна техничка документација, главно, основи, пресеци и изгледи на ѕидовите, кои делумно можат да се употребат за изготвување на конзерваторско-реставраторски проекти, особено за оние градби кои се одамна откриени. Треба да се има предвид дека техничката документација на секој конзерваторски проект мора да ја прикаже моменталната состојба на сочуваност, како и оштетувањата на градбите и нивните елементи. Затоа, техничката документација која е создадена одамна може да се употреби во изработка на конзерваторски проекти само доколку нема промени во состојбата на сочуваност на градбата.

• ГИС дата-база е креирана во 2008 г., надополнета во 2010 г. Оттогаш, базата со податоци не е дополнета.

**Документација во Националниот конзерваторски центар (НКЦ):**

• 14 конзерваторски проекти за различни градби или нивни елементи и 5 теренски дневници од ископувања, обемна техничка и фотодокументација од ископувања и од претходни конзерваторски зафати.

**Документација во Археолошкиот музеј на Северна Македонија:**

• Неколку извештаи и теренски дневници од ископувања, фотодокументација и извештаи од конзерваторски зафати од 1955 до 1963 г.

**Документација во Народен музеј Велес:** непознато

**Документација во Народен музеј во Белград:** непознато

**Документација во Универзитетот во Бостон:** непознато

**Изготвени конзерваторско-реставраторски проекти во периодот од 2010 до 2019 г. кои чекаат финансиски средства за реализација:**

• Проект за сценската зграда на Театарот (изготвен во 2015 г., средства за делумна реализација се обезбедени за 2020 г.).

• Проект за Полукружниот плоштад (изготвен во 2013 г., делумно реализиран во 2018 и 2020 г.).

• Проект за 325 m од северозападниот бедем заедно со петте кули (изготвен во 2010 г., чека средства за реализација).

• Проект за источната половина на summa cavea во Театарот (подготвен во 2020 г., обезбедени средства за делумна реализација во 2020 г.).

Нема значителни промени во состојбата на сочуваност на горенаведените градби кои би барале дополнување на техничката документација и измени на конзерваторските проекти.

**Делумно изготвени конзерваторско-реставратоски проекти:**

Техничка документација за состојбата на зачуваноста и оштетувањата е подготвена за следните градби:

• Продавници и работилници долж Виа Сакра (архитектура);

• Теодосијанска палата и Куќа на Партениј (архитектура - ќе биде завршена во 2020 г.);

• Градба со арки (архитектура - ќе биде завршена во 2020 г.);

• Усвоено идејно решение за нова покривна конструкција врз Епископската базилика (се чекаат финансиски средства за развивање на основен проект).

**Инфраструктурни проекти:**

• Целосен проект за санација и адаптација на Старата железничка станица во Центар за посетители и лапидариум, кафетерија во дворот и тоалети (се чекаат средства за реализација);

• Целосен проект за санација и зајакнување на левиот брег на Црна Река долж археолошкиот локалитет Стоби (се чекаат средства за реализација).

**Друга документација:**

• Прелиминарна техничка процена (ПТП) за археолошкиот локалитет Стоби МК-02, изготвен за програмата Љубљана процес II, Рехабилитација на нашето заедничко наследство, Совет на Европа, во која се одредени приоритетни објекти за интервенции: Градбата со арки, Театарот, Епископската базилика и Центарот за посетители. (ПТП е изработена од Силвана Блажевска, НУ Стоби и Кристина Бицева, УЗКН во 2013 г.).

• Климатски промени и културно наследство, Извештај од брза процена на ранливоста на културното наследство во Република Македонија и препораки за национални стратегии за заштита на културното наследство во контекст на климатските промени, изработен од Институтот за управување со наследство GmbH (автори: Михаел Шмит и Брита Рудолф, учество и коментари Силвана Блажевска, септември 2013 г.)

• Елаборат за ревалоризација на археолошкиот локалитет Стоби и Предлог-акт за прогласување на локалитетот за културно наследство од особено значење, поткатеготија големо значење, изработен во 2016 г. Елаборатот е дополнет во 2020 г. и сè уште чека одобрување од Националниот совет за културно наследство.



# ИЛУСТРАЦИИ ЗА ПОГЛАВЈАТА **2** И **3**




Сл. 1. Карта на Балканскиот Полуостров.




Сл. 2. Карта на Република Северна Македонија.




Сл. 3. Археолошкиот локалитет Стоби на *Google Earth.*




**Сл. 4.** Генерален план на археолошкиот локалитет Стоби.



**Сл. 5.** Археолошки локалитет Стоби, аерофотографија од југозапад, 2009 г.



**Сл. 6.** Археолошки локалитет Стоби, аерофотографија од југозапад, 2019 г.



**Сл. 7.** Археолошки локалитет Стоби, аерофотографија од североисток, 2008 г.



**Сл. 8.** Археолошки локалитет Стоби, аерофотографија од север, 2009 г.




**Сл. 9.** Археолошки локалитет Стоби, патека за посетители и инфраструктурни објекти.



**Сл. 10.** Паркинг и сувенирница на влезот во локалитетот..



**Сл. 11.** Аерофотографија на Стоби, 1930-ти години.



Сл. 12. Ископувања на Театарот во 1930-те години.



Сл. 13. Аерофотографија на Епископската базилика и Театарот, 1970-ти години.



**Сл. 14.** Професор Е. Гебхард на ископувањата на Театарот во 1970-те години.



**Сл. 15.** Стоби во доцните 1980-ти години, поглед од североисток.




**Сл. 16.** Заштитни ископувања на Западната некропола и доцноантичкото предградие на Стоби, 1992 г.



**Сл. 17.** Ископувања на базиликата Екстра Мурос, 1990-ти години.



**Сл. 18.** Аерофотографија на Стоби, 2000-2001 г., поглед од југоисток.



**Сл. 19.** Ископувања на Градбата со арки, 2000-ти години.



**Сл. 20.** Големи систематски ископувања на Стоби во 2009 г., поглед од исток.



**Сл. 21.** Ископувања на Станбен и комерцијален кварт во 2009 г.



**Сл. 22.** Теренската школа со Фондација Балканско наследство, ископувања на просторот меѓу Теодосијанската палата и Затворот во 2017 г.



**Сл. 23.** Учесниците во теренската школа со Фондација Балканско наследство на Театарот во Стоби, 2014 г.



**Сл. 24.** Конзервација на ѕидното сликарство во Старата епископска базилика, 2004 г.



**Сл. 25.** Конзервација на Куќата со триклиниум во 2011 г.



**Сл. 26.** Конзервација на Театарот, 2016 г.



**Сл. 27.** Конзервација на ѕидното сликарство во Старата епископска базилика, 2010 г.



**Сл. 28.** Учесниците во работилницата за конзервација на мозаици со Фондација Балканско наследство во Теодосијанската палата во 2013 г.



**Сл. 29**. Учесниците во работилницата за конзервација на мозаици со Фондација Балканско наследство, на мозаикот во нартексот на Епископската базилика.



**Сл. 30.** Конзервација на мозаикот во Крстилницата, 2017 г.



**Сл. 31.** Конзервација на мозаикот во Крстилницата, 2017 г.




Сл. 32. Археолошкиот локалитет Стоби, катастарски план со означени заштитеното добро и контактните зони.



Сл. 33. Бараки за сместување на стручните тимови на Стоби.



# 4 КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРИНЦИПИ И ПРАКТИКИ

**Во ова поглавје се разработени конзерваторските прашања и предизвици во Стоби и се дадени предлози за рутински процеси и специјализирани процедури за нивно решавање. Исто така, се поставени потребните стандарди, истражувачки проекти и иницијативи за успех на овие процеси.**

**За многу од иницијативите кои се предложени во ова поглавје ќе бидат потребни повеќе години за спроведување и пристап по фази. Воспоставувањето рутински конзерваторски процеси е од највисок приоритет, а од нив природно би произлегле многу други иницијативи.**

## 4.1. АРХИТЕКТОНСКИ СПОМЕНИЦИ НА СТОБИ: ПРИОРИТЕТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ

**Приоритети:** Врз основа на значењето и состојбата на зачуваност на градбите на археолошкиот локалитет Стоби, приоритетните интервенции се категоризираат како:

**Група 1:** Низок приоритет: Градбите во оваа група се доволно истражени и конзервирани за презентација; потребни се дополнителни истражувања и конзерваторски зафати од помал обем, чистење на лишаите, замена на оштетените песочници, одржување и превентивна заштита:

> Северна базилика, Цивилна базилика, Куќа на Полихармос, Мала бања, Голема бања, Градска чешма, Домус Фулоника, Куќа со триклиниум (во рамките на Станбениот и комерцијален кварт од 6. век), базилика Екстра Мурос, Храм на Изида.

**Група 2:** Среден приоритет: Градбите во оваа група се делумно конзервирани. Потребни се натамошни истражувања со цел нивна конзервација и презентација, конзервација на неконзервираните делови, повторна конзервација (на одредени места потребно е чистење на лишаите и замена на оштетените песочници), одржување:

> Централна (Синагога) базилика, Куќа на Перистерија, Куќа на Партениј, Теодосијанска палата, Казино, Епископска резиденција, Полукружен плоштад и продавниците долж Виа Сакра.

**Група 3:** Висок приоритет: Градбите во оваа група се недоволно истражени или конзервирани и тие претставуваат висок приоритет поради нивното значење, големина, декоративни елементи и ризиците од оштетувања од различен вид. За нив е потребно натамошно истражување, конзервација и одржување:

> Епископска базилика и Крстилница (потребна е заштитна покривна конструкција), Театар, Градба со арки (потребна е заштитна покривна конструкција), комплексот околу Храмот на Изида, Каза Романа, Затвор, северозападни и југоисточни сегменти на бедемот, Гробјанската базилика, Станбен и комерцијален кварт од 6. век.

За детален опис на сите откриени градби види Прилог 9.

# 4.2. РАНЛИВОСТ / ПРОЦЕНА НА РИЗИЦИ ОД ДИНАМИЧНИ ПРИРОДНИ ОПАСНОСТИ И ЧОВЕЧКИ АКТИВНОСТИ

## 4.2.1. ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И ОПАСНОСТИ

**Сеизмички ризик:** Картите за сеизмичко зонирање на Македонија, како и листата на историски земјотреси, покажуваат дека целата територија на Република Северна Македонија е активна сеизмичка област (сл. 34 и табела 1). Според картата за сеизмичност, постои период на повторно случување на земјотреси на секои 500 години; ова е главната референца што се користи за градежни прописи при изградба на конструкции во сеизмички подложни области. Стоби се наоѓа во зоната од 8 степени според Меркалиевата скала. Со оглед на неговата сеизмо-тектонска положба (сл. 35-37), постои голем потенцијал за сеизмичка активност од раседите во непосредна близина на Стоби. Овие официјални податоци се релевантни за стандардни локации и структури, како што се станбени и други градби. За споредба, Стоби е археолошки локалитет со споменици од извонредно значење. Градот Стоби бил разоруван од земјотреси во различни периоди. Археолошките докази покажуваат дека градот бил погоден од земјотреси во 300 г. од н. е. или малку подоцна, на почетокот на 6. век и кон крајот на 6. век или почетокот на 7. век.

**Ризици од поплави:** Ерозијата на бреговите на Црна Река долж археолошкиот локалитет Стоби може да ги оштети стопите на мостот од османлискиот период и е особено опасна за депоата и депонираниот археолошки материјал кои се наоѓаат во близина на реката. Изградбата на браната на Црна Река и создавањето на вештачкото Тиквешко Езеро во 1968 година ја ублажила оваа закана. Водата од Тиквешкото Езеро се користи за наводнување и за електрична енергија. Наводнувањето се врши преку хидросистемот „Тиквеш“ , а хидроцентралата „Тиквеш“ е изградена во близина на браната. Изградбата на браната „Тиквеш“ и хидроцентралата на Црна Река со нејзините два агрегата завршила во 1968 година, додека другите две единици биле пуштени во употреба во 1981 година. Зголемувањето на нивото на водата во реката и во езерото во 2014 година, поради големи количини дожд, резултирало со отворање на сите четири единици на браната, со што било предизвикано рушење на брегот на реката во непосредна близина на депото со артефакти (сл. 38, 39). Заради положбата и ризикот од поплави, бил изработен проект за зајакнување на левиот брег на Црна Река долж археолошкиот локалитет Стоби, базиран на геохидролошки истражувања во 2015 година, но тој сè уште чека реализација. Источната страна на локалитетот, во непосредна близина на Црна Река, е природна поплавна рамнина,заради што биле изградени брани за заштита од поплави уште во антиката. Зголемените нивоа на вода и во Вардар и во Црна Река можат да предизвикаат издигнување на подземните води, особено на најниската источна тераса и поплавување на откриените објекти, што беше случај во 2010 година со Градбата со арки (сл. 40).

**Ризици од атмосферски влијанија:** Климатските промени, температурните разлики во текот на годината (па дури и во текот на едно деноноќие), атмосферската вода што предизвикува деградација и појава на соли на конзервираните, но и на новооткриените објекти кои не се конзервирани (сл. 41-42), покачувањето на нивото на подземните води на долната тераса (сл. 40) и вегетацијата (трева, мов, лишаи) (сл. 43-48) се меѓу главните ризик-фактори кои придонесуваат за континуирано оштетување на градбите на локалитетот. Градбите во Стоби се главно изградени од мек камен,песочник со слаб квалитет, и се подложни на брза деградација, неотпорни на атмосферски влијанија и вегетација (сл. 49-51).

**Ризик од гнезда на животни:** Археолошкиот локалитет Стоби е природна средина во која живеат многу животни и птици. Некои од нив можат да предизвикаат штета главно на стратиграфските слоеви, а понекогаш и на архитектонските остатоци со изградба на гнезда или копање дупки под земјата.

### 4.2.2. ОПАСНОСТИ ОД ЧОВЕЧКИ АКТИВНОСТИ

**Ризик од воените активности на Криволак:** Воениот комплекс Криволак кој се наоѓа спроти локалитетот на десниот брег на Вардар, создава силни вибрации на земјата преку контролирани експлозии за време на воените вежби, што претставува потенцијална опасност за одделни градби на археолошкиот локалитет. Исто така, уништувањето на военото оружје на Криволак претставува потенцијален ризик за здравјето на луѓето и животната средина.

**Ризици од загадувањето на воздухот:** Ископот и рафинирањето на железната и никеловата руда на оддалеченост од 21 km и каменоломот на 15 km југозападно од локалитетот предизвикуваат забележително загадување на воздухот. Ова е забележливо и преку присуството на розови хемиски преципитати во некои антички камени леѓени на локалитетот. Вистинската штета врз ѕидаријата во Стоби сè уште не е утврдена. Иако фабриката за фероникел „Фе-Ни“ се наоѓа на растојание од 21 km од локалитетот, нејзиното штетно влијание е видливо, особено врз мермерните елементи. Издувните гасови, прашината и честичките од железо се разнесуваат со дождот и ветрот. Загадувањето на воздухот доаѓа и од издувните гасови од возилата на автопатот (сл. 52, 53). Автопатот Скопје - Тесалоника е изграден во рамки и над археолошкиот локалитет Стоби во 1995 година (сл. 3 и 5). Вибрациите од сообраќајот влијаат на оваа зона, а особено се ризични Театарот, Епископската базилика и нејзината Крстилница. Додека близината на автопатот Скопје - Солун е позитивна за туристичката презентација на локалитетот, издувните гасови и вибрациите од големите камиони и возила на мостот ги оштетуваат градбите што се во близина.

**Ризик од кражба:** Иако локалитетот е ограден и има 24-часовна чуварска служба, секогаш постои ризик од потенцијална кражба на помали архитектонски елементи на локалитетот или на движните наоди складирани во импровизираните депоа.

**Земјоделство:** Користење на земјиштето околу локалитетот за земјоделство е ризично за античките остатоци, особено на југозапад, југ и југоисток од градот, каде што се наоѓаат некрополите и двете базилики *extra muros*.

### 4.2.3. ДРУГИ ДИРЕКТНИ ИЛИ ИНДИРЕКТНИ РИЗИЦИ КОИ ВЛИЈААТ ИЛИ ГО ОШТЕТУВААТ ЛОКАЛИТЕТОТ ИЛИ ГИ ЗАБАВУВААТ ПРОЦЕСИТЕ НА ЗАШТИТА (ПРАВНИ ПРАШАЊА И ПРОЦЕДУРИ) СЕ:

- Недоволно одржување (сл. 54) и мониторинг на локалитетот во минатото, поради недостиг на финансии, опрема и човечки ресурси.
- Нецелосни археолошки истражувања и документација.
- Недостиг на финална конзервација и реставрација на откриените градби (сл. 55-58).
- Старите конзерваторски зафати изведени со несоодветни материјали, особено превентивните зафати на ѕидовите (сл. 59-62) кои не се обновени; исто така, несоодветните лепила употребени за реставрација и анастилоза на мермерните елементи и мозаици.
- Старата покривна конструкција над Епископската базилика, која е значително оштетена, претставува опасност за градбата и посетителите. Покривот протекува, што предизвикува оштетување на конзервираниот мозаичен под.
- Недоволна координација меѓу археолошките истражувања и конзерваторските зафати, односно одлагање на конзерваторските активности најчесто како резултат на недоволните финансии.
- Неусвоениот Елаборат за ревалоризација на археолошкиот локалитет Стоби и неспроведување на режим на заштита во контактни зони.
- Недостиг на документација за урбанистичко планирање неопходна за инфраструктурни и други проекти, за кои е потребно одобрение за градење согласно со закон.
- Долги и комплицирани процедури и законски прописи.

• Недостиг на сериозни студии и знаење за употреба на конзерваторските материјали и принципи кои ќе ги земат предвид сите фактори за опстанок на градбите: нивното културно-историско значење, оригиналните материјали и особено можностите за нивно одржување во денешни услови, изложеноста на градбите на климатските услови карактеристични за регионот и можностите за нивно преживување во услови без покривна конструкција којашто не може да се постави на сите откриени градби, како и идеите за ревитализација и употреба на градбите во иднина.

• Недостиг на обучени професионалци, особено во областа на конзервацијата.

• Недостиг на свест на вклучените страни и носителите на одлуки да ги предвидат севкупните услови во кои градбата и нејзините елементи треба да опстојат како целина, како и селективно внимание на одредени градби или нивни елементи поради лични интереси.

• Немање соодветна заштитна ограда околу презентираните градби која би ги заштитила од несовесни посетители, како и недостигот на водичи, чувари и видеонадзор.

• Недостиг на висока свест за значењето и заштитата на културното наследство кај посетителите.

• Користење на градбите за фестивали и други културни настани, особено ако градбата не е конзервирана и заштитена. Забележани се дополнителни оштетувања на мермерните седишта на Театарот поради долгогодишна употреба без претходна конзервација.

• Неконзистентност на општата политика и недостиг на континуитет во заштитата на културното наследство, непостоење цврст и постојан систем за спроведување на стратегиите и акциските планови за заштита на културното наследство.

# 4.3. СОСТОЈБА НА ОТКРИЕНИТЕ ГРАДБИ И ПОЈАВИ

**Камена ѕидарија**

Најголемиот дел од ѕидаријата во Стоби е формирана од терцијарни флиш песочници и малтер (варов малтер или мешавина од вар и земја/кал), или во некои случаи е реставрирана со модерен цементен малтер. Голем дел од овој тип на камен е сам по себе нестабилен, составен од наизменични лежишта од песочник и шкрилци (со илитичка и монтморилонитна глина) и подложен на кршење, веројатно поради присуството на глина која е растворлива во вода. Доколку тој не се замени, прогресивното распаѓање на каменот го загрозува структурниот интегритет на ѕидовите. Исто така, некои доцноантички ѕидови се многу кревки, бидејќи како врзивно средство е користен слаб варов малтер помешан со земја/кал.

Сите камења, вклучувајќи ги и мермерните архитектонски елементи, се подложни на тешка колонизација од лишаи, што предизвикува разјадување на каменот поради лачењето на киселини. На декоративните камења, како што е случај на пример со натписите, лишаите го загрозуваат нивното значење и опстанок.

Исто така, индустриското загадување од фабриките за минерали кои се во близина, може да влијае на каменот, но тоа треба да се потврди со наменска анализа.

Конзерваторските интервенции варирале со текот на времето, како што е начинот за поставување капи на круништата на ѕидовите, а некои се многу лошо изведени и се во лоша состојба. Многу од градбите кои биле значително реставрирани во минатото се во многу сериозна состојба, како резултат на отсуството на континуирано одржување. Некои модерни поправки на малтерот биле неуспешни - или поради подготовката на варта и/или поради лошата изведба. Многу тековни конзерваторски практики, особено фугирање и поставување капи на круништата на ѕидовите, се груби и целосно ја нарушуваат археолошката естетика на третираните градби. Се чини дека се користени претерано силни цементни малтери.

Не постои сеопфатно истражување за состојбата на градбите на локалитетот, така што степенот на тежината на проблемот сè уште не е квантифициран. Исто така, недостигот на документација и мониторинг на зафатите во минатото, претставува пречка за разбирањето на причините и стапката на оштетувањата.

**Подни облоги и други појави**

Општо земено, мозаиците и подните облоги изработени во opus sectile се во добра состојба, делумно поради зимската заштита под песок и употребата на геотекстилна покривка. За спроведувањето на оваа практика е потребно вложување голем труд и време. Сепак, долгорочните резултати не се лесно предвидливи. Отворањето на мозаиците секоја пролет ги изложува на повторен стрес од влијанијата на животната средина, со потенцијал да предизвика вистинска долгорочна штета.

Три мозаици се подигнати, повторно поставени на панели од саќе со епоксидно лепило и мал процент бел цемент и вратени на оригиналното место. Оваа техника е развиена за мозаици што се чуваат во затворени простории. Со текот на времето, подлогата најверојатно ќе пропадне поради нестабилните надворешни услови, распаѓање на епоксидот и сериозните стресови предизвикани од ширење и собирање, што, пак, ќе резултира со значително пропаѓање на големи делови на мозаиците во иднина.

Едноставните недекорирани подови обложени со глинени тули или плочи од песочник не добиле посебно внимание, па затоа се изложени на ризик од интензивен раст на вегетација и замрзнување - одмрзнување во текот на зимата. Слично на тоа, античките фонтани и басени за вода, некои обложени со малтер, страдаат од сериозна деградација заради понирање на вода и замрзнување-одмрзнување.

## 4.4. ТЕКОВНИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРАКТИКИ И ПРОБЛЕМИ

Според Правилникот за конзерваторски проекти, истражувањата и конзерваторскиот проект треба да бидат изготвени од тим професионалци со различна експертиза во зависност од видот на културното наследство. Само лиценцирани конзерватори можат да го потпишат конзерваторскиот проект, додека членовите на тимот ги подготвуваат и потпишуваат своите делови. На пример, за архитектонско наследство, тимот се состои од археолог кој ги спроведува ископувањата на градбата и има познавања за фазите на изградба, стратиграфијата, хронологијата итн.; виш архитект - конзерватор; градежен инженер; хемичар и конзерватор на камен доколку во проектот е вклучена и архитектонска мермерна декорација или други елементи, итн. Пред комплетирањето на конзерваторскиот проект, тие се обврзани да извршат истражување на оригиналните градежни материјали, видот на ѕидаријата, видовите камења итн. Постапката е иста и за движните наоди.

Подготвените конзерваторски проекти подлежат на два контролни механизми пред добивање на конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство (УЗКН). Првиот е комисија, обично составена од тројца искусни конзерватори со високи стручни звања, која ја формира НКЦ (или НУ Археолошки музеј ако конзерваторскиот проект се однесува на движни наоди) за секој проект одделно. Комисијата посветува внимание на самиот проект, неговата оправданост, содржина, начинот на подготовка според прописите, техничката документација и објаснувањето на конзерваторските процеси и конзерваторските материјали. Втората контрола е Одделението за архитектонско културно наследство во рамките на УЗКН. По издавањето на конзерваторското одобрение, конзерватор советник назначен од НКЦ (НУ Археолошки музеј ако конзерваторскиот проект се однесува на движни наоди) и инспектор од УЗКН го контролираат спроведувањето на проектот.

Во НУ Стоби се вработени лиценцирани конзерватори за мозаик и камена пластика, керамика и стакло, но нема архитект-конзерватор. За архитектонска конзервација се ангажираат лиценцирани конзерватори од НКЦ. Некои од вработените археолози се обучени да подготвуваат и да ги надгледуваат архитектонските конзерваторски проекти со помош на лиценцираниот архитект конзерватор. Превентивната конзервација е ограничена со закон на само неколку активности.

**Ископувања и конзервација**

Постои сериозен застој во конзервацијата во Стоби како резултат на нерамнотежата помеѓу ископувањата и конзервацијата. Многу ѕидови низ локалитетот се изложени на ризик од целосно рушење. Исто така, постојат голем број ископани квадрати чии профили континуирано се рушат или длабоки сонди што ги поткопуваат ѕидовите.

Нерамнотежата меѓу ископувањето и конзервацијата се должи на многу фактори во минатото и сегашноста: законодавството, општата политика на годишно одобрени проекти и буџет на Министерството за култура, чести промени во приоритетите на минатото и сегашното раководство, човечките ресурси и капацитети. Националното законодавство бара доволно истражена површина на градбата и јасно разбирање на фазите на изградба, како и подготвени проекти за какви било конзерваторски зафати каде што се употребуваат современи материјали за конзервација, вклучително и рефугирање и поставување капи на круништата на ѕидовите на архитектонските остатоци или какви било хемиски супстанции што се користат за чистење. Превентивната конзервација е ограничена на неколку активности што може да се преземат за да се спречи натамошно влошување на состојбата сè додека не се подготви проектот за вистинска конзервација (покривање, привремени потпори за архитектонските остатоци, опшивање на рабовите на мозаичните подови и фрески, засолнување на мермерните елементи и поставување привремени покривни конструкции каде што е можно). Превентивната конзервација е дозволена само за време на ископувањата и доколку во тимот е вклучен виш конзерватор, конзерватор советник или лиценциран конзерватор.[1] Одржувањето се однесува на постојано чистење на градбите од вегетација. Сето ова ја доведува во прашање автентичноста и самиот опстанок на локалитетот, што би било загуба за нацијата и идните генерации.

**Важечко законодавство**

Постоечкото национално законодавство во врска со културното наследство се состои од два специјализирани закона (за заштита на културното наследство[2] и за музеи[3] и повеќе правилници[4] кои регулираат различни аспекти од работата). И двата се тесно поврзани со други законски прописи кои се однесуваат на институционалната организација (закони за култура и јавна администрација). Главните проблеми во имплементацијата се долгите и комплицирани процедури, недоволните човечки ресурси и механизми за контрола.

**Недостиг на вештини и обуки**

Во НУ Стоби има лиценцирани конзерватори за мозаици и предмети од камен, керамика и стакло, но без формално образование.[5] Во Стоби нема постојано вработен архитект конзерватор.[6] За спроведување на конзерваторските проекти се ангажира виш конзерватор или конзерватор советник или лиценциран архитект конзерватор од Националниот конзерваторски центар или од други институции.

# 4.5. ПРЕПОРАКИ

## 4.5.1. РЕВИДИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Се препорачуваат промени во законодавството што би овозможиле посеопфатен и флексибилен пристап кон одржувањето и конзервацијата на локалитетот, особено за превентивна заштита или итни мерки за заштита, како и појаснување на терминологијата и усогласеност со Законот за градење и урбанистичко и просторно планирање. Промени треба да се направат и во постапките и прописите за движните наоди. Се препорачуваат измени во Законот за музеите за дефинирање на музејски предмет,

1 Можните активности за превентивна конзервација се вклучени во Законот за заштита на културното наследство во 2015 година.

2 Закон за заштита на културното наследство („Сл весник на РМ" бр. 20/04...11/18).

3 Закон за музеи („Сл весник на РМ" бр. 66/04...39/16).

4 За законите и правилниците поврзани со културното наследство, види: http://uzkn.gov.mk/mk/легислатива/

5 Формално образование за конзерватори постои на Факултет за ликовни уметности (мозаик, фрески, икони, масло или други уметнички техники на платно) и на последипломски студии на Архитектонскиот факултет за архитекти-конзерватори. Обично, конзерваторите се здобиваат со практична обука од виши конзератори или конзерватори-советници од конзерваторските центри во земјата во текот на спроведувањето на проектите. Постојат опции за понатамошна специјализирана обука во странство, финансирана од годишната програма на Министерството за култура, којашто обично располага со ограничени средства. Ангажирањето странски експерти зависи од средствата за проектите. Сериозен расчекор во создавањето професионални конзерватори во конзерваторските центри се создаде во последните 20-30 години поради политиката за вработување во земјата.

6 Конзерваторот за камен може да работи на архитектонските мермерни елементи на локалитетот, но не и на градбите од камен и малтер, за кои мора да биде ангажиран архитект конзерватор.

музејски материјал и студиски материјал и, следствено, на прописите за нивното документирање, евалуација, третман, складирање и мерки за заштита. Може да се консултираат и примери од други европски законодавства како потенцијални добри модели.

### 4.5.2. ВОСПОСТАВУВАЊЕ РУТИНСКИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЦЕСИ

**Процена на значењето, состојбата и ризиците**

Потребно е развивање на стандардни протоколи за истражување на состојбата и ризиците за целата ѕидарија и архитектонските елементи, за останатите структурите на локалитетот, како за прелиминарни, така и за детални истражувања. Прелиминарните истражувања ги идентификуваат оние елементи/градби за кои се потребни подетални истражувања.

Тие треба да се повикуваат на архивата во НУ Стоби и на други места, за минатите истражувања, состојбата и реставрацијата, со цел да се разбере причината и стапката на оштетување на античките градби и нивните елементи.

ГИС-методологијата е од суштинско значење за најдобро управување со овие процени и нивно ажурирање. Исто така, ќе биде корисно за други цели (како што се планирање на одржувањето, студии за посетители, планови за интрепретација итн.). Целите се:

**- Воспоставување заедничка терминологија:**

- Теоретски референци;
- Поимници.

**- Воспоставување алатки и опрема/софтвер:**

- ГИС и други документациски системи;
- Методологии и протоколи за истражување (на пр., формулари за регистрација).

**- Евалуација и интеграција на процените:**

- Спроведување процени со мултидисциплинарен тим (по потреба);
- Интегрирање на сите видови процени (значење, состојба, ризици) во една ГИС база на податоци (види Прилог 3, дел 2; види референци во Прилог 4).

### 4.5.3 ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ ЗАФАТИ

Треба да се воведат протоколи за спроведување на конзерваторски зафати. Директните зафати треба да се планираат според приоритетите идентификувани во прелиминарните и деталните истражувања на состојбата на сите градби/елементи на локалитетот, утврдени според направените процени на значењето, состојбата и ризиците. Приоритетите треба да се одредуваат според ризиците за значењето на археолошките ресурси и безбедноста на луѓето.

Одлуките треба да се носат според внатрешната организација (човечки ресурси, опис на работните места и задолженијата согласно со законите и другите прописи) и тие треба да бидат одобрени од директорот. Целите се:

**- Воспоставување протоколи:**

- Дефинирање на видови зафати;
- Дефинирање на стандарди и упатства (види Прилог 2);
- Дефинирање на мултидисциплинарни улоги/придонеси.

**- Изработка на проекти:**

- Избор и проектирање на зафатите;
- Дефинирање на резултатите и исходите;
- Утврдување професионален консензус;

• Утврдување на буџет и други ограничувања;

• Аплицирање за одобрување на зафатите со потребното барање за буџет;

• Тендерирање.

**- Програмски зафати:**

• Идентификување на приоритети за непосредни, краткорочни и среднорочни зафати (врз основа на претходните процени);

• Програмирање на конзерваторски зафати;

• Воспоставување протоколи за документација;

• Дефинирање на сезонско, краткорочно, среднорочно и долгорочно спроведување;

• Организирање на местото за работа и безбедност при работа;

• Организирање на надзор и тековна контрола на резултатите/исходите.

### 4.5.4. ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ЗАФАТИ

Документирањето не е клучно само за доследното карактеризирање на археолошките структури и артефакти откако тие ќе се откријат, туку и за евидентирање на зафатите извршени врз нив. Ова е особено важно за да им се овозможи на истражувачите и стручните лица да ги разликуваат античките материјали и конструкции од оние модерните.

Секој вид на зафат треба целосно да се документира. Целите се:

**- Воспоставување протоколи/стандарди и алатки за документирање:**

• Дефинирање на целите и користењето на документацијата;

• Искористување на постоечката документација;

• Воспоставување на најефикасни и најекономични алатки;

• Дефинирање како и кога треба де се документираат зафатите.

**-Спроведување на документирањето:**

• Опис на зафатот придружен со технички листови на кои ќе бидат прикажани применетите материјали и методологии;

• Дозволување флексибилност и прилагодување;

• Споредување на проектите со реалните зафати;

• Брзо евидентирање на непредвидените состојби;

• Користење на резултатите од документирањето за изнаоѓање решенија.

**- Архивирање/управување со документацијата:**

• Обезбедување долгорочно чување на архивите/базите на податоци;

• Користење на документацијата за зафатите за проверка на нивната долгорочна ефективност.

### 4.5.5. ОДРЖУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ

Конзерваторските зафати се одржливи само ако се проследени со рутинско одржување. Ова укажува на потребата од развивање програма за планирано и реактивно одржување.

За големи нови зафати и одржување е потребна систематска програма за мониторинг со цел да се утврдат промените на состојбата. Мониторингот може да биде многу корисен дури и без да има претходни зафати. Тој е ефикасен за разбирањето на стапката на оштетувањата и за дефинирање на карактеристиките што влијаат на оштетувањата со текот на времето.

Ова е неопходно за планирањето на предвидените циклуси на одржување и за какви било нови конзерваторски зафати. Мониторингот треба да ги придружува циклусите за одржување (дневно, неделно, месечно, полугодишно, годишно). Целите се:

**- Воспоставување насоки и очекувани исходи:**

- Кадровско дефинирање, материјални потреби и потребен буџет;
- Формирање на мултидисциплинарен тим;
- Идентификување на долгорочни цели со постепено додавање на сите елементи од културното наследство;
- Мониторинг: воспоставување потреби и цели за мониторинг врз основа на процените;
- Мониторинг: дефинирање на ресурсите и можните партнерства;
- Одржување: дефинирање типологии за одржување (планирано, реактивно);
- Одржување: дефинирање упатства.

**- Проектен мониторинг и одржување:**

- Организирање на фазно спроведување на планираната програма за одржување и мониторинг;
- Мониторинг: креирање на економични и ефективни методи поврзани со потребите и целите;
- Зголемување на зачестеноста на одржувањето со цел избегнување на зафати засновани на проекти;
- Воспоставување на приоритети, буџет, човечки ресурси и ограничувања;
- Вклучување на зафати и за античкото наследство и за модерната инфраструктура;
- Дефинирање на работниот распоред според годишните времиња и управувањето со посетителите.

**- Имплементирање на мониторингот и одржувањето:**

- Документирање на зафатите;
- Искористување на резултатите од мониторингот при управување на одржувањето;
- Ревидирање на планот за одржување во редовни интервали со цел негова ефективност (види Прилог 3, дел 8).

## 4.5.6. ДЕФИНИРАЊЕ НА НОВИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ПОЛИТИКИ

### Рамнотежа меѓу археологијата и конзервацијата

Треба да се направи исчекор за промена во управувањето со локалитетот во корист на конзервацијата во однос на истражувањата, а со цел да се исправи тековната нерамнотежа. Сегашната ситуација, како што е опишано погоре, е целосно неодржлива.

Постои итна потреба од законски измени и воведување пофлексибилна политика за заштита на артефактите и структурите за време на истражувањата, со цел идните истражувања да бидат одржливи со соодветни ресурси наменети за конзервација (види ги предложените упатства во Прилог 2, дел 1).

### Дефинирање на филозофска политика за зафати

Политиките за третман на археолошките структури се несомнено дефинирани во националното законодавство. Сепак, НУ Стоби ужива значителна независност во донесувањето одлуки, така што тоа треба да се искористи за да се формализира политиката за локалитетот. Ова треба да се стори со цел да се постигне: максимално зачувување на значењето на секоја карактеристика/градба за во иднина; највисоки стандарди на зафатите; конзистентност во донесувањето одлуки; конзистентност во дефинираните приоритети за зафати во согласност со видот и степенот на нивното значење и планот за зачувување на различните историски периоди кои се дел од животот и еволуцијата на локалитетот.

Политиката треба да дефинира:

- Општа филозофија на превентивни и директни интервенции;
- Кога е дозволена анастилоза/реставрација/реконструкција (во согласност со Законот и режимот за заштита на локалитетот предвиден во Елаборатот за ревалоризација);
- Носители на одлуки и процес на носење одлуки за секој конзерваторски проект.

**Дефинирање на конзерваторски стандарди и насоки[7]**

Со цел да се обезбеди оптимална заштита на сите делови на локалитетот Стоби, од клучно значење е развивањето стандарди и насоки за конзервација. Стандардите го дефинираат квалитетот на различните конзерваторски третмани (на пр., рефугирање, замена на камен итн.), а насоките ги опишуваат постапките и материјалите за да се постигне тоа. Тие се гаранција за доследност меѓу зафатите од различни изведувачи, континуитет на управителите со текот на времето, но и за униформен естетски пристап кон презентацијата на локалитетот. Стандардите и насоките може да се развијат врз основа на подолу препорачаното истражување (види Прилог 1) и искуството стекнато во Стоби во текот на различни видови зафати. Воспоставувањето стандарди, исто така, ќе помогне и за унапредувањето на вештините на вработените во НУ Стоби.

Првичните приоритети идентификувани за изработка на стандарди и насоки се следниве (види Прилог 1):

- Превентивна конзервација при истражување;
- Дизајн и употребени материјали за поставувањето капи на круништата на ѕидовите;
- Параметри за проектирање заштитни покривни конструкции;
- Параметри за проектирање на затрупувањето;
- Параметри за проектирање на депоата;
- Управување со води.

**Дефинирање на улогата на затрупувањето**

Во моментов, мозаиците се затрупуваат со песок секоја сезона и се чини дека тоа е полезно. Меѓутоа, други чувствителни архитектонски елементи и делови, исто така, би можеле да бидат заштитени (други видови подни облоги, антички камени басени кои се изложени на ризик од продирање на вода и замрзнување - одмрзнување).

Сепак, затрупувањето треба да се прошири на некои делови за подолг период (на пример, години), доколку тој дел не е видлив од патеката на посетителите. Во оваа категорија спаѓаат некои мозаици, недекорирани подови и, секако, многу од камените басени. Ова ја обезбедува нивната заштита, ја намалува работната ангажираност за сезонско затрупување/повторно откривање и заштедува ресурси. Се разбира, за долгорочно затрупување е потребно добро проектирање и материјали за слоевите за затрупувањето, како и последователно одржување (види референци во Прилог 4).

Треба да се дефинира нова политика за затрупување (предмет на истражување, види Прилог 1, дел 3):

- Каде што сезонско затрупување е соодветно;
- Онаму каде што е соодветно краткорочно, среднорочно и долгорочно затрупување (види Прилог 2, дел 4).

**Дефинирање на улогата на заштитните покривни конструкции**

Заштитните покривни конструкции, како и затрупувањето, се суштинска конзерваторска интервенција за заштита на значајни и ранливи делови на еден археолошки локалитет. Севкупната одржливост на значењето на локалитетот треба да опфаќа не само физичка (и виртуелна) заштита на археолошкиот локалитет, туку и на неговото природно опкружување, што претставува извонредна комбинација на археолошки остатоци и природна средина. Пејзажот е главен дел од историското и естетското значење на локалитетот и треба внимателно да се управува и интерпретира. Визуелната интеракција со пејзажот, исто така, е многу висок приоритет во Стоби.

---

7 Конзерваторските стандарди се дефинирани со Правилникот за конзерваторски проекти („Сл весник на РМ“ бр. 44/06), и особено во Глава III: „Посебни стандарди и нормативи за конзерваторско проектирање“).

Во овој контекст, заштитните покривни конструкции можат да имаат и позитивен и негативен придонес. Тие, пред сè, треба да ги заштитат археолошките структури, но исто така и да го унапредат искуството на посетителите на локалитетот. Нивниот дизајн не треба да го наруши визуелниот ефект на околниот пејзаж врз локалитетот, ниту, пак, да доминираат во целата околина.

Потребата од нови заштитни покривни конструкции на Стоби мора внимателно да се утврди, земајќи ги предвид сите аспекти што можат негативно да влијаат врз амбиенталните вредности на самиот археолошки локалитет.

Исто така, може да се инсталираат привремени заштитни покривни конструкции за заштита на одредени градби, но тие треба да обезбедат соодветна заштита од временските услови, по потреба лесно да се отстрануваат, да имаат определено времетраење (имајќи предвид дека привремените заштитни покривни конструкции имаат тенденција да станат трајни) со циклично и реактивно одржување.

Потребна е јасна политика изразена со практични упатства за да се насочи процесот на донесување одлуки во однос на заштитните покривни конструкции во Стоби:

- Заштитните покривни конструкции треба да се разгледуваат во контекст на општата стратегија за конзервација и презентација на локалитетот, вклучувајќи го и нивното влијание врз пејзажот;
- Нивниот дизајн треба да се заснова врз проектна програма која ќе им дава предност на перформансите (заштитата) отколку на естетските критериуми;
- Процесот на дизајнирање треба да биде раководен од мултидисциплинарен тим, вклучувајќи проектен менаџер (архитект), археолог, архитект-конзерватор и други специјалисти по потреба;
- Тие треба да се планираат и имплементираат во една поширока рамка на активности за дренажа и управување со води (види Прилог 2, дел 3).

### 4.5.7. ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КАТАСТРОФИ

Археолошкиот локалитет Стоби се наоѓа во област подложна на неколку ризици (види дел 4.2 во ова поглавје):

- Активен сеизмички ризик поради локалната географска положба (редок ризик);
- Поплави од Црна Река (спорадичен ризик);
- Вибрации од автопатот (постојан ризик);
- Атмосферско загадување од рударски активности (постојан ризик).

Ризиците од катастрофи и вистинските катастрофи се неизбежен фактор што може да ги оштети или уништи вредностите на археолошкиот локалитет. Затоа треба да се изготви План за управување со катастрофи. Главните цели се: превенција и управување со катастрофи; планови за ублажување на ризиците и подготвеност за итни случаи пред, за време и по катастрофа. Видовите и изворите на ризици што можат да влијаат на локалитетот треба да се дефинираат, периодично да се разгледуваат и ревидираат со цел да се донесат нови мерки како одговор на можните катастрофи и идните потреби за заштита на локалитетот.

### 4.5.8. РАЗВИВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ УЛОГИ И КАПАЦИТЕТИ

Постои изразен недостиг на експертиза за архитектонска конзервација на локалитетот. Некои археолози, од неопходност, развиле одредено искуство во областа на конзервацијата. Како истражувачи на одредени градби тие се вклучени во конзерваторски проекти како дел од тимот за истражувачки проекти, изработка на конзерваторски проекти или нивно спроведување како што е објаснето погоре. Постои постојано вработен техничар и документатор за недвижно наследство чијшто опис на работното место е да работат на документацијата.

Предложените мерки се:

- Вработување архитект конзерватор;
- Обучување на стручниот кадар во Стоби да одговори на критичните конзерваторски потреби:

спроведување истражувања и увид во состојбата; одредување на видот на конзерваторски зафати и надгледување на зафатите; управување со истражувачки проекти (во соработка со академски партнери);

• Назначување експерт како консултант, кој ќе советува за прашања поврзани со конзервацијата, програми за обука и помош во зајакнувањето на вештините на вработените;

• Идентификување на можностите за регионална обука на сродни теми;

• Создавање референтна библиотека со релевантни публикации.

Исто така, Стоби има огромен потенцијал за зајакнување на можностите за обуки што дополнително ќе ги подигне конзерваторските стандарди на национално ниво.

• Планирање и спроведување на летна теренска школа за архитектонска конзервација во соработка со Архитектонскиот факултет во Скопје со цел зголемување на интересот кај студентите по архитектура и јакнење на капацитетите - не само за Стоби, туку и за другите конзерваторски центри;

• Развивање долгорочна наставна програма што може да доведе до целосна професионална квалификација[8] во соработка со Архитектонскиот факултет;

• Понуда за практиканство за дипломирани студенти по архитектонска конзервација од локални и странски универзитети и можности да учествуваат во тековните проекти;

• Создавање референтна библиотека со релеватни публикации (види Прилог 4).

### 4.5.9. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПАРТНЕРСТВА

Различни истражувачки партнерства се предложени во Прилог 1. Тие можат да бидат исклучително корисни за решавањето на долгорочните проблеми со конзервацијата на Стоби. Истражувачките партнерства треба да бидат во ограничен број и прецизно да се идентификува обемот на истражувањето. Работата со истражувачки партнери одзема многу време и треба да се распределат ресурси за оваа намена:

• Дефинирање стратешки истражувачки програми на ниво на институција;

• Артикулирање на предностите за локалитетот, добиените резултати и потребното време.

### 4.5.10. СПРОВЕДУВАЊЕ ТЕХНИЧКИ КОНЗЕРВАТОРСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Создавањето добра конзерваторска пракса во Стоби бара неколку насоки на техничко истражување со цел да се дефинираат најдобрите материјали и методи на третман. Некои од нив може да ги направат постоечките вработени, додека за други е потребна соработка со професори и нивните студенти. Истражувањата ќе помогнат да се дефинираат стандарди и упатства за конзервација (види дел 4.5.6 во ова поглавје; види Прилог 2).

Препорачаните истражувачки приоритети се следниве:

• Оштетување и конзервација на каменот;

• Малтери за конзервација;

• Конзервација на подните облоги и другите елементи;

• Мониторинг и процена на динамичните ризици (види Прилог 1 за детали):

---

8 Како модел погледнете ја Дипломата за професионален развој на колеџот Вест Дин за конзервација на историски градби https://www.westdean.org.uk/study/degrees-and-diplomas/courses/professional-development-diploma-in-historic-building-conservation-and-repair)

# 4.6. СОСТОЈБА И ПРЕПОРАКИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДВИЖНИТЕ НАОДИ

## 4.6.1. АРТЕФАКТИ ВО ДЕПОАТА

До 2019 г., се инвентарирани 4625 наоди изработени од различни материјали: керамика, стакло, разни метални предмети (од бронза, бакар, железо, сребро, злато и други метали), камен (мермер или други видови полускапоцени и скапоцени камења), од коска и од дрво. Тие се поделени во три главни збирки: збирка за предримски период (вклучува наоди од праисторијата), за римски и доцноантички период. Постојат две дополнителни збирки: за нумизматика и збирка камени споменици (која опфаќа скулптура, релјефи, натписи, архитектонски мермерни елементи итн., вклучувајќи ги и одвоените фрески и мозаици или фрагменти од фрески и мозаици пронајдени за време на истражувањата). Тие се складирани во четири бараки и други импровизирани градби кои се користат за складирање. Голем број архитектонски мермерни декоративни елементи се депонирани во близина на градбите каде што биле пронајдени.

Состојбата на керамичките и камените предмети во депоата е генерално стабилна. Состојбата на конзервираното стакло, коски и метални предмети е стабилна.

Состојбата на неконзервираните метални предмети е алармантна. Состојбата на предметите направени од песочник е критична. Состојбата на мермерните архитектонски елементи на отворено е критична најмногу поради лишаи, мов и загадување. Состојбата на конзервираните фрески е стабилна, но критична за оние што не се конзервирани (види Прилог 11).

Неопходна е итна конзервација и заштита на неконзервираните метални и мермерни елементи на отворено и на фреските. Потребни се соодветни капацитети за складирање, полици, кутии за складирање и соодветни услови за сите движни наоди.

## 4.6.2. ДЕПОА

Постојат четири депоа за складирање на пронајдените движни предмети: две дрвени бараки во близина на Црна Река (депоа 1, 3, 4, 5), лимен хангар во близина на стариот влез на локалитетот и просторија (депо 2) во управната барака (види Прилог 10 за детален опис). Освен хангарот изграден за чување археолошки наоди во 1970-тите години, останатите не биле изградени за да служат како депоа, туку се прилагодени за таа цел. Само едно (депо 2 во управната барака) е целосно реновирано (внатрешната и надворешната страна на ѕидовите и подот). Постојните метални и дрвени полици и дрвени ормари се реупотребени, освен еден шкаф кој е направен неодамна. Малите инвентарирани наоди се чуваат во ова депо (предмети изработени од керамика, метал, стакло и коска) заедно со музејската документација и документацијата од истражувањата. Инвентарираните наоди се организирани според видот на материјалот и инвентарниот број. Предметите изработени од керамика стојат на металните полици и на две дрвени полици. Неколку големи керамички садови се поставени на подот. Металните наоди се наоѓаат во дрвените ормари, освен збирката монети која е во метални и дрвени ормари. Постојат метални предмети кои не се конзервирани и се распаѓаат. Стаклените и коскените предмети се во дрвени ормари. Предметите не се чуваат во посебни мали кутии за складирање во фиоките, освен монетите. Секоја монета е во хартиена или во пластична кеса. Собата е опремена со видеонадзор, аларм и опрема за контрола на климата. На горниот кат во управната барака се поставени преносни апарати за гаснење пожар. Вратата има електронска брава и пристапот во просторијата е ограничен само за археолозите кустоси одговорни за збирките и еден археолог-документатор. Постои ризик од оштетување на керамичките садови на металните полици од сеизмичка активност и ризик од поплави поради водоводните цевки кои минуваат низ просторијата.

Дрвената барака во близина на Црна Река (депо 1, 3, 4) се состои од две поголеми и две помали простории. Првата голема просторија (депо 1) е просторија за обработка на наоди за време на ископувања. Има посебен влез и нема директен пристап до другите три соби. Пристапот до големата просторија (депо 1) е достапен за тимовите за ископување. Останатите три простории (депоа 3 и 4) се користат за чување мермерни наоди (скулптури, натписи и архитектонски елементи), фреско и штуко декорација. Мермерните наоди се поставени на подот и на металните полици поставени покрај ѕидовите. Фрагменти од фрески се во дрвени кутии, додека фрескопанелите (конзервирани и

поставени на носачи од алуминиумско саќе) од Старата епископска базилика се потпрени на ѕидовите и меѓусебно одделени со парчиња стиропор. Пристапот до депоата 3 и 4 е ограничен само на кустосот. Депото 3 не е добро обезбедено (влезната врата треба да се замени). Бараката има алармен систем. Ѕидовите и таванот се во лоша состојба и предметите се изложени на разни штетници и влага.

Другата дрвена барака во близина на Црна Река (депо 5) се состои од 29 соби, од кои повеќе од половината се користат за складирање на таканаречениот студиски материјал (керамика, стакло, камен, мермер, метал, животински коски, фрагменти од фрески и антрополошки материјал), а останатите соби служат за чување алати. Има еден главен влез во бараката, додека, пак, секоја соба каде што се чуваат предметите има железна брава. Пристапот до просториите со предметите е ограничен само за кустоси и документатори. Археолошкиот материјал од истражувањата на различните градби се чува во различни простории. Фрагментите од керамика, стакло, метал и сл. се чуваат во пластични кеси (баскети според археолошката документација) и во пластични сандаци, поставени еден врз друг на подот, или во картонски кутии. Големите предмети од камен и керамка се поставени на подот. Една соба содржи керамички фрагменти (специјални наоди со теренски инвентарни броеви, а не музејски инвентарни броеви), поставени на метални полици. Антрополошкиот материјал е добро организиран во картонски кутии и поставен на метални полици. Фрагментите од фрески се во картонски кутии и поставени на метални полици и на подот. Собата на северниот крај неодамна беше адаптирана за складирање мозаични фрагменти со посебен влез од остатокот од бараката. Фрагментите од мозаици се чуваат на метални полици. Ѕидовите и таванот се во лоша состојба и предметите се изложени на разни штетници и влага.

Материјалот кој се чува во двете бараки во непосредна близина на Црна Река изгледа стабилно, но постои ризик за градбите и збирките доколку се сруши брегот на реката.

Лимениот хангар во близина на стариот влез е изграден во 1970-тите години за складирање на археолошкиот материјал отркиен во истражувањата: пластични кеси со разновиден студиски материјал (керамика, метал, стакло и коски), фрагменти од фрески и мозаици, фрагменти од ѕидно сликарство и штуко од Каза Романа. Дел од штукото е привремено преместен во депо 5. Некои се на под, некои на метални или дрвени полици. Хангарот е изложен на различни опасности: штетници, животни, влажност итн. Ситуацијата во хангарот е катастрофална. Изграден е од несоодветни материјали и во моментов е многу дотраен. Тој е практично напуштен, навлегува вода од покривот, а состојбата на внатрешноста, е многу лоша. Многу полици се паднати, а со нив и кутиите со археолошките наоди. Во последниве години вработените почнале да преместуваат голем дел од мозаиците во подобри услови.

И покрај повремените помали поправки, состојбата на двете бараки во близина на Црна Река и лимениот хангар е ужасна. Прогласувањето на археолошкиот локалитет Стоби за споменик на културата од прв степен и неговата предложена ревалоризација како културно наследство од особено значење, поткатегорија - големо значење, според законските прописи, во заштитеното добро предвидува режим на заштита кој забранува изградба на нови објекти. Но, капацитетите за складирање може да се реконструираат на истото место и со иста големина, освен лимениот хангар што треба да се отстрани. Реконструкцијата на бараките ќе помогне за реорганизација на целиот археолошки материјал и за добивање на соодветни депоа.

### 4.6.3. ПРЕПОРАКИ

Со цел да се обезбедат високи стандарди за заштита на движниот материјал, постои потреба од нов капацитет за постојано складирање. Со цел нивно унапредување, како и краткорочно и среднорочно унапредување на пристапот до збирките, потребно е да се изготви акциски план.

Можните решенија се:

1) Реновирање на постојните капацитети за складирање (депо 4 и 5);

2) Обезбедување специјално опремени контејнери за складирање.

Како модел за акцискиот план може да се користи *RE-ORG: A Method to Reorganize Storage Museum* (види Прилог 4). Овој модел се состои од четири главни компоненти на складирање: управување, збирка, градба и простор и мебел и опрема.

Методот *RE-ORG* е поделен во четири фази:

- Отпочнување;
- Извештај за состојбата на складирањето;
- Акциски план за складирање;
- Спроведување на реорганизација на складирањето.

*RE-ORG* содржи формулари за евалуација кои се соодветни за корисниците и кои им овозможуваат и на оние кои не се специјалисти да направат истражување. Тие ги опфаќаат следниве теми:

- Дијагностика и евалуација на складирањето;
- Листа на материјали и алатки за реорганизација на складирањето;
- Податоци за просториите и процена на главните закани за збирката;
- Процена на мебелот и просторот за складирање;
- Процена на административната рамка и управувањето;
- Анализа на збирката;
- Евалуација на системот за документација;
- Процена на опремата;
- Преглед на градбата.

Контејнерите за складирање може да се користат во Стоби како привремена мерка, во очекување на изградба на нов објект. Погледнете ги референците во Прилог 4.

# ПРИЛОГ 1: ПРЕДЛОГ ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Рутинските конзерваторски процеси кои се опишани погоре треба да се засноваат на соодветни информации, но и да бидат поддржани од стратешки истражувања со цел да се одредат најсоодветните третмани за Стоби (како што е предложено во дел 4.5.2 во ова поглавје). Следниве теми се од најголема важност.

## 1. ОШТЕТУВАЊА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА КАМЕН

**- Дефинирање на типови на ѕидарија**

Бидејќи оштетувањето на каменот е главниот конзерваторски проблем во Стоби, треба да се класифицираат типовите на ѕидаријата, со цел да се одредат соодветни спецификации за поправка за секој тип ѕидарија:

- Проучување и класификација на севкупната ѕидарија на локалитетот;
- Видете ги советите во Прилог 3, дел 1.

**- Оштетување на песочникот и изнаоѓање соодветен каменолом**

Песочникот од Стоби е особено чувствителен на влага и оштетувања, со оглед на присуството на глина во него (види 4.2.1). Третманот на оштетувањата на песочникот во Стоби е од клучно значење за опстанокот на античките структури, за што е потребно многу подобро разбирање со цел да се спроведуваат соодветни конзерваторски зафати и замена на каменот.

- Ангажирање на академски партнер за истражување на оштетувањата на каменот;
- Идентификување на геолошките варијации на песочникот и неговите оштетувачи, хронолошка употреба и создавање модел на предвидлив ризик;
- Проучување на каменот од сегашните и старите каменоломи за да се процени издржливоста и неговата потенцијална употреба за конзервација на каменот во Стоби;
- Погледнете ги референците во Прилог 4.

**- Улогата на загадувачките материи во оштетувањето на каменот**

Ризикот од загадување на Стоби во моментов е непотврден, а претпоставките се базирани на емпириски набљудувања. Треба да се потврдат формите на оштетување, како и потеклото на сите штетни загадувачи.

- Ангажирање на академски партнер за истражување на улогата на загадувачките материи во оштетувањето на каменот;
- Изработка на истражувачки проект;
- Одредување на составот и изворот на загадување;
- Мониторинг на нивото и составот на загадувањето;
- Истовремен мониторинг на состојбата на каменот во пробните зони;
- Погледнете ги референците во Прилог 4.

**- Истражување на лишаи**

Лишаите се особено агресивни на површината на песочниците. Индиректните зафати можат значително да ја ублажат биодеградацијата:

- Ангажирање на академски партнер за истражување на лишаи;
- Идентификување на видовите лишаи во Стоби, нивното влијание врз градежниот камен, мозаиците и украсните елементи;
- Идентификување на значајните архитектонски елементи кои се изложени на ризик;
- Идентификување на потенцијални третмани (биоциди и исклучување на изворите на светлина);

• Тестирања на третмани;

• Спроведување на испитувања за третмани со нивна процена;

• Видете ги советите во Прилог 3, дел 5.

## 2. КОНЗЕРВАТОРСКИ МАЛТЕРИ

Постои итна потреба од темелна ревизија на малтерите што се користат во Стоби, вклучувајќи и анализа на естетските прашања, анализа на природата на соодветните конзерваторски малтери, изнаоѓање локални материјали и градежна експертиза при нивната употреба за различни намена (фугирање, поставување капи на круништата на ѕидовите итн.):

• Идентификување на локалната природна варовничка геологија и достапните комерцијални материјали;

•Промовирање на комерцијално производство на гасена вар;

• Анализирање на античките малтери по потреба (на пример, доцноантички малтери од вар и земја);

• Идентификување на соодветни видови малтери за различна намена (фугирање, поставување капи на круништата на ѕидовите и според типологиите на ѕидовите);

• Тестирања со различни видови малтер;

• Види Прилог 3, дел 6; Прилог 4.

## 3. ЗАШТИТА НА ПОДНИ ОБЛОГИ И ДРУГИ ПОЈАВИ

Мозаиците се заштитени со нивно затрупување во зима. Исто така, и другите делови, како што се недекорираните подни облоги и античките камени леѓени и базени, би требало да се третираат на сличен начин. За сегашните употребувани методи е потребен доста труд. Тие треба да бидат подложени на процена и треба да се направат проби со други методи чија ефикасност би била предмет на мониторинг:

• Процена на пристапот до различни материјали за покривање и влијанието на сезонското откривање;

• Ревидирање на влијанието од откривањето на мозаиците на пролет со цел да се намали можниот стрес (на пример, откривање за време на влажен, облачен ден);

• Следење на состојбата на мозаиците (микропукнатини, соли итн.) со цел да се дојде до сознанија како да се подобри сезонската заштита;

• Види ги советите во Прилог 3, дел 4.

## 4. МОНИТОРИНГ И ПРОЦЕНА НА ДИНАМИЧНИТЕ РИЗИЦИ

Лошата конструкција и состојба на бројните ѕидани структури ги прави многу ранливи на динамични вибрации (види 2.1). Менаџирањето на нивната заштита во овие услови бара целосно разбирање на динамичните ризици.

**- Општ мониторинг**

За да се следат реакциите на градбите и на самиот локалитет на сеизмички настани и човечки активности (вибрации од сообраќајот и контролирани воени експлозии), потребно е да се инсталира постојана мрежа за мониторинг и евидентирање на податоци. Ова би значело континуирано евидентирање на реакциите на градбите и нивните структурни елементи (пукнатини, напрегања и деформации) во нив. Овој проект за мониторинг треба да се разработи и проектира што е можно поскоро како неопходна мерка на претпазливост. Тој би служел како основа за развој на соодветна методологија за структурна стабилизација на спомениците против евентуални оштетувања.

Посебно внимание треба да се посвети на дефинирањето на ризиците од сообраќајните вибрации врз Театарот и Епископската базилика. За ризиците од експлозии треба да се добијат информации од Армијата, во врска со програмирањето и интензитетот на експлозиите, со соодветни мерења и мониторинг на Стоби за да се проценат ефектите од нив.

**- Сеизмички ризик**

Во согласност со прописите, меѓународните критериуми и инженерската практика, треба да се одредат деталните параметри на сеизмичкиот ризик кај Стоби, а со цел да се процени очекуваната ранливост на неговите структури. Во инженерската терминологија ова значи дефинирање на детални и прецизни сеизмички параметри за проектирање и анализа на структурите на локалитетот.

Покрај мониторингот во реално време опишан погоре, треба да се спроведе истражувачки проект од страна на професионална институција за проучување на сеизмичките микролокации на локалитетот, преку кои може да се одредат неговите сеизмички параметри. Студијата треба да ги вклучува следниве истражувања:

- Геотехнички анализи и истражувања: дупчење на најмалку три локации до длабочина од 30 метри со цел да се утврдат локалните услови на почвата и амплификацијата на сеизмичките бранови; имено, очекуваното забрзување на сеизмичките бранови на земјата како влезен параметар за анализа на структурите;

- Геофизички истражувања: мерења на карактеристични места на локалитетот и структурите со цел да се дефинираат сеизмичките бранови како основа за анализа на структурите и градбите и дефинирање на сеизмичкиот ризик и нивната ранливост.

**- Проучување на структурни примери**

Основата за структурната конзервација на споменици и археолошки локалитети е истражување и следење на карактеристиките на материјалите и структурните системи, како и изборот на соодветни материјали и системи за структурна санација. Античките градби во Стоби се карактеризираат со релативно мал број различни ѕидарски типови (структурни системи и градежни материјали) [види Прилог 3, дел 1]. Затоа, се предлага да се изберат репрезентативни структури со различни типологии и за секоја од нив да се примени целиот процес на конзервација: од процена на состојбата, преку спецификација на санацијата, па сѐ до спроведување. Ова би било корисно не само за воспоставување на конзерваторски критериуми за секоја тип на градба, туку би било корисно и за обуки.

# ПРИЛОГ 2: ПРЕДЛОГ ЗА НОВИ СТАНДАРДИ И УПАТСТВА

## 1. КОНЗЕРВАЦИЈА ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ

Се препорачува да се зајакне политиката за интегрирање на конзервацијата со процесот на истражување. Ова значи дека е потребно:

- Планирање на конзерваторските мерки и истражувањата заедно;

- Непосредно документирање на состојбата на новоистражените градежни материјали и нивните декоративни елементи;

- Заштитување со физички мерки: времено покривање, тенди итн.;

- Заштитување со организациски мерки: избегнување на најжешките часови и периоди; избегнување делумни истражувања (колку што е можно) со цел да се намалат штетите предизвикани од ненадејната промена на условите на животната средина;

- Подготвување материјали и опрема на локалитетот кои можат да се користат за итни интервенции за време на истражувањата;

- Археологот да биде придружуван од конзерватор во текот на целиот период на истражување;

• Планирање и спроведување на привремени потпори за истражуваните квадрати, заштита и/или сезонско покривање меѓу истражувачките кампањи;

• Обезбедување средства за безбеден пристап за посета и мониторинг на условите во истражените места (на пример, откривање нестабилност на ѕидовите и на други структури, опасност од рушење, итн.).

## 2. ДИЗАЈН И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ КАПИ НА КРУНИШТАТА НА ЅИДОВИТЕ

Главната цел на поставувањето капи на круништата на ѕидовите е да се избегне пенетрација на вода и раст на вегетацијата во јадрото на ѕидот. Воедно, поставувањето капи на круништата на ѕидовите може да биде дидактичка форма на презентација/интерпретација на ѕидната конструкција. Треба да се проектираат и испробаат подобри форми на поставување капи на круништата на ѕидовите, како за привремена (на пример, за време на ископување) така и за долготрајна заштита.

**- Привремени капи на круништата на ѕидовите**

• Дефинирање на едноставни методи на заштита;

• Видете ги советите во Прилог 3, дел 7.

**- Долгорочни капи на круништата на ѕидовите**

• Проучување на сите постоечки решенија на поставување капи на круништата на ѕидовите низ локалитетот со цел да се идентификува нивната улога во заштитата/детериорацијата на античките ѕидови и нивното естетско влијание (позитивно или негативно), а со цел да се помогне при новите решенија;

• Дефинирање на нови решенија и материјали за поставување капи на круништата на ѕидовите и спроведување тестови;

• Видете ги советите во Прилог 3, дел 7.

## 3. ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ ЗАШТИТНИ ПОКРИВНИ КОНСТРУКЦИИ

Новите заштитни покривни конструкции обично се дизајнирани од архитекти, вообичаено без искуство за овој тип на градби. Како резултат на тоа, нивниот дизајн може да биде многу проблематичен, создавајќи дополнителни проблеми за античките остатоци.

Затоа, важно е за менаџментот на локалитетот да изготви упатства за заштитни покривни конструкции и нивно поставување. Треба да се изготви проектна програма.

Општите упатства може да ги вклучуваат, на пример, следниве активности:

• Дизајнот треба да им даде приоритет на перформансите (на пример, заштита), пред естетскиот изглед;

• Проектот треба да вклучува тим специјалисти, предводен од проектен менаџер;

• Тимот специјалисти треба да се состои од специјалисти од НУ Стоби и други специјалисти (архитект и конзерватор, хидрогеолог итн.), кои ќе ја изготват проектната програма;

• Архитектот ангажиран да ја дизајнира заштитната покривна конструкција треба да ја следи проектната програма како дел од договорните обврски;

• Големината и карактеристиките на заштитната покривна конструкција треба да одговорат на причинителите на оштетувањето (особено управувањето со вода/дренажа, како и промените во животната средина);

• Поврзаност на дизајнот на заштитната покривна конструкција со достапните ресурси за нејзина изградба, како и за нејзино долгорочно управување и одржување;

• Временскиот период за кој е потребна заштитната покривна конструкција (на пр. за време на истражување, итно/краткорочно, долгорочно итн.), сеизмичкиот ризик и локално достапните материјали со цел да се обезбеди одржливост и одржување на заштитните покривни конструкции;

- Вклучување на евалуациски мониторинг по поставувањето на заштитните покривни конструкции (види референци во Прилог 4).

### 4. НАСОКИ ЗА ЗАТРУПУВАЊЕ

За ефективна заштита со затрупување е потребно обмислено наслојување (материјали и конфигурација) за предвиденото времетраење (краткорочно, среднорочно, долгорочно).

Постојат бројни публикации кои опишуваат оптимални методи и материјали (види Прилог 5). Тие треба да се консултираат со цел да се дефинира стандард за затрупување во Стоби. Тоа треба да обезбеди:

- Водопропустливост на сите материјали што се користат за затрупување (и што е најважно, избегнување на непропустливи мембрани за одвојување);
- Тестирање на материјалите пред нивното нанесување;
- Заштита од ерозија (на пр., периферна дренажа);
- Заштита од вегетација и штетни животни;
- Мониторинг на перформансите и одржувањето.

### 5. УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ

Изготвувањето на стратегијата за управување со природни и човечки извори на вода и системи за вода ќе помогне во насочувањето на новите инсталации преку соодветни упатства.

Во минатото се собирале поединечни информации, заедно со некои хидрогеолошки истражувања. Овие податоци треба да се надополнат со процена на целиот локалитет и сето тоа да се внесе на ГИС платформа. Таа треба да ги вклучува:

- Сите познати природни извори на вода (видливи и подземни);
- Сите познати антички и модерни системи за дренажа;
- Современите извори на водоснабдување и дистрибуција;
- Познати или претпоставени антички подземни структури од геофизички истражувања;
- Врнежи од дожд кои продираат во античките градби;
- Дигитално моделирање на теренот за да се разберат моделите на проток на површинските води, од топографските ласерски скенови на локалитетот;
- Хидролошка процена на почвите.

Општата хидрогеолошка процена на локалитетот ќе помогне да се дефинираат одлуките поврзани со управувањето со водите, дренажата и другите елементи, како што се заштитните покривни конструкции.

## ПРИЛОГ 3: ТЕХНИЧКИ СОВЕТИ

Овој прилог содржи советодавни насоки за одредени конзерваторски процеси во Стоби.

### 1. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ТИПОВИ (ОПУСИ) НА ЅИДАЊЕ

На археолошкиот локалитет Стоби се забележуваат разновидни типови на ѕидарија. Шемата на структурни оштетувања ги одредува и типовите на поправки кои се неопходни за секој тип на ѕидарија.

Типологијата на ѕидаријата треба да се идентификува, формално да се карактеризира и да се означи. Ова треба да е придружено со опис на оштетувањата за секој тип ѕидарија, ризикот за градбата и соодветните методи за конзервација (сл. 63).

## 2. ИНТЕГРИРАНА ПРОЦЕНА НА ЗНАЧЕЊЕТО, СОСТОЈБАТА И РИЗИКОТ

Најефективниот начин да се одредат приоритети за интервенција на градбите на археолошкиот локалитет Стоби се постигнува преку интегрирана процена на значењето, состојбата и ризикот на секоја градба поединечно, заедно со нејзините составни делови. Слична методологија за оваа намена е развиена за локалитетот Була Регија во Тунис, која содржи нумеричка класификација кој овозможува да се одредат приоритети за конзервација. Оваа методологија може да се примени за целата градба, но и за индивидуалните архитектонски елементи (сл. 64).

За да се разбере видот и потенцијалниот степен на ризик за локалитетот, овие елементи мора да се разберат во целина, што вклучува целосен инвентар (на поставена ГИС база на податоци) за:

- Споменици;
- Структури;
- Движни елементи;
- Хипогеуми (подземни простории);
- Други познати видови вкопани појави;
- Подови, ѕидови, сводови и нивна декорација по типови (мозаици, фески, сектиле, штуко декорација);
- Артефакти;
- Архивска и историска документација (планови, фотографии, извештаи од ископувањата и конзервацијата);
- Услуги (струја, вода);
- Менаџирање на водите;
- Јавен пристап;
- Безбедносни мерки (за заштита од кражби и вандализам).[9]

Процената на значењето изработена за античкиот град Херкуланум во Италија е потенцијален модел. На пример, во секоја просторија во секоја градба, археолозите ги мапирале нивните внатрешни карактеристики (фрески, разни видови на подови, постоечкиот мебел итн.), како и нивното значење. Сето ова е дефинирано во нумеричка скала од 1 до 10, во зависност од нивната уникатност во рамките на локалитетот, а потоа и пошироко, во рамките на римскиот свет. Врз основа на оваа класификација, изведена е вкупната вредност на сите простории кои се означени со различни бои. Ова претставува многу корисна алатка во одредувањето на приоритетите за интервенција, особено кога планирањата во најголем дел се завршени и кога се ограничени финансиските средства (сл. 65, 66).

## 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАДРАТИТЕ ВО КОИ СЕ ИСТРАЖУВА

Во периодот меѓу истражувачките сезони, квадратите и придружните археолошки појави се изложени на ризик од уривање поради дождови или протечна вода. Квадратите може лесно да се обезбедат во текот на истражувањата, со поставување на геотекстил на површините или ѕидовите кои се врзани со кал (сувоѕид). Истото може да се изведе и со други материјали со кои располага локалитетот, како што се фрагментирани тули или камења.

Вегетација, или полнети душеци со вегетација (кои се употребуваат во градежништвото) можат да се употребат за да се обезбедат косините, за кои се потребни мали финансиски средства (види Прилог 4).

9 За детален опис на оваа методологија, види: Roby, T. et al. 'Conservation planning for excavated mosaics at the site of Bulla Regia, Tunisia: A component of the MOSAIKON initiative', The Conservation and Presentation of Mosaics: At What Cost? Proceedings of the 12th Conference of the International Committee for the Conservation of Mosaics, Sardinia, October 27–31, 2014 Edited by Jeanne Marie Teutonico, Leslie Friedman, Aïcha Ben Abed, and Roberto Nardi, 2017, pp. 153-163.
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/books/conservation_presentation_mosaics.html
Публикацијата се наплаќа: за порачка на фотокопија, види: ICCROM во Прилог 4.

## 4. ПРОБИ ИЛИ АЛТЕРНАТИВНИ МЕТОДИ ЗА ЗАШТИТА НА МОЗАИЦИ И ДРУГИ АРХЕОЛОШКИ ПОЈАВИ ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД

Истражувањата за покривање на мозаиците *in situ* се започнати во 1992 г. Изведени се експерименти со повеќе можни решенија.[10]

По 25 години се покажа дека најдобар материјал за привремено покривање е *gore-tex*™, ткаенина која е водонепропусна, која овозможува проток на воздух и е отпорна на ултравиолетово зрачење. Најголемиот проблем е високата цена на ткаенината (околу €300 за m$^2$). Направени се други истражувања за материјали со истите карактеристики како и *gore-tex*™, но поевтини. По дванаесет години тестирања со *Delta-Lite*™, еден од материјалите кои се употребуваат во градежништвото (водонепропусен), се покажа како соодветна ткаенина за оваа намена. *Delta-Lite*™ ги има истите карактеристики како и *gore-tex*™, и чини само околу €4 за m$^2$. Лесно се поставува и се отстранува како цело парче и обзбедува извонредна заштита за мозаичните подови. Се употребува на многу археолошки локалитети низ Италија и Медитеранот.

Во Стоби, за заштита на мозаиците во текот на зимата се употребува геотекстил и песок. Ваквиот начин бара ангажирање на работна сила, а песокот постепено се контаминира со земја, што овозможува раст на вегетација. Треба да се испробаат алтернативни методи за заштита, со следење на состојбата на мозаиците (како што е микрофотографирање). Вреќи, торби и навлаки наполнети со соодветни материјали треба да се земат предвид како можна замена.

Неопходните карактеристики и потенцијалните материјали се следните:

- Вреќи, торби и навлаки:
- Карактеристики: потребно е да се водонепропусни, да овозможуваат проток на воздух, да се отпорни на ултравиолетово зрачење и биодеградација, да се трајни и повеќекратно употребливи;
- Материјали: *Delta-Lite*™ или сличен материјал (но не од биоразградлива јута или пластични кеси кои се користат за пакување храна).
- Материјал за полнење:
- Карактеристики: потребно е да е водонепропусен, да овозможува проток на воздух, отпорен на биодеградација и да е траен;
- Материјали: десолинизиран песок, земја, експандирана глина.

Други методи и материјали треба да се земат предвид за заштита на базените каде што се забележува забрзан процес на распаѓање поради задржување на дождовница. Базените кои се презентирани за јавност треба да се заштитат преку зима, или на подолг период оние кои не се презентирани.

Добар пример за привремено затрупување со едноставни и брзи методи е применет за базенот на римската бања на археолошкиот локалитет Сагаласос во Турција (сл. 67).

## 5. ПРОБИ ЗА ТРЕТМАН НА ЛИШАИТЕ

Пробите за третман на лишаите ќе посочат соодветен третман кој може да има широка примена врз камените структури и елементи низ целиот локалитет, за што е неопходна консултација со експерт за лишаи за насоки.[11] Може да се направат проби со биоциди, но нивната употреба е проблематична: не се трајни, што значи дека имаат краткотраен ефект и овозможуваат навлегување на неприродни хемикалии во античките градежни материјали.

Друг, поблагороден метод кој вреди да се истражи, е целосно спречување на дневна светлина. Покривањето на лишаите со геотекстил или, по можност *Delta-Lite*™ ткаенина, ќе ја спречи изложеноста на природна светлина која е потребна за нивниот развој. Ова е евидентно на мозаиците кои се покриени преку зима во Стоби, но и на околната ѕидарија која е, исто така, покриена, каде што нема лишаи. Овој метод треба да се проба како пробна опција. Истото може да се примени и во текот на годината, а ефектот да се проверува со мониторирање и фотодокументирање.

10 Види: R. Colombi, "Il progetto forum dell'ICCROM per la conservazione dei mosaici, in AISCOM II, Bordighera, 1995, pp. 223-228. За достапна копија види: ICCROM во Прилог 5.

11 Орнела Салвадори е експерт на ова поле, во врска со распаѓањето на камењата: https://www.researchgate.net/publication/301304508_The_Role_of_Fungi_and_Lichens_in_the_Biodeterioration_of_Stone Monuments).

## 6. СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВАРОВИ МАЛТЕРИ

Малтерите од нехидраулична и природна хидраулична вар се најсоодветни за стабилизирање на урнатите делови од градбите. Тие кои се засноваат на современиот портланд цемент се со преголема цврстина и непропустливи, ја задржуваат влагата внатре во ѕидот и предизвикуваат голем број проблеми на античката ѕидарија.

Нехидрауличната вар се прави од чист варовник, додека, пак, природната хидраулична вар се добива од варовник кој содржи глина. Локалните геолошки истражувања ќе покажат кои материјали се достапни (види Прилог 4). Треба да се даде предност и да се охрабрува развојот на локалната комерцијална подготовка на вар според традиционалните методи. Во друг случај, варови малтери можат да се набават од соседните држави.

Нехидрауличната гасена варова паста е идеален материјал. Но, ако е достапна само вар во прав, тогаш таа може да се подобри со потопување во вода во пластични кофи, кои треба да се добро затворени за да се спречи присуството на кислород и да се остави што е можно подолго време да се претвори во густа варова паста.

Природните хидраулични малтери се неопходни во услови на зголемена влага или изложеност на остри климатски промени. Тие се дефинирани во Европските стандарди како EN459. Ако не може да се набават природни хидраулични малтери, можен е компромис со употреба на т.н. „малтери по мерка“ со нехидраулична вар измешана со портланд цемент. Белиот портланд цемент можеби содржи помалку растворливи соли отколку сивиот обичен портланд цемент, но е поцврст. За да се избегнат проблемите поврзани со цементот, треба да се употребува во мали количини:

- 1 : 3 : 12 (цемент : вар : песок) за слаба хидраулична мешавина;
- 1 : 2 : 9 (цемент : вар : песок) за силна хидраулична мешавина;

Поголеми количини на цемент не треба да се употребуваат.

Всушност, хидрауличен варов малтер е неопходен за изведба на капи врз круништата на ѕидовите или за деловите кои се изложени на зголемена влага или остри климатски промени, како и за инјектирање со цел стабилизација на јадрата на ѕидовите. Нехидрауличната вар е соодветна за фугите, освен за основата на ѕидовите кои можат да бида постојано изложени на влага.

Инјектирањето се применува само кога се видливи структурни проблеми или во случаи кога носачите на заштитната покривна конструкција се поставени врз постоечкиот ѕид. Во овој случај, треба да се направи соодветно статичко испитување (дупчење на јадрото за да се земат примероци, хемиски анализи итн.).

За малтерите кои се употребуваат како заштитен завршен слој (капи) на круништата на ѕидовите, не е неопходна претходна анализа на стариот малтер. За подготовка на малтерите за фугирање потребна е минимална анализа на античките малтери. Овие анализи можат да се направат на локалитетот со примена на основна опрема и тренинг (види референци во Прилог 4). Резултатите од анализите треба да се запишат така што ќе бидат корисни за надополнување на знаењето за малтерите на локалитетот. На овој начин, сеопфатните анализи (кои бараат време и средства) ќе се сведат само на оние кои се неопходни.

## 7. ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ КАПИ ВРЗ КРУНИШТАТА НА ЅИДОВИТЕ

Поставувањето на капи врз круништата на ѕидовите треба да се изведува како краткорочна или долготрајана мерка на заштита. Долготрајните заштитни капи врз ѕидовите треба да имаат ефикасна улога на „жртвен слој“ кој може да се обнови кога е потребно.

### Привремени заштитни капи

Привремените заштитни капи се корисни за да го ублажат распаѓањето на ѕидовите додека се чека продолжување на истражувањата, или додека се комплетира интерпретацијата на локалитетот. Тоа може да се постигне со едноставни материјали достапни на локалитетот, како што се паднати и фрагментирани ќерамиди или камења кои се собрани во текот на ископувањата, наизменично измешани со набиена земја и геотекстил, кој треба да се прицврсти за земја со јажиња фиксирани со камења.

**Долготрајни заштитни капи врз ѕидовите**

Долготрајните заштитни капи врз ѕидовите треба да изгледаат слично на јадрото на ѕидот и да се изведуваат на начин кој се вклопува со „руинираната естетика" на локалитетот. Уште поважно, потребно е изведбата да ги поседува следните карактеристики:

- Да закосува од средината кон страните за да истекува дождовницата;
- Да има поголема количина камен во однос на малтерот за да се спречи ерозија на малтерот;
- Да се употребува хидрауличен варов малтер кој ќе опстои во острите зимски услови.

Стабилизација на круништата на ѕидовите најдобро се изведува на пролет, за да има доволно време малтерот да стврдне пред почетокот на жешките летни или студените зимски денови. Во текот на аплицирањето, малтерите треба добро да се заштитени од ветер, сонце и дожд. Ако се изведуваат наесен, потребно е да се постави зимска заштита, како, на пример, јутени навлаки полни со слама (кои ќе овозможат проток на воздух), а потоа и со стари черги и водоотпорни церади. Овие заштитни слоеви треба да се прицврстат со јажиња фиксирани со камења или тули од двете страни на ѕидот.[12]

## 8. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ

Одржувањето и мониторингот имаат симбиотска врска која расте, се развива и созрева со текот на времето, ако и двете активности се правилно изведени.

Целта на одржувањето е да го сочува значењето на античките структури, со тоа што го намалува губењето на автентичните облици и материјали и ја намалува потребата и зачестеноста на големите конзерваторски зафати. Одржувањето се спроведува на два начина:

- преку планирано оддржување: редовна инспекција и мониторинг (на дневна, неделна, месечна, полугодишна, годишна, петгодишна основа);
- реактивно одржување: инспекција и одржување што се презема после невреме.

Редовните планирани активности за одржување на локалитетот, односно мониторингот, ги вклучува:

- тлото и вегетацијата;
- инфраструктурата за одводнување;
- археолошките квадрати и сонди;
- античките структури и архитектонските елементи;
- заштитните покривни конструкции;
- депоата.

Табелите на сл. 68-71 се креирани за функционални градби (преземено од: *Conservation Basics. Practical Building Conservation*, 2013). Тие можат да се применат за инфраструктурата на современите објекти во Стоби и можат да се модифицираат и за античките градби на локалитетот.

Целта на мониторингот е да креира база на податоци за состојбите, која може постојано да се надградува. Исто така, на овој начин се овозможува систематско и точно разбирање на секоја градба или нејзин елемент.

Ова овозможува периодично идентификување на конзерваторските работи потребни за деловите од секоја градба, коишто може да се квантифицираат според видот и зачестеноста. Оттука произлегува и проектирањето на рутинското одржување.

Релацијата меѓу одржувањето и мониторингот значи дека системот може континуирано да еволуира и да се развива, што овозможува оптимално планирање на потребното работно време, системот на заштита и времето потребно за движење меѓу градбите на локалитетот.

12 За дискусии од технички аспект за заштитните капи на ѕидовите, види:
Ashurst, John. Conservation of ruins. Amsterdam & London: Elsevier / Butterworth - Heinemann, 2007; Wall tops, pp. 93-108. Публикацијата се наплаќа: за набавка на фотокопија, види: *ICCROM* во Прилог 5.

Примери за мониторинг се:

- Состојбата на мозаиците кои се покриваат / откриваат секоја сезона;
- Контролата на лишаите;
- Ефикасноста на новите заштитни покривни конструкции.

# ПРИЛОГ 4: ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

Голем дел од техничките совети за конзервација се достапни на интернет. Подолу е избрана библиографија на публикации на англиски јазик која е релевантна за Стоби, главно, од *ICCROM* и Конзерваторскиот институт на Гети. Овие можат да се употребат за создавање на референтна библиотека во Стоби, која ќе ја користи тимот.

**Теорија на конзервација**

Conserving the authentic: essays in honour of Jukka Jokilehto
https://www.iccrom.org/publication/conserving-authentic-essays-honour-jukka-jokilehto

A History of Architectural Conservation
https://www.iccrom.org/publication/history-architectural-conservation

Values and Heritage Conservation
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/values_heritage_research_report.html

**Управување со археолошки локалитети и конзервација**

Managing Cultural World Heritage
https://www.iccrom.org/publication/managing-cultural-world-heritage

Упатства за управување со светско културно наследство
https://www.iccrom.org/publication/management-guidelines-world-cultural-heritage-sites

Конзервација во тек на археолошки ископувања: со особен осврт на Медитеранот
https://www.iccrom.org/publication/conservation-archaeological-excavations-particular-reference-mediterranean-area

Превентивни мерки во текот на ископувањата и конференции за заштита на локалитетите: конференција Гент, 6.-8. ноември 1985
https://www.iccrom.org/publication/preventive-measures-during-excavation-and-site-protection-conference-ghent-6-8-november

Preserving Archaeological Remains
https://historicengland.org.uk/images-books/publications/preserving-archaeological-remains/
Management Planning for Archaeological Sites
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/books/mgmnt_planning_arch_sites.html

Conservation and Management of Archaeological Sites Bibliography
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/conserv_mngmnt_arch_sites_biblio.html

Conservation and Management of Archaeological Sites Bibliography
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/conserv_mngmnt_arch_sites_biblio.html

Conservation Management Planning: Putting Theory into Practice, The Case of Joya de Cerén, El Salvador
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/cons_mgt_planning.html

Conservation of Archaeological Sites in the Mediterranean Region
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/conserv_sites_mediterranean.html

Protective Shelters for Archaeological Sites
http://www.getty.edu/conservation/our_projects/education/shelters/ProtectiveShelters_web.pdf

**Конзервација на архитектура**

Conservation of Cultural Heritage in the Arab Region: Issues in the Conservation & Management of Heritage Sites
https://www.iccrom.org/publication/conservation-cultural-heritage-arab-region-issues-conservation-management-heritage

Conservation of Architectural Heritage, Historic Structures and Materials
https://www.iccrom.org/publication/conservation-architectural-heritage-historic-structures-and-materials

Structural conservation of stone masonry: international technical conference, Athens, 31.X.-3.XI.1989
https://www.iccrom.org/publication/stuctural-conservation-stone-masonry-international-technical-conference-athens-31x

Humidity in monuments
https://www.iccrom.org/publication/humidity-monuments

A Laboratory Manual for Architectural Conservators
https://www.iccrom.org/publication/laboratory-manual-architectural-conservators

Lectures on Materials Science for Architectural Conservation
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/materials_science_architectural_conserv.html

**Конзерваторски малтери**

Repointing Brick and Stone Walls: Guidelines for Best Practice
https://historicengland.org.uk/images-books/publications/repointing-brick-and-stone-walls/heag144-repointing-brick-and-stone-walls/

TAN 01 - Preparation and Use of Lime Mortars
https://issuu.com/hspubs/docs/tan_01__preparation_and_use_of_lime_mortars/3

**Конзервација на мозаици**

International Committee for the Conservation of Mosaics, conference proceedings
https://iccm-mosaics.org/publications/

Illustrated Glossary: Technician Training for the Maintenance of In Situ Mosaics
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/glossaire.html

Mosaics in Situ: An Overview of Literature on Conservation of Mosaics in Situ
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/lit_review.html

The Conservation of the Orpheus Mosaic at Paphos, Cyprus
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/orpheus_mosaic.html

Technician Training for the Maintenance of In Situ Mosaics
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/tech_training.html

**Конзервација на камен**

ICOMOS-ISCS: Illustrated glossary on stone deterioration patterns
https://www.icomos.org/publications/monuments_and_sites/15/pdf/Monuments_and_Sites_15_ISCS_Glossary_Stone.pdf
Biology in the conservation of works of art
https://www.iccrom.org/publication/biology-conservation-works-art

Sourcing Stone for Historic Building Repair
https://historicengland.org.uk/images-books/publications/sourcing-stone-for-historic-building-repair/

Plant Biology for Cultural Heritage: Biodeterioration and Conservation
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/books/plant_biology_cultural_heritage.html

TAN 10 - Biological Growths on Sandstone Buildings: Control and Treatment
https://www.historicenvironment.scot/archives-and-research/publications/publication/?publicationId=e766f2df-ff8e-46c7-b4a8-a5ae0110a41f

Stone Conservation: An Overview of Current Research, Second Edition (2010)
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/stone_cons_2nd_edit.html

Stone Conservation: An Overview of Current Research (1996)
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/stone_conservation.html

Stone Masonry Materials and Skills: A Methodology to Survey Sandstone Building Façades (2007) www.engineshed.scot/publications/publication/?publicationId=1ded2862-0599-44cb-81d4-a5c300a2bb9e

**Конзервација на ѕидно сликарство**

GRADOC: graphic documentation systems in mural painting conservation: research seminar, Rome, 16-20 November 1999
https://www.iccrom.org/publication/gradoc-graphic-documentation-systems-mural-painting-conservation-research-seminar-rome

Western medieval wall paintings: studies and conservation experience: Sighisoara, Romania, 31 August - 3 September 1995
https://www.iccrom.org/publication/western-medieval-wall-paintings-studies-and-conservation-experience-sighisoara-romania

Conservation of Wall Paintings
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/conserv_wall_paintings.html

**Управување со ризици**

The ABC Method: a risk management approach to the preservation of cultural heritage
https://www.iccrom.org/publication/abc-method-risk-management-approach-preservation-cultural-heritage

Guide to Risk Management
https://www.iccrom.org/publication/guide-risk-management

Risk Preparedness: A Management Manual for World Cultural Heritage
https://www.iccrom.org/publication/risk-preparedness-management-manual-world-cultural-heritage

Fire Safety Management in Traditional Buildings Guide for Practitioners 7
https://www.historicenvironment.scot/archives-and-research/publications/publication/?publicationId=7300097e-415f-4d27-a5fe-a5ad00ab8501

Museum Collections Management
ICCROM RE-ORG artefact storage tools
https://www.iccrom.org/themes/preventive-conservation/re-org/resources

Teamwork for Preventive Conservation
https://www.iccrom.org/publication/teamwork-preventive-conservation

Standards in Preventive Conservation: Meanings and Applications
https://www.iccrom.org/publication/standards-preventive-conservation-meanings-and-applications

Recording, Documentation, and Information Management for the Conservation of Heritage Places: Illustrated Examples
http://www.getty.edu/conservation/publications_resources/pdf_publications/recordim_vol2.html

## ПРИЛОГ 5: ДОПОЛНИТЕЛНА БИБЛИОГРАФИЈА

AATA Online е сеопфатна база на податоци од речиси 150.000 апстракти од литература за заштита (на англиски јазик): http://aata.getty.edu/Home

BCIN е библиографска база на податоци за конзервација од речиси 200.000 референци, повеќето со апстракти на француски и англиски јазик: http://www.bcin.ca

ICCROM (Меѓународен центар за обнова и зачувување на културните добра, Рим) ги содржи една од најважните библиотеки за заштита во светот, а неговиот каталог е достапен преку интернет:

https://www.iccrom.org/resources/library-services

Фотокопии може да се побараат преку услугата за испорака на документи од библиотеката на ICCROM:

- Цената е € 0.15 за A4 страница + испорака
- Само до 10-15% од целата книга или една статија од списание
- Испрати барање на: docdelivery@iccrom.org



# ИЛУСТРАЦИИ ЗА ПОГЛАВЈЕТО 4

| Year | Month | Day | $M_L$ | $I_0$ | Epicentral area | Observed and reported Effects |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Earthquakes before 1900 | | | | | | |
| -300 | - | - | 6.05 | IX | Valandovo (MK) | |
| 400 | - | - | 6.05 | IX | Gradsko (MK) | |
| 518 | - | - | 6.05 | IX | Skopje (MK) | |
| 527 | - | - | 6.05 | IX | Ohrid (MK) | |
| 896 | 09 | 04 | 6.05 | IX | Pehčevo (MK) | |
| 1456 | 06 | 16 | 6.05 | IX | Prizren (XK) | |
| 1555 | - | - | 6.05 | IX | Skopje (MK) | |
| 1641 | - | - | 5.57 | IX | Kyustendil (BG) | |
| 1896 | 02 | 11 | 6.33 | IX | Korçë (AL) | |
| Earthquakes after 1900 | | | | | | |
| 1902 | 07 | 05 | 6.50 | IX | Assiros (GR) | Destruction, human loss and injury, ground cracking |
| 1904 | 04 | 04 | 6.70 | IX | Kresna (BG) | Massive destructions and surface dislocations |
| 1904 | 04 | 04 | 7.50 | X | | |
| 1905 | 10 | 08 | 6.10 | VIII | Kresna (BG) | --- |
| 1906 | 09 | 28 | 6.00 | VIII | South of Lake Ohrid (AL) | --- |
| 1911 | 02 | 18 | 6.70 | IX | South of Lake Ohrid (AL) | Heavy destruction, human loss and injury |
| 1912 | 02 | 13 | 6.00 | VIII | South of Lake Ohrid (AL) | --- |
| 1921 | 08 | 10 | 6.10 | IX | Vitina (XK) | --- |
| 1931 | 03 | 07 | 6.00 | VIII | Valandovo (MK) | Heavy destruction, human loss and injury, ground settlement |
| 1931 | 03 | 08 | 6.70 | X | | |
| 1942 | 08 | 27 | 6.00 | IX | Peshkopi (AL) | --- |
| 1960 | 05 | 26 | 6.40 | IX-X | Korçë (AL) | Serious damage, loss of life and injury |
| 1963 | 07 | 26 | 6.10 | IX | Skopje (MK) | Heavy destruction, human loss and injury, ground fissures |
| 1967 | 11 | 30 | 6.50 | IX | Debar (MK) | Destruction, human loss and injury, surface faulting |
| 1978 | 06 | 20 | 6.50 | VIII+ | Thessaloniki (GR) | Extensive damage, loss of life and injury |

*AL-Albania, BG-Bulgaria, GR-Greece, MK-Macedonia, XK-UN protectorate Kosovo*

**Табла 1:** Листа на значајни земјотреси кои можат да ја погодат територијата на Република Северна Македонија и соседството (извор: Каталог на земјотреси во Македонија во: Cejkovska et al., 2016).




**Сл. 34.** Карта на сеизмички зони во Република Северна Македонија
а. Официјална RP500 сеизмичка зонска карта на Македонија (Сеизмолошка асоцијација на СФР Југославија, 1987) б. RP475 сеизмичка зонска карта на Македонија Основа, Vs≥800 m/s (Milutinović et al., 2016). Прифатена за Националниот Анекс на MKS EN 1998-1:2012 Eurocode 8.




**Сл. 35.** Локација на значајни земјотреси во Македонија и соседството (собрано од Salić, R.).




**Сл. 36.** Карта на неотектонски гребени и главни активни сеизмички грешки во Македонија (Извор: Dumurdjanov et al., 2004, преработена во боја)
Квартерни: 1. алувијални, пролувијални и лимнички седименти, 2. глацијални седименти, 3. травертински наслаги; Плиоцен - Квартерни: 4. агломерати, туф, песочници, травертин; Плиоцен: 5. вулкански карпи (кварц латит, латит итн.), 6. континентални седименти (чакал, песок, тиња); Миоцен - плиоцен: 7-калкален базалт; Миоцен: 8. доцен миоценски слатководни седименти, 9. средномиоценски слатководни седименти; Олигоцен - миоцен: 10. пирокластични карпи (бречи, туф итн.), 11. вулкански карпи (андезит, латит, кварцлатит, дацит итн.); Доцен еоцен - олигоцен: 12. флишовидни и флишни седименти; 13. Предеоценски комплексни карпи; Структурни симболи: нормални дефекти.




**Сл. 37.** Сеизмотектонска зона Кресна-Пехчево-Виница-Градско (Зона 2).



**Сл. 38-39.** Ризик од поплави: уривање на брегот на Црна Река во близина на депо 5 во 2014 г.



Сл. 39.



**Сл. 40.** Ризик од поплави: покачување на нивото на подземни води и поплава во Градбата со арки, 2010 г.



**Сл. 41-42.** Ризик од атмосферски влијанија: деградација и соли на откриените градби предизвикани од атмосферска вода.



Сл. 42.



**Сл. 43-48.** Ризик од атмосферски влијанија: деградација на откриените градби предизвикана од вегетација и влага (трева, лишаи , мов).



**Сл. 44.**



Сл. 45.



Сл. 46.



Сл. 47.



Сл. 48.



Сл. 49. Ризик од атмосферски влијанија: деградација на откриените градби предизвикана од дождовница.



**Сл. 50-51:** Ризик од атмосферски влијанија: неквалитетен градежен материјал – мек песочник.



Сл. 51.



**Сл. 52-53.** Ризик од атмосферско загадување: поцрнета површина на мермерните блокови на Театарот предизвикани од издувни гасови од автомобили на автопатот.



**Сл. 53.**



**Сл. 54.** Опасности од човечки активности: пример за деградација на античките појави заради недостаток на одржување.



**Сл. 55-58.** Опасности од човечки активности: пример за деградација заради недостаток на конзерваторски активности.



**Сл. 56.**



Сл. 57.



Сл. 58.



**Сл. 59-62**. Опасности од човечки активности: примери за деградација заради конзерваторски активности изведени со несоодветни материјали или недостаток на знаење и практики.



Сл. 60.



Сл. 61.



Сл. 62.




Сл. 63. Класификација на типови (опуси) на ѕидарија.

**Table 2** Rapid Survey Form, page 2

| **Rapid Survey Form**<br>**Mosaic Conservation Planning for Archaeological Sites** | | | | | | | | | **Site:** | | | | | **Date:** | | **Part 2** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | **Building:** | | | | | **Recorded by:** | | |
| | **Condition** | | **Significance** | | | | | | **Exposure** | | | | | **Priority** | | **Notes** |
| **Evaluation Scale** | 1-5 | | 1-5 | 1-5 | 1-5 | 1-5 | 1-5 | | 1-5 | 1-5 | 1-5 | 1-5 | | 6-150 | 0-100 | |
| **Weighting** | | 4 | | | | | | 2 | | | | | 1 | | | |
| **Mosaic ID** | **Overall condition rating** | **Weighted overall condition** | Archaeological-iconographic value | Technical-artistic value | Integrity | Authenticity | **Overall significance rating** | **Weighted overall significance** | Environment | Visitation | Structural collapse | **Overall exposure rating** | **Weighted overall exposure** | **Synthesis weighted ratings** | **Overall priority rating** | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Building Average** | | | | | | | | | | | | | | | | |

Сл. 64. Пример за Формулар за брза проспекција. Забелешка: Изложеност е еднакво на ризик.




**Сл. 65.** Пример за процена на археолошката вредност (значење), пренесен на географска карта на локалитетот: варијациите во бојата укажуваат на степенот на значење на археолошкиот локалитет Херкуланум (преземено од Конзерваторскиот проект за Херкуланум, Италија).



**Сл. 66.** Процената на археолошкото значење овде е употребена за приоретизирање на интервенциите на заштитните покривни конструкции на Херкуланум.



**Сл. 67.** Сезонска заштита на базените во римските бањи во Сагаласос (Турција). За да се редуцира потребата од работна сила за сезонските заштитни интервенции, базенот е покриен со: а) слој од геотекстил, б) најлон, в) слој сув песок (околу 5 cm), г) празни пластични кутии, д) најлон, ѓ) слој сув песок (околу 5 cm), е) финален слој од вулканска пемза (околу 5 cm).

| MAINTENANCE CHECKLIST | | |
|---|---|---|
| ELEMENT | MAINTENANCE TASK | COMMENTS |
| **TWICE YEARLY** | | |
| CHIMNEYS & FLUES | Engage a specialist to sweep chimneys where fireplaces or stoves are in use<br>Check condition of parging or flue liner<br>Clean tar and debris from spark arrestors, where fitted | Depending on the frequency of use and type of fuel burned, chimneys may need sweeping less or more frequently<br>Spark arresters can become clogged with tar and debris, and this might increase the fire risk for thatched roofs |
| ROOFS<br>RAINWATER GOODS:<br>VALLEYS<br>GUTTERS<br>HOPPERS<br>RAINWATER PIPES | Engage a contractor to clear roofs and rainwater goods of leaves and debris, and ensure overflows are clear; rod if necessary<br>Check:<br>• that guards and wire balloons are in place<br>• falls and ensure that water is not pooling<br>• support brackets<br>Adjust gutter brackets to ensure appropriate fall<br>Inspect rainwater goods for cracks and leaks<br>Repair or replace cracked or damaged sections with matching items; if this cannot be done immediately, consider a temporary repair using plastic sections and plan for permanent repairs to be carried out within an appropriate timescale<br>Check that water is discharging correctly into drains and gullies | Regular clearance of gutter and hoppers will reduce the risk of downpipe blockages<br>Blockages in downpipes will result in overflow higher up the pipe<br>When replacing downpipes the joints should not be sealed<br>When re-fixing rainwater pipes, consider using spacers to set the pipes away from the wall; this will enable the back to be painted and reduce the rate of corrosion |
| DRAINS<br>SURFACE WATER DRAINAGE<br>GULLIES<br>BELOW-GROUND DRAINS | Engage a contractor to open up inspection chambers<br>Check that all gullies and gratings are free from silt and debris, and that water dischanges freely to an appropriate drain or soakaway<br>Use drain rods or high-pressure water jetting to clear blockages<br>Consider cutting back or removing trees and shrubs growing close to the line of a drain | Inspect gullies during heavy rainfall to see whether they back up: this might indicate blockages<br>Most instances of 'rising damp' in walls are attributable to defective drainage |
| VENTILATION GRILLES & AIR BRICKS | Ensure that ventilation grilles, air bricks, louvres etc. are free from obstruction | |
| DOORS & WINDOWS | Check operation of opening parts<br>Ensure that locks and security devices are operating properly<br>Lubricate hinges, bolts and locks as required | |
| FIRE ALARM & AUTOMATIC FIRE DETECTION SYSTEMS | Engage a qualified alarm engineer to inspect and test fire alarm and detection systems, and to maintain them | |

Сл. 68а-в. Неколку примери за планирано одрѓување на археолошките локалитети кои делумно можат да се употребат на Стоби. Преземено од: *Conservation Basics, Practical Building Conservation series, Historic England,* 2013.

## TYPICAL MAINTENANCE CHECKLIST: OCCASIONAL, REGULAR & CYCLICAL MAINTENANCE TASKS

Checklists provide a systematic and consistent basis for gathering information and ensuring that essential maintenance tasks are not forgotten. They also allow the condition of building elements to be monitored over time, and faults to be quickly identified.

| MAINTENANCE CHECKLIST | | |
|---|---|---|
| ELEMENT | MAINTENANCE TASK | COMMENTS |
| **AFTER STORM WEATHER** | | |
| ROOF AREAS & RAINWATER GOODS GENERALLY | Inspect roof coverings and flashings from ground level, and accessible high points; engage a contractor to remedy any loss or damage | |
| CHIMNEYS | Inspect from the ground and accessible high points; engage a contractor to repair any damage | Where structural problems are suspected, obtain professional advice from a conservation structural engineer on monitoring, investigation and repair |
| EXTERNAL WALLS GENERALLY | Inspect from ground level, and arrange for any damage and signs of movement to be investigated and made good | |
| SURFACE WATER DRAINAGE CHANNELS & GULLIES | Inspect and note if ineffective or blocked; clear channels of vegetation and debris; arrange for blocked gullies and drains to be cleared | |
| INTERNAL SPACES GENERALLY | Inspect roof void and internal spaces, particularly below gutters; arrange for evidence of water penetration to be investigated and remedied | |
| **DAILY** | | |
| FIRE PRECAUTIONS | Check that:<br>• fire escape routes are unobstructed and that fire doors operate correctly<br>• combustible materials and rubbish are stored in a safe area<br>• the building is secure from unauthorised entry<br>• no faults are indicated on fire alarm system | |
| **WEEKLY** | | |
| FIRE ALARM & AUTOMATIC FIRE DETECTION SYSTEMS | Make operational test; engage a qualified specialist contractor to remedy any defects found | Batteries should be replaced in single-station smoke alarms, if required |
| FIRE EXTINGUISHER SYSTEMS | Make visual inspection; engage a qualified specialist contractor to remedy any defects found | |
| **MONTHLY** | | |
| SURFACE WATER DRAINAGE CHANNELS & GULLIES | Clear channels of vegetation and debris | From May to November |
| EMERGENCY LIGHTING | Make operational test; engage a qualified specialist contractor to remedy any defects found | |

Сл. 68б.

| MAINTENANCE CHECKLIST | | |
|---|---|---|
| ELEMENT | MAINTENANCE TASK | COMMENTS |
| **YEARLY: EXTERNAL FABRIC** | | |
| CHIMNEYS | Engage a contractor to inspect chimney pots, flaunchings and chimney stacks for defects<br>Carry out localised repointing and repairs; replace broken pots<br>Consider installing ventilated caps in pots on disused chimneys to prevent rain penetration | If the chimney stack is cracked or leaning significantly, obtain professional advice from a conservation architect or a building surveyor |
| OVERLAPPING COVERINGS TO PITCHED ROOFS<br>VERTICAL CLADDING | Engage a contractor to inspect for missing, displaced, defective slates and tiles or shingles; insert matching replacements<br>Note heavy accumulations of moss | Roofing maintenance tasks should ideally be carried out concurrently with late spring roof clearance (*described above*)<br>Moss holds moisture; for clay and stone tiles it may increase the risk of frost damage; obtain professional advice from a conservation architect or building surveyor about removal |
| RIDGE & HIP TILES | Engage a contractor to inspect bedding and jointing of ridge and hip tiles, and make good defects<br>Re-bed and repoint as required | |
| THATCHED ROOFS | Engage a thatcher to inspect for defects such as: holes, grooves of decay, thinness, heavy accumulations of moss, bird damage etc.<br>Carry out patch repairs as necessary using appropriate materials | Consider bird netting if damage is a persistent problem<br>Obtain professional advice from a conservation architect, building surveyor or thatcher concerning moss removal<br>Assess the adequacy of the fire-prevention measures |
| SHEET METAL ROOFS & CLADDING | Engage a contractor to inspect condition of panels, joints and clips<br>Make temporary repairs to cracks and splits where permanent repairs cannot be carried out immediately<br>Plan for permanent repairs within an appropriate timescale | Theft of lead has become an increasing problem in recent years: lead roofs should be checked regularly, particularly on unoccupied buildings<br>Consider installing security devices |
| ASPHALT ROOFS | Engage a contractor to inspect condition of flat areas and upstands; look for evidence of ponding and blistering<br>Where permanent repairs are not to be carried out immediately, make temporary repairs to splits and holes<br>Plan for permanent repairs within an appropriate timescale | Bumps and blisters require immediate attention only where there is evidence that water penetration is occurring |
| LEAD WEATHERINGS & FLASHINGS | Inspect condition of lead flashings and weatherings: make minor repairs, for example, refixing and redressing dislodged or displaced sections, and replace missing or damaged sections<br>Make temporary repairs using adhesive flashing material where permanent repairs are not to be carried out immediately; plan for permanent repairs to be carried out within an appropriate timescale<br>Make good any defective mortar fillets | Splitting of lead flashings may indicate they are oversized or over-fixed; obtain professional advice before renewing to the same specification |
| VALLEY & PARAPET GUTTERS | Engage a contractor to inspect condition<br>Make temporary repairs using adhesive flashing where permanent repairs are not to be carried out immediately; plan for permanent repairs within an appropriate timescale | Consider installing permanent safe access aids to allow regular inspection of hidden valley and parapet gutters<br>Lead valleys on thatched roofs are particularly liable to become choked with debris<br>Splitting of lead gutter bays may indicate that they are oversized; obtain professional advice from a conservation architect, building surveyor or accredited leadwork contractor, before renewing to same specification |

Сл. 68в.

**FASI DI INTERVENTO:**

| | PROCEDURA GENERALE | IMMAGINI INTERVENTO |
|---|---|---|
| **Pulizia della superficie muraria e diserbo** | Rimuovere sporco e terriccio con spazzole; procedere all'eliminazione delle erbacce mediante taglio con forbici e trattamento con prodotto diserbante, da condursi mediante iniezioni nei canali conduttori della pianta o irrorazione tramite irroratore a stantuffo o impacchi. |  |
| **Revisione giunti di malta** | Verificare la consistenza e procedere ad una ristilatura dei giunti là dove la malta appaia disgregata e pulverulenta,utilizzando grassello di calce filtrato ed invecchiato 6 mesi e calce idraulicanaturale NHL5. |  |
| **Trattamento protettivo e consolidante** | Pulire la superficie da trattare, eliminando sporco, oli e grassi. Distribuire il prodotto a pennello, rullo o spruzzo, fino a completo assorbimento. In base alla porosità della superficie, eseguire il trattamento dopo 6 ore. Su superfici verticali distribuire il prodotto dal basso verso l'alto, in fasce da 15-20cm. Eliminare i residui di prodotto con un panno. |  |

**Сл. 69.** Пример од страница со технички упатства за одржување на античките ѕидови во Херкуланум: чекорите за чистење, пополнување на фугите и заштита на лицето на ѕидот се опишани со текст и слика.

| | | |
|---|---|---|
| **Trattamento diserbante e protettivo** | Procedere all'impregnazione con prodotto diserbante mediante iniezioni nei canali conduttori della pianta o irrorazione tramite irroratore a stantuffo o impacchi. |  |
| **Riadesione coppi/embrici** | Verificare la tenuta degli elementi in terracotta e procedere al fissaggio puntuale delle tegole/coppi che dovessero risultare instabili, con malta di calce idraulica naturale e grassello invecchiato 6 mesi, il tutto per evitare lo scivolamento degli elementi. |  |
| **Sostituzione elementi in terracotta** | Procedere alla sostituzione di quegli elementi che dovessero risultare rotti e danneggiati, causando così ulteriori sconnessioni del manto di copertura con conseguenti infiltrazioni di acqua, utilizzando malta di calce idraulica naturale e grassello invecchiato 6 mesi. |  |

Сл. 70а-б. Сличен пример за одржување на заштитни покривни конструкции дава упатства за отстранување на вегетација, аплицирање хербициди, замена на искршени / напукнати елементи, проверка на интегритетот на структурата.

| | | |
|---|---|---|
| **Risigillatura attacco tegole-muratura** | Procedere alla verifica dell'attacco tra tegole e muratura, là dove il tetto risulti ancorato ad una parete muraria, ed effettuare le opportune sigillature con malta di calce idraulica naturale e grassello invecchiato 6 mesi, in caso di distacchi degli elementi in terracotta, per evitare l'innestarsi di piante infestanti. |  |
| **Pulizia/verifica di pluviali e canali di gronda** | Pulire la gronda ed il pluviale con acqua non in pressione. Procedere alla disostruzione se necessario. Revisionare gli agganci della gronda alla falda e del pluviale alla muratura e verificare l'integrità dei vari componenti in rame. Se necessario, procedere alla loro sostituzione. |  |

Сл. 70б.




**Сл. 71.** Пример за одржување на модерен малтер на круништата на ѕидовите (жртвен слој) кој треба да се проверува на секои 5-10 години.



# 5 УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ, ИНТЕРПРЕТАЦИЈА & ПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Ова поглавје го опишува моменталното управување со посетителите, презентацијата и интерпретацијата на НУ Стоби, со предлози за подобрување во иднина.**

## 5.1. ТЕКОВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ, ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

### ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ

#### Веб-страница на НУ Стоби

Официјалната веб-страница на НУ Стоби (http://www.stobi.mk) е пуштена во употреба во 2010, на македонски и на англиски јазик. Нејзината содржина и структура се солидни, со добар баланс на конвенционални и модерни технологии. Веб-страницата нуди добри информации за планирање на посетата на археолошкиот локалитет, многу подетални и поточни од кој било од публикуваните водичи (види подолу). Но дел од содржините не се тековно надополнети (на пример: археолошки истражувања и конзерваторски активности), а на „музејската“ страница недостасува содржина. Веб-страницата останува повеќе посветена на стручни лица, поради тоа што најголем дел од објавите ги пренесуваат информациите во енциклопедиска или извештајна форма. Во август 2020 г., рангирањето по *Google* беше 3 од 10. CPR е низок, 3 од 10, додека квалитетот на односите со јавност на институцијата е НИЗОК.[1]

#### Публикувани водичи

Промоцијата на Република Северна Македонија во форма на водичи за широката јавност не е на добро ниво. Најдетален водич за земјата е Macedonia. *5th Bradt Travel Guide* (2015 г.),[2] цво кој има само две страници посветени на Стоби. Официјалната веб-страница за туризам на Северна Македонија[3] прави многу малку за да го промовира моменталниот статус и привлечноста на најголемиот археолошки локалитет во државата. Информациите за „новите истражувања“ во Стоби датираат од 2010 г. Но, нивниот интернет-водич *A Guide to the Famous Products, Places, Landmarks and Events in Macedonia,*[4] објавен на 14 јазици, го спомнува Стоби двапати, еднаш како археолошки локалитет и еднаш како место на одржување на Фестивалот за античка драма. Вреди да се спомне дека археолошките и конзерваторски школи кои се одржуваат една деценија не се спомнати во ниедна од овие публикации. Во 2016 г., нов *Guide Book Macedonia* е објавен на англиски јазик. Водичот содржи основни информации за Стоби и е достапен на: https://kupikniga.mk/product/guide-book-macedonia/?lang=en.

1 https://checkpagerank.net/check-page-rank.php

2 Macedonia. Thammy Evans, Bradt, 5th edition, 2015, 382 pages

3 https://macedonia-timeless.com/eng

4 https://macedonia-timeless.com/eng/things_to_do/publications/events_guideinmacedonia/

*Lonely Planet*[5] и *National Geographic*[6] немаат печатени водичи за Северна Македонија, туку само кратки водичи поставени на интернет. Во ниту еден од нив не се спомнува Стоби.

## СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

### Трипадвајзор (TripAdvisor)

Постојат две посебни страници за Стоби на оваа веб-страница, кои можат да создадат конфузија: Стоби, Скопје[7] и Стоби, Паликура[8]. И двете страници заедно имаат 74 рецензии, со одличен просечен рејтинг (4.5 од 5) за период од околу 8 години. Најголемиот дел од коментарите се однесуваат на античките остатоци на локалитетот, а само неколку за инфраструктурата за посетители. Искуството во овој поглед е или неутрално или „не вреди да се запамети“.

### Фејсбук, инстаграм, јутјуб (Facebook, Instagram, YouTube)

НУ Стоби има активен профил на инстаграм од 2018 г., на којшто има 997 следачи, како и две фејсбук-страници:[9] @stobimuni има 2724 следачи и 830 посети, @Stobaeus има 3936 следачи и 18 посети. Последната е официјална страница на Стоби и следачите на првата страница беа поканети да мигрираат на официјалната страница во јули 2020 г. Фејсбук-страниците се активни и се освежуваат со нова разновидна содржина којашто се презентира на добар начин со интересни информации. Најголем дел од постовите на фејсбук-страницата на Стоби и инстаграм се двојазични (на македонски и на англиски).

Јутјуб каналот има 4 видеа и 23 претплатници.

Од 2019 г., во НУ Стоби е вработено лице за маркетинг и односи со јавност, чија цел е значително да ја подобри комуникацијата на НУ Стоби и да ја промовира работата на институцијата пред локалната и глобалната јавност, на база на анализа на ефикасноста и влијанието на алатките за комуникација.

### Локални и меѓународни медиуми

Од формирањето на НУ Стоби во 2008 г., активните проекти и настани редовно се презентираат во локалните медиуми, печатени и онлајн.

### Википедија

Статијата за Стоби на Википедија[10] е достапна на 22 јазика. Статиите на македонски и англиски јазик содржат најмногу информации и фотографии. Статиите преведени на јазиците на соседните држави се кратки и не ја претставуваат вистинската вредност на Стоби како археолошки локалитет и туристичка атракција. Не постои статија посветена на Националната установа Стоби.

### Теренски школи на Балканско наследство и Институтот за теренска работа

Од 2010 г., во Стоби се одржуваат археолошки и конзерваторски школи како дел од соработката со Фондацијата Балканско наследство од Бугарија во рамки на програмата „Теренски школи на Балканско наследство“.[11] Во 2015 г., во школата се вклучи и Институтот за теренска работа од САД.[12] Веб-страниците и социјалните медиуми на двете организации ги презентираат сите школи коишто се случуваат на Стоби, вклучувајќи широк спектар на информации, допирајќи до десетици илјади на годишно ниво.

5 https://www.lonelyplanet.com/macedonia

6 https://www.nationalgeographic.com/travel/destinations/europe/macedonia/top-10-things-to-do-in-macedonia/

7 https://www.tripadvisor.com/Attraction_Review-g295110-d10244205-Reviews-Stobi-Skopje_Skopje_Region.html

8 https://www.tripadvisor.com/Attraction_Review-g2266101-d2236499-Reviews-Stobi-Palikura_Vardar_Region.html

9 https://www.facebook.com/Stobaeus/ and https://www.facebook.com/STOBIMUNI/

10 https://en.wikipedia.org/wiki/Stobi

11 www.bhfieldschool.org

12 www.ifrglobal.org

## 5.2. УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ И ИНФРАСТРУКТУРА

### Статистика на посетители

Во 2019 г. се забележани 1 184 963 туристи во Република Северна Македонија, од кои 757 593 биле странски посетители,[13] а од нив само 17 925 го посетиле Стоби. Бројот на посетители на локалитетот во текот на сезоната, од април до октомври, е претставен подолу:

| Година | Вкупно посетители | Вкупно посетители од странство |
|---|---|---|
| 2019 | 17 925 | 9 750 |
| 2018 | 17 315 | 10 806 |
| 2017 | 13 948 | 7 243 |
| 2016 | 13 200 | 6 291 |
| 2015 | 13 811 | 6 933 |

Просечната посета на локалитетот трае еден час.

Во моментот, влезницата е €2 (120 денари) за возрасни, и €0.80 (50 денари) за деца. Цената на групните ученички посети се однесува на едно дете.

Многу посетители доаѓаат без претходно планирање, поминувајќи по автопатот кој е дел од европскиот Коридор 10. Училишните екскурзии кои го посетуваат локалитетот ги организира туристичка агенција. Неформалното евидентирање на профилот на посетители го врши лицето кое е задолжено за продажба на влезници. Неодамна е поставен нов електронски систем за влезници, но тој не вклучува софтвер за статистика како што било предвидено претходно.

Организирани групни дневни посети од Скопје често го вклучуваат Охрид, но ретко го вклучуваат Стоби. Нема автопат којшто ги поврзува Охрид и Стоби, ограничувајќи ја туристичката поврзаност со најтуристички експлоатираниот град во Република Северна Македонија. Сепак, некои туристички тури низ земјата го вклучуваат Стоби во своите итинерари, што е видливо преку групните посети составени од странски посетители. Четири итинерари се нудат на веб-страницата Трипадвајзор.[14]

### Достапност и циркулација на посетители

На локалитетот се поставени едноставни, дискретни дрвени патокази со кои посетителите се упатуваат кон градбите. Сите градби се оградени со едноставни огради кои се состојат од синџир врзан на темни метални столпчиња. Оградата е визуелно лесна и ненаметлива. Влегување во внатрешноста на градбите е дозволена само во одредени објекти, преку отвори во оградата. На неколку градби се направени дрвени платформи со дрвени огради за подобар поглед. Овие платформи не се добро обезбедени и претставуваат сериозен ризик за паѓање од височина (Градба со арки, Епископска базилика). Структурно, подлогата на платформата на Епископската базилика ги изложува посетителите на ризик.

Локалитетот генерално не е достапен за посетители со попреченост: движење со инвалидска количка е можно само на неколку патеки. Овие патеки не дозволуваат пристап до најголемиот дел од градбите на локалитетот.

### Контрола на посетителите

Во моментот седум чувари се вработени со цел да го надгледуваат локалитетот и да спречуваат влегување на посетителите во зони каде што не е дозволено движење. На неколку локации се поставени предупредувачки знаци. Но ако ја земеме предвид големината на локалитетот, нема доволно знаци и индивидуалните посетители лесно можат да ги поминат оградите, што преставува ризик за ранливите антички архитектонски остатоци, но, истовремено и за самите несовесни посетители.

13 https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=69&rbrObl=25. https://eprints.ugd.edu.mk/24053/1/Final-na%20Studija%20Turizam%20i%20ugostitelstvo%20Covid19%20MK.pdf

14 https://www.tripadvisor.com/Tourism-g295109-Republic_of_North_Macedonia-Vacations.html

**Инфраструктура за посетители**

На влезот на локалитетот е поставена сувенирница за продажба на влезници и сувенири, главно копии на антички светилки, теракотни фигурини и импровизиран простор за освежителни пијалаци. Тоалетите се наоѓаат на главниот влез.

Во минатото, постоела кафетерија на влезот во југоисточниот агол на локалитетот. Неговата изградба била финансирана од *UNDP (United Nations Development Programme)*. Поради тоа што кафетеријата била изградена на нестабилно земјиште, поголемиот дел е отстранет.

На локалитетот нема места за одмор, ниту дрвја или настрешници кои би обезбедиле сенка. Во топлата летна сезона, ова е веројатно една од главните причини поради што посетителите не ги посетуваат најоддалечените делови од локалитетот.

Во Стоби се поставени двојазични знаци, но недостасува Брајово писмо или какви било други тактилни информации.

Коментарите на Трипадвајзор не споменуваат „ништо впечатливо" за инфраструктурата за посетителите на локалитетот, поради што можеме да заклучиме дека овој дел не бил впечатлив во нивното искуство при посетата на локалитетот. Неколку коментари забележуваат недостиг на места за одмор, под сенка, во летните горештини.

## 5.3. ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

**Генерален опис**

Стоби е локалитет со средна големина и најголем дел од истражените објекти се групирани во неговиот западен и јужен дел. Сеопфатно разгледување на сите објекти, вклучувајќи ги нивните информативни табли, може да се постигне во времетраење од два часа. Неможноста да се влегува во градбите придонесува во дефинирањето на времето за посета. Широките патеки за посетителите, благо закосените тераси и природната убавина на локалитетот нудат многу пријатно искуство во умерена клима.

**Водичи**

Влезницата вклучува прошетка со водич за сите посетители, достапни само во текот на сезоната (од април до октомври). Прошетката со водич вообичаено не надминува час и половина.

**Мапа на локалитетот**

На влезот посетителите добиваат леток со мапа на локалитетот и краток опис (А4 формат, во троен преклоп). Летокот нуди општи информации и претставува основен итинерар за посетата на локалитетот. Нема опционални итинерари за посетители во инвалидски колички поради недостиг на соодветна инфраструктура.

**Аудиоводич**

На локалитетот е возможна индивидуална прошетка со водич на македонски и на англиски јазик во форма на бесплатна апликација за мобилен телефон, достапна за *Android* и *iOS*. Должината на оваа прошетка е околу еден час. Содржи мапа, навигација за движење низ локалитетот и аудиоинформации за објектите во Стоби.

**Официјални печатени водичи**

Не постои официјален печатен водич низ локалитетот. Водичите *Stobi, Ancient City* (J. Wiseman) и *Municipium Stobensium* (Елеонора Петрова Митевска, 2001 г.) се недостапни, поради тоа што се вон печат. Неодамна публикуваната брошура *Municipium Stobensium* (Елеонора Петрова Митевска, 2018 г.), издадена од УЗКН, содржи кратка историја и опис на неколку градби не се продава на локалитетот. Дополнително, постојат уште две брошури: Конзервација на крстилницата во Епископската базилика во Стоби (2018 г., 30 страници), во која се објавени резултатите од конзерваторскиот проект, главно преку слики, и Антички мозаици од Стоби (2019 г.).

**Интерпретација на локалитетот**

Сите презентирани градби имаат информативни табли направени од алуминиум и плексиглас, поставени на стратешки локации. Тие вклучуваат кратки информации за градбата на која се однесуваат, како и графички приказ на нејзината основа. Информациите на таблите се на македонски и на англиски јазик. Таблите се поставени пред 11 години. Многу од нив се оштетени и треба да се заменат.

**Музеј на локалитетот**

Во моментот не постои музеј на локалитетот. Претходната музејска поставка била поставена во една од малите простории во т.н. Стара железничка станица, близу стариот влез на локалитетот, во североисточниот дел. Зградата е со историско значење, направена од камен со цел да служи на експресната железница Арлберг, линија којашто се дели од Ориент Експрес од Париз до Атина (1930-9 г.; 1945-62 г.). Музејот е затворен во 2009 г. и во моментот се наоѓа во лоша состојба. Тоа значи дека предметите кои се пронајдени на локалитетот не се достапни за посетителите, ограничувајќи го разбирањето и вреднувањето на локалитетот. Изработен е проект за реконструкција и адаптација на оваа градба во Центар за посетители во кој би бил вклучен мал изложбен простор, лапидариум, конференциска сала за едукативни цели, делови за одмор и кафетерија.

**Едукативни објекти**

Не постојат едукативни објекти за собирање деца од училишна возраст или други групи. Археолошките и конзерваторските школи кои се одржуваат во Стоби ја користат лабораторијата (депо 1) на Стоби за предавања и работилници.

# 5.4. ПРЕПОРАКИ

## 5.4.1. РАЗВИВАЊЕ НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИ

Во Стоби постои неизбежен конфликт меѓу заштитата на овој извонреден ранлив локалитет и можноста посетителите да го доживеат во вистинска светлина, што може да се регулира преку развивање и имплементација на План за управување со посетители. Неговите цели би биле:

- Да дефинира политики за самоодржливост на вредностите на локалитетот:
    • Баланс меѓу заштитата и доживувањето: да се осигура дека сите активности и објекти се со квалитетен дизајн и да ја надополнуваат долготрајната заштита на археолошкиот локалитет.

- Да идентификува цели за подобрување на инфраструктурата за посетители, презентацијата и интерпретацијата, да поставува приоритети во краток, среден и долг рок.
    • Обезбедување и одржување на високофункционални и одржливи објекти за посетители, кои истовремено овозможуваат пристап на посетителите до значајните делови од локалитетот и да придонесе кон подобрување на трите фази на искуство за посетителите (подготовка за посета на локалитетот, искуство при пристигнувањето, искуство на локалитетот).

- Да идентификува тековни и идни објекти потребни за посетители:
    • Да го дефинира максималниот капацитет на посетители на локалитетот;
    • Да се осигура дека дизајнот (формата, материјалот и висините) на новите објекти е соодветен, со цел да не се наруши визуелната топографија на локалитетот.

- Да идентификува „влезни“ зони во зависнот од разновидните активностите на посетителите, кои треба да се обележани на ГИС-платформата на локалитетот:
    • Делови подложни на оштетување од пристап на посетители;
    • Релативно робусни за пристап на посетители;
    • Достапни за посетители со попреченост;
    • Опасни зони;
    • Визуелно сензитивни и под ризик од нова инфраструктура за посетители.

- Да обезбеди услови за зачувување на здравјето и сигурноста на посетителите, според нивоата на ризик. Ова подразбира ревизија на несигурните делови на локалитетот, вклучувајќи:
    • Несигурни платформи (Градба со арки, Епископска базилика);
    • Делови каде сè уште се истражува и постои ризик од рушење на контролните профили меѓу археолошките сонди (Храм на Изида).

### 5.4.2. ФОРМИРАЊЕ ПАРТЕРСТВА

**Културно наследство во околината**

Стоби и другите локалитети во регионот можат да имаат корист од партнерство со цел промоција на заедничкото наследство. Поддршка може да се бара и од локалните власти, поради тоа што зголемениот туризам би бил од голема корист за локалната економија.

Соработката може да се базира на промоција на локална кујна, вино, како и природното богатство, во форма на одржлив туризам.

Потребно е креирање локална „културна рута" која би опфатила повеќе историски и археолошки локалитети во околината, локалната кујна и природното богатство, и која би се промовирала од туроператори во Скопје, кои потоа би ја развиле во нов пакет тури за поширокиот и потесниот регион, особено во Бугарија, Косово, Србија и останатите земји кои транзитираат по Коридорот 10. Неколку вакви рути веќе се рекламираат на Трипадвајзор.[15] Ваков проект може да биде иницииран од НУ Стоби како носечки партнер, но потребни се релевантни партнери, како на пример локални туристички комори или асоцијации со цел изработка на легитимен предлог-проект за финансирање преку македонската Влада или достапните фондови на ЕУ.

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион (https://vardarregion.gov.mk) развил Регионална програма за инклузивен туризам 2021-2024[16]. Исто така, добар пример е *Illyricum trail*, дел од *Roman Emperors and Danube Wine Route*, во која Стоби е вклучен од 2019 г.

**Локални заедници**

Локалното население е заинтересирано за локалитетот кога се случуваат настани во Театарот (на пример Фестивалот на античка драма и др.). Но во друг случај археолошкиот локалитет не влијае позитивно на секојдневието на локалните заедници, освен за мал број кои се вработени во НУ Стоби.

Долгорочно, локалитетот мора да се поврзе со локалната заедница преку организирање на што повеќе настани. Земајќи ја предвид моменталната состојба во која се наоѓа Стоби, со активни археолошки и конзерваторски проекти, како и недостигот на соодветна инфраструктура, организација на претходно споменатите настани не е препорачлива.

**Министерство за транспорт и врски**

Автопатот кој ги поврзува Скопје и Тесалоника има големо влијание врз локалитетот, во смисла на визуелна интрузија, врева и вибрации кои се главна закана за објектите на локалитетот. Соработката со Министерството за транспорт и врски е клучна за ублажување на евентуалните оштетувања на градбите предизвикани од вибрациите, преку намалување на дозволената брзина на делот од автопатот кој поминува низ Стоби на пример.

Оваа соработка може да се искористи и за поставување на нова патна сигнализација за Стоби и за придружните објекти за одмор, што би било од корист за локалитетот.

### 5.4.3. РАЗВИВАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ЗА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Дефинирање на политики и насоки**

Интерпретацијата и презентацијата треба да целат кон збогатување на интелектуалното разбирање на посетителите, како и нивното искуство на локалитетот, следејќи ја визијата и поставените цели во Планот за управување со посетители. Повеќеслојноста на Стоби дава можност за интепретација на широк дијапазон на историски информации за градот.

---

15 https://explore-balkans.com/tours

16 https://vardarregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/2021/08/Regionalna-programa-za-inkluziven-turizam-2021-2024.pdf

Презентацијата вклучува разни дидактички средства: тематски прошетки за посетители, подобрување на физичкиот пристап каде што тоа е изводливо; јасни панели, описи во печатени водичи или усни предавања, како и сценарија во виртуелна реалност. Во Стоби веќе постои пример за виртуелно искуство: „Гладијаторите се враќаат во Стоби", проект изработен и реализиран во соработка со Центарот за социјални иновации Блинк 42-21.

Интерпретацијата го опфаќа целокупниот локалитет на макрониво, а индивидуалните градби и нивните елементи на микрониво. Таа се заснова на вредностите и значењето на овие различни компоненти. Таа треба да комуницира со разновидна публика, деца и возрасни, кои се со различни нивоа на заинтересираност. Достапни се модели за развој на дидактички материјали за школски групи (види Прилог 7).

Но, интерпретацијата мора да биде соодветна за кратка посета којашто е практика кај поголемиот број посетители. Тоа се постигнува со подготовка на клучните информации на концизен начин за поголемиот број посетители, но во исто време обезбедување подетални информации за помалиот број посетители кои поминуваат подолго време при посетата. Едноставен начин да се пренесат разните нивоа на информации е преку серии на бесплатни тематски летоци кои би биле достапни на влезот на локалитетот. Примери за тоа каде би требало да се развиваат се спомнати подолу. Исто така, можат да се понудат во електронски формат на веб-страницата на НУ Стоби.

Недостигот на музеј на локалитетот значи дека мора да се најдат начини за презентирање и интерпретирање на артефактите од локалитетот, преку фотографии, копии, холографи и сл., во претходно предвиден простор за таа намена (на пример, кафетерија). Оваа опција може да се развие во консултација со специјалист за музеолошка интерпретација.

Водичите треба редовно да се запознаваат со развојот на планот за интерпретација и презентација, со цел да бидат целосно посветени за да можат да придонесат во процесот.

**Презентација и интерпретација на античките градби (реставрација, анастилоза и реконструкција)**

Принципите за физички интервенции на античките градби се предложени во четвртото поглавје: Конзерваторски принципи и практики (види дел 4.5.6. Дефинирање на филозофски принципи за интервенција), во кои треба да се вклучат објаснувања за тоа како ќе се интерпретираат интервенциите пред публиката. Во случајот со структурните типологии на Стоби, ова се однесува на селективна анастилоза (Северна базилика, Куќа на Партениј, *scenae frons* на Театарот) или реставрација на појави кои недостасуваат (врати и прозорци). Физичката реконструкција *in situ* е спротивна на меѓународните стандарди. Како алтернатива, модерната технологија дозволува оригиналниот изглед на градбите да биде достапен во виртуелна реалност или со традициоанален пристап преку графички панели и во печатените водичи.

Неопходно е создавање партнерства со универзитети со цел развивање на презентации во виртуелна реалност со кои ќе се прикаже еволуцијата на локалитетот и ќе се опишат различните градби.

**Дизајнирање и изградба на музеј**

Од клучно значење за локалитетот е изградба на нов музеј со добра презентација, простор за депонирање, проучување и за конзервација. Дизајнот треба да се базира на предлог изработен од специјализиран мултидисциплинарен проектен тим кој вклучува менаџер на проектот, директорот на НУ Стоби археолог советник со искуство. Нивната задача би се состоела од создадат предлог-програма која ќе ги вклучи функционалните, естетските и практичните критериуми кои ќе ги користи избраниот архитект. Менаџерот на проектот и тимот мора да се осигураат дека архитектот детално го следи предлогот при проектирањето и реализација.

**Интепретација на недостапни делови од градби**

Во четвртото поглавје: Конзерваторски принципи и практики (Дел 4.5.6. Дефинирање на улогата на повторното затрупување), се пропорачува важните делови од градбите, како на пример: мозаиците и хипокаустите кои не се видливи долж патеката по која се движат посетителите, долгорочно да се заштитат со повторно затрупување. Тие можат да се презентираат на информативни табли на кои би била објаснета и причината за нивното затрупување.

**Објаснување на процесите на конзервација и реставрација**

Интересот на широката јавност лесно се привлекува со важните археолошки откритија. Нивното внимание може да се задржи и со презентација на процесите на реставрација. За помали проекти ова

може да се објасни преку времени информативни табли *in situ*. Раководителот на поголемите проекти или менаџерот можат да подготват посебни тури и јавни предавања, кои можат да се промовираат и во рамки на локалната заедница.

Еволуцијата на археолошките локалитети и нивните градби, од нивното уништување и потрупување, до ископувањето, конзервацијата и реставрацијата, речиси никогаш не им се објаснува на посетителите. Како директна последица, тие немаат никакво разбирање за моменталниот изглед на локалитетот. Овие информации можат да се проследат во резимирана форма, во краток леток во кој може да се вклучат историски фотографии од локалитетот, со илустрации на градбите пред и по конзервацијата. Овој медиум може да се искористи и да се објасни физичката кревкост на археолошките локалитети.

**Искористување на заштитните покривни конструкции во интерпретацијата**

Овие структури се есенцијални за презентацијата и заштитата на некои градби и нивни елементи на Стоби, како што е споменато погоре во четвртото поглавје, Конзерваторски принципи и практики, во делот Дефинирање на улогата на настрешниците. Нивната примарна функција е заштита, но тие можат да се искористат за подобрување на искуството на посетителите преку нивниот дизајн и пристапност.

Заштитните покривни конструкции не смеат да бидат основа за дополнителен приход. Цената на нивното конструирање и одржување не треба да се очекува дека ќе биде покриена од зголемувањето на приходите од посетителите. Заштитните покривни конструкции сами по себе имаат потреба од финансии за мониторинг, одржување и управување.

**Развивање на приказни за железницата Ориент Експрес и за Првата светска војна**

Познатиот Ориент Експрес привлекува голем интерес кај јавноста како последица на неговото романтизирање во многу популарни филмови. Славата на Арлберг Експрес треба да се искористи за промоција на историјата на оваа рута преку широк дијапазон на презентации, изложби и туристички продукти.

Друг важен момент за презентацијата на Стоби е линијата на фронтот од Првата светска војна. Ако земеме предвид дека при истражувањата се пронајдени ровови и наоди од тој период, овој локалитет има многу важна приказна за раскажување на посетителите, со што се збогатува нивното искуство.

**Промоција на локалната флора и фауна**

Многу посетители на археолошките локалитети покажуваат особен интерес за нивната природна околина. Ова може да биде поддржано и охрабрено со изработка на мал леток која ја опишува локалната флора и фауна.

## 5.4.4. ПРОШИРУВАЊЕ И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ИСКУСТВОТО НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

**Подготовка за посета на локалитетот**

### Веб-страницата на НУ Стоби

Планирањето на патувањата во денешно време е речиси секогаш зависно од интернетот. Начинот на којшто веб-страницата функционира е од големо значење. Најчесто се поставуваат следните прашања: кои се ресурсите за интерпретација; како да се стигне до местото; колку време да се помине при посетата; кои други интересни работи можат да се видат околу локалитетот? Овие прашања се однесуват на тоа како луѓето го планираат патувањето пред да го посетат локалитетот.

Веб-страницата на НУ Стоби треба редовно да се ажурира и проширува со цел да може да одговори на интересот на потенцијалните посетители, наставници на школски групи и научници. Ова не само што би го подобрило искуството пред пристигнувањето, туку и би служело како клучен едукативен и академски ресурс. Веб-страницата, исто така, треба да промовира можности за локалната популација.

За да се опфати што поширока и разнолика публика (посебно потенцијални посетители, донатори/спонзори и медиуми), на веб-страницата во следните 2-3 години ѝ е потребен редизајн којшто ќе ги следи модерните трендови. Но, уште поважно, веб-страницата треба да биде потпомогната и проширена со опции за потребите на големите групи на посетители кои не се професионалци: туристички информации (хотели и точки на интерес во близина на локалитетот, информации за објектите за посетители, како и услуги кои вклучуваат специјализирани тури и ВР-тури), виртуелни реконструкции, информации со други карактеристики на Стоби (пејзаж, флора и фауна, лозарство, историски факти за

Првата светска војна и Ориент Експрес итн.), виртуелни туторијали за деца и посетители кои не се од фелата, делови кои ќе бидат посветени на деца итн. Дигитален научен репозиториум на информации и публикации со ограничен пристап за авторизирани индивидуи или институции, како и серија на кратки онлајн презентации поврзани со историјата, археологијата, заштитата и управувањето на Стоби, би го подобриле реномето на институцијата како истражувачки центар. Веб-страницата има потенцијал делумно да компензира за недостигот на вистински музеј во Стоби, преку креирање на виртуелен музеј.

Во зависност од политиките и менаџерскиот прагматизам, НУ Стоби може да избере меѓу редизајн на веб-страницата или да креира уште две или три дополнителни веб-страници кои ќе бидат наменети за различна публика: професионалци, посетители итн.

Особено е препорачлива *SEO* (*Search Engine Optimisation*) консултација и оптимизација пред и после редизајнот на веб страницата/ите заедно со другите предуслови: развој на визуелниот идентитет и стратегијата во корелација со стратешките цели на Стоби: зголемување на домашните и странските посетители, собирање финансиски средства, подобрување на начинот на пренесување на резултатите од истражувањата, формирање на партнерства итн.

### Социјални медиуми

Влијанието на социјалните мрежи е огромно и дозволува моментално споделување на искуства. Посетителите можат индиректно да ги промовираат местата коишто ги посетуваат, во зависност од нивното позитивно искуство. Веб-страниците како Трипадвајзор овозможуваат евалуација на искуството на другите, креирајќи огромен сајбер простор за совети и реакции на кореспондентите. Трипадвајзор е одлична платформа за рекламирање не само на археолошкиот локалитет, туку и на конзерваторските активности, настани и фестивали, како и наа образовните курсеви кои се случуваат во Стоби.

НУ Стоби треба да ги надгледува овие веб-страници со цел да го развие Планот за управување со посетители и да го поткрепи неговиот развој.

### Искуство при пристигањето

Оваа фаза вклучува паркирање на посетителите, пристигнување на влезот на локалитетот или центарот за посетители, купување влезници и добивање информации за локалитетот и како да се движат низ него.

Посетителите претпочитаат да знаат што има да се види и почнуваат да размислуваат за начините како сакаат да го поминат своето време и како да ја искористат постоечката инфраструктура (пијалаци, храна, тоалети). Едноставен, тродимензионален модел на локалитетот којшто би бил поставен на влезот, претставува моќна алатка за објаснување на топографијата, археолошките ресурси и инфраструктурата за посетители.

Ова е првата можност да се стимулира свесноста на посетителите за важноста да се почитуваат ранливите археолошки остатоци и да се објаснат правилата со коишто се обесхрабрува негативно однесување.

### Искуство на локалитетот

Искуството на посетителот треба да биде уникатно, но зачувувањето на „исклучителната“ автентичност и интегритетот на локалитетот е една од фундаменталните цели на неговата заштита, што треба суптилно да им се стави до знаење на посетителите.

Во Стоби, ова треба да се надополни со обезбедување на простор за одмор, размислување и уживање во природната убавина на локалитетот.

### Инфраструктура за посетители

Вообичаено, овде се вклучени кафетерија, сувенирница, тоалети и точки за одмор, како есенцијални нешта кои посетителите ги очекуваат. Во Стоби, тие не треба да бидат поставени на места што се осетливи за археолошките остатоци или природната околина.

Сепак, кафетеријата треба да биде поставена во атрактивен дел од локалитетот, по можност со поглед на самиот локалитет. Ова може да биде клучен момент за искуството на посетителите.

На голем локалитет како Стоби, мора да постои повеќе од еден тоалет за посетителите.

Точките за одмор треба да вклучуваат настрешници со клупи, но и клупи поставени на отворено. Поставувањето на настрешниците треба да е на место кое ќе има најмало влијание на визуелниот впечаток во рамките на топографијата на локалитетот. Со цел да се осигура адекватна сенка во топлите летни месеци, треба да се користи архитектонски софтвер за да се предвиди дизајнот на настрешниците со пресметано движење на сонцето и сенката во однос на топографијата и ориентацијата. Доколку овие параметри не се земат предвид, настрешниците ќе бидат нефункционални.

Оградата околу градбите и останатите заштитни инфраструктурни објекти треба да бидат ефективни, но и визуелно сензитивни кон археолошкиот пејзаж, во смисла на визуелно влијание (да се изберат светли материјали и неутрални бои).

**Тематски рути за посетителите**

Моменталната политика на истражување има за цел да ја разбере еволуцијата на локалитетот и да ги презентира и интерпретира различните хронолошки фази во различни делови на Стоби. Со ова се дозволува креирање на разни тематски рути за различни периоди и теми.

Креирањето на тематски рути го прави локалитетот подостапен преку понуда на разни тематски перспективи и искуства (рута на мозаици, рута на храмови, римска рута, византиска рута, итн.).

Кратка (40 минути до 1 час) рута која би се нудела покрај постоечката долга (1:30 до 2 часа) може да биде корисна за посетители кои немаат многу време (вообичаено патници на автопатот и локални и меѓународни туристи кои одат кон Грција), и кои сакаат да го посетат локалитетот.

Рутите за посетители можат да ги прикажат и приоритетите за конзервација: заштита на делови коишто се од исклучителна важност, избегнување на опасните делови и дефинирање на прогресивно искуство со цел разбирање на моќта на локалитетот.

**Дидактички помошни средства**

Апликацијата за посетители на локалитетот треба редовно да се ажурира и да вклучува релевантни информации. Како што ќе се зголемува бројот на странски посетители, аудиоводичот би требало да се збогати со повеќе јазици (види Прилог 6: Анкета за посетеноста на локалитетот).

Традиционалната сигнализација со патокази, која е јасна, концизна и издржлива, сè уште е неопходна. Доколку патоказите не се доволно јасни, се ризикува посетителите да бидат неинформирани и разочарани од нивното искуство при посетата. Во исто време, непотребното натрупување на премногу информации креира визуелно оптоварување на еден ваков кревок локалитет.

# ПРИЛОГ 6: ПРЕДЛОГ ЗА ИСТРАЖУВЧКИ ПРОЕКТИ

## 1. АНКЕТА НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

Целта на анкетата на посетителите е:

- Определување на демографските профили (пол, возраст, националност, големина на група);
- Разбирање на нивните потреби, очекувања и искуство;
- Реактивност со конкретни мерки за подобрување на искуството на посетителите;
- Зголемување на бројот на посетители и приходи во согласност со капацитетите на локалитетот;
- Охрабрување за повторни посети.

Социјалните медиуми нудат одлична платформа за промовирање на културното наследство, доколку искуството е позитивно или исклучително.

Темелната анкета содржи неколку компоненти:

- Основни информации за профил на посетителите во моментот на купување на влезницата;
- Дистрибуција и собирање на прашалници за посетителите;
- Формални интервјуа со посетители и туристички водичи (теми врз основа на искуствата на посетителите);

• Набљудување на рутите за посетителите и нивното однесување (за организирани групи и индивидуални посетители);

• Ревизија и анализа на резултатите од анкетата;

• Оценување на резултатите од анкетата.

Овој пристап резултира во препораки кои одговараат на целите и задачите на анкетата.

### 2. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ЛОКАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**Културно наследство во околината на локалитетот**

Нема историски знаменитости во најблиските општини Градско и Росоман. Археолошкиот локалитет Градиште близу Неготино (13 km јужно од Стоби) не е адекватен за туристичка презентација. Во Неготино има мал музеј и остатоци од Саат-кула (турска кула) изградена во 1821 г.

## ПРИЛОГ 7: ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

Едукативни материјали: www.english-heritage.org.uk/learn/teaching-resources

Запознавање на млади луѓе со управувањето и заштитата на културното наследство:
https://www.iccrom.org/publication/introducing-young-people-heritage-site-management-and-protection
Jeunes et sauvegarde du Patrimoine: https://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/3.0/



# 6 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

**Археолошкиот локалитет Стоби е глобално богатство кое може да користи дополнителна финансиска помош за ископувања, конзервација, одржување, управување со посетители, интерпретација и презентација. Стоби располага со многу можности за развивање нови ресурси за локалитетот, како краткорочни, така и долгорочни. Дури и со пандемијата на КОВИД-19 и со сите здравствени и економски предизвици што таа ги создаде, клучните финансиери остануваат фокусирани на обезбедување поддршка за глобалното наследство. Во ова поглавје се даваат предлог-стратегии за обезбедување финансиски средства и за унапредување на ресусите, како и прелиминарна листа на потенцијални извори на финансирање коишто би можеле да се земат предвид.**

**Стратешките препораки се засноваат на:**

- **Преглед на приходите и финансиските извори за локалитетот во изминатите пет години;**
- **Проектите, активностите и приоритетите на НУ Стоби;**
- **Временскиот капацитет и достапната експертиза на вработените за барање финансиери и развивање партнерства.**

## 6.1. ТЕКОВНИ ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ

Во изминатите пет години Стоби остваруваше приходи од државно финансирање преку Министерството за култура, од други извори на финансирање (донации) и генерираше сопствени приходи. (Погледнете ја табелата подолу за споредба на трите извори на финансирање за периодот 2015-2019 година).

### Министерство за култура

Министерството за култура на Република Северна Македонија е главниот извор на финансирање на Стоби од формирањето на НУ Стоби како посебна и независна институција во 2008 година. Во раните години Владата финансираше големи археолошки ископувања и конзерваторски зафати во Стоби како проекти од капитален национален интерес, исплаќани и управувани од Управата за заштита на културното наследство. Исто така, Министерството беше главниот извор на финансирање во анализираниот период (2015-2019).

Овие средства ги покриваат трошоците за платите и придонесите на вработените,[1] како и оперативните трошоци за локалитетот (одржување, електрична енергија, други режиски трошоци). Годишниот повик

1 Сумата варира поради зголемувањето на бројот на вработени со текот на годините, а и поради зголемувањето на нето-платите на државно ниво.

за проекти на Министерството, наречен „Програма од национален интерес во културата", финансира проекти и активности за заштита на културното наследство на локалитетот (ископување, конзервација итн.), кои ги предлага и бара раководството на Стоби. Добиените износи се различни секоја година.

Годишниот буџет на Стоби од 2015 до 2019 година се движеше од 16 159 837 до 22 830 234 денари. Ова е еквивалентно на 293 517 до 414 675 долари или 262 798 до 371 275 евра.

Финансирањето од Министерството за култура за вработените, оперативните и проектните активности го сочинуваше поголемиот дел од годишниот буџет на Стоби во изминатите пет години, како што е прикажано подолу. Остатокот од буџетот се состоеше од остварени приходи и донации.

2015: 73,34%

2016: 72,96%

2017: 64,64%

2018: 69,36%

2019: 84,25%

**Заработени приходи**

НУ Стоби генерира скромни сопствени приходи, главно, од продажба на билети и сувенири. Овие средства се користеа за одржување на институцијата и локалитетот и за привремено вработување на персонал ангажиран за посетители. Меѓу 2015 и 2019 година, заработените приходи претставуваа меѓу 7,27% и 10,24% од годишниот буџет.

**Други извори на финансирање**

НУ Стоби искористи неколку надворешни извори на финансирање кои поддржуваа конкретни проекти и програми. Интересот кој го покажаа овие финансиери укажува на фактот дека Стоби има потенцијал и капацитет да привлече дополнителни извори на поддршка. Помеѓу 2015 и 2019 година, приходот обезбеден од донации е меѓу 7,61% и 26,57% од годишниот буџет.

**Фондација Балканско наследство**

НУ Стоби и Фондацијата Балканско наследство организираат меѓународни теренски школи и работилници за конзервација за студенти уште од 2010 година. Финансирањето на НУ Стоби секоја година зависи од бројот на запишани студенти. Нивните надоместоци за теренските школи ги покриваат трошоците за спроведување на теренските школи и работилници и придонесуваат за заштитата, одржувањето и ископувањата на Стоби. Придонесот од ФБН за периодот 2015-2019 година, на годишна основа, се движи меѓу 1 894 033 и 2 651 647 денари (34 402 - 48 163 американски долари), или помеѓу 8,29 и 16,40 % од вкупниот годишен буџет.

**Амбасадорски фонд за заштита на културното наследство на Амбасадата на САД**

Од Амбасадорскиот фонд за заштита на културнотото наследство (AFCP) се обезбедија три грантови за Стоби во 2001, 2010 и во 2016 година. Во 2016 година беше обезбеден грант од 88 690 американски долари за конзервација на Крстилницата во Епископската базилика, вклучувајќи го и мозаичниот под и мермерниот балдахин над писцината. Сумата се исплаќаше во фази од 2016 до 2018 година.

**Фонд Џ. М. Каплан**

Фондот „Џ. М. Каплан" великодушно обезбеди грант од 100 000 американски долари (еквивалент на 5 505 560 денари) во 2018 година како поддршка на изготвувањето на Генералниот план за заштита на археолошкиот локалитет Стоби, чијшто дел е и ова поглавје. НУ Стоби е корисник на грантот добиен преку Фондацијата Балканско наследство (ФБН).

**Фондови на ЕУ**

НУ Стоби беше корисник на неколку проекти од програмите за подгрантирање на Регионалниот совет за соработка (РСС) за развој и промоција на туризмот:

- 2015-2016 година, подгрант преку Управата за заштита на културното наследство (мобилна апликација, Епископска базилика и туристичка промоција, вкупен износ од 22 000 евра).

| | Министерство за култура | | Други приходи | |
|---|---|---|---|---|
| Година | Буџет за плати | Буџет за проекти и севкупни трошоци | Сопствен генериран приход | Донации |
| 2015 | 5.135.336,00 МКД<br>93.275,45 USD<br>31,77% | 6.718.018,00 МКД<br>122.022,42 USD<br>41,57% | 1.654.836,00 МКД<br>30.057,54 USD<br>10,24% | 2.651.647,00 МКД<br>48.163,07 USD<br>16,40% |
| 2016 | 7.676.379,00 МКД<br>139.429,57 USD<br>36,69% | 7.587.023,00 МКД<br>137.806,56 USD<br>36,27% | 1.521.469,00 МКД<br>27.635,13 USD<br>7,27% | 4.133.275,00 МКД<br>75.074,56 USD<br>19,75% |
| 2017 | 7.746.961,00 МКД<br>140.711,58 USD<br>40,41% | 4.645.798,00 МКД<br>84.383,75 USD<br>24,23% | 1.671.707,00 МКД<br>30.363,97 USD<br>8,72% | 5.094.010,00 МКД<br>92.524,82 USD<br>26,57% |
| 2018 | 8.177.389,00 МКД<br>148.529,65 USD<br>40,60% | 5.792.314,00 МКД<br>105.208,44 USD<br>28,76% | 1.855.750,00 МКД<br>33.706,83 USD<br>9,21% | 4.311.693,00 МКД<br>78.315,24 USD<br>21,41% |
| 2019 | 9.151.034,00 МКД<br>166.214,40 USD<br>40,08% | 10.085.194,00 МКД<br>183.181,98 USD<br>44,17% | 1.854.571,00 МКД<br>33.685.4 USD<br>8,12% | 1.739.435,00 МКД<br>31.594,15 USD<br>7,61% |

* Годишен буџет во американски долари: Народна банка на Република Северна Македонија: девизен курс на 17 јануари 2020 година, 1 американски долар = 55,0556 денари

## 6.2. ПОТРЕБИ НА НУ СТОБИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

**Потреби на НУ Стоби за дополнителни средства:**

Во другите поглавја од овој Генерален план за заштита се идентификувани приоритети врз основа на итноста и визијата за идниот развој на локалитетот. Всушност, потребно е обезбедување дополнителни средства за сите активности на НУ Стоби. Активностите треба да го следат веќе утврдениот план на приоритети во согласност со потенцијалните извори на финансирање, видот на грантови, подобноста и капацитетот на НУ Стоби и неговите потенцијални партнери за одредени типови на грантови (или средства за финансирање) и мотивацијата на различни финансиери. Потребите на НУ Стоби за дополнителни средства се за:

- Превентивни мерки за заштита;
- Конзерваторски проекти и нивно спроведување;
- Градење капацитети и обуки;
- Технички истражувања;
- Документација и дигитализација;
- Археолошки ископувања за потребите на конзерваторските активности;
- Унапредување на искуството на посетителите;
- Маркетинг.

**Потенцијални извори на финансирање се:**

- Владини тела;
- Странски музеи и академски институции;
- Фондови на ЕУ;
- Фондации;
- Корпорации и бизниси;
- Индивидуални донатори.
- Секој од наведените потенцијални извори на финансирање може да одговори на различни активности и потреби на Стоби.

## 6.3. НАСОКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Обезбедувањето финансиски средства е сложен процес кој одзема многу време и за кој се потребни обуки придружени со упорност и фокусирани напори. Првиот и најважниот дел од стратегијата е развивање на тим за обезбедување финансиски средства и акциски план за обезбедување финансиски средства.

**Развивање на тим за обезбедување финансиски средства**

Идентификување на дел од вработените кои ќе бидат одговорни за креирање и имплементација на планот. Тимот може да создаде мрежа од консултанти (консултантски бироа и агенции во земјата и странство) и други (волонтерски комитет за собирање средства, алумни група од теренските школи, организации од дијаспората низ целиот свет, даночни агенти итн.). Улогите што тие можат да ги играат вклучуваат:

- Истражување и идентификација на проектни партнери;

- Истражување и идентификација на можни проекти;
- Пишување на предлог-проекти;
- Развивање буџет и временски рамки;
- Негување, барање, следење и управување со можности за финансирање од поединци или фондации;
- Идентификување на клучните луѓе кои ќе треба да придонесат за развој на предлози и кои ќе ги одобруваат предлозите пред нивното поднесување;
- Градење тимски капацитет за обезбедување финансиски средства преку инвестирање во работилници и можности за обука со цел да се зајакнат нивните вештини и знаење за тоа како ефективно да истражуваат, негуваат и пристапуваат кон можностите за финансирање.

**Елементи на акцискиот план за обебедување финансиски средства**

Тимот за обезбедување финансиски средства треба да изготви акциски план за обезбедување финансиски средства врз основа на следниве активности кои се неопходни за ефективно обезбедување финансии:

- Определување на краткорочни и долгорочни приоритети за барање поддршка;
- Идентификување на потребните износи и сите соодветни средства што може да се бараат;
- Развивање буџети за горенаведените приоритети (вкупни или поделени во фази за проекти од поголем обем), вклучувајќи ги сите средства што веќе се добиени или очекувани, како и за дополнителните потреби за покривање на трошоците;
- Идентификување на партнерства за процесите на поднесување апликации или спроведување на проектите доколку такво нешто е потребно за одреден проект;
- Создавање база на податоци за можни извори на финансирање со контакт-информации;
- Идентификување на најдобрите можни извори (владини тела, фондови на ЕУ, фондации, индивидуални донатори) за конкретни проекти;
- Распоред за поднесување и следење на предложените проекти.

Погледнете ја библиографијата во Прилог 8 за ресурси за развивање предлози.

## 6.4. ГЛОБАЛНИ МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТОБИ

### 6.4.1. ДОМАШНИ ВЛАДИНИ ТЕЛА

Министерството за култура е главниот извор за финансирање на повеќето активности на НУ Стоби преку својата Годишна програма. Таа, главно, ги опфаќа археолошките ископувања, конзерваторските проекти и нивната имплементација, општото одржување на локалитетот, а ретко и други потреби како што се истражување, дигитализација, обука и градење капацитети, унапредување на искуството на посетителите итн.

Треба да се земат предвид и програмите на другите министерства или владини тела и тие да станат дел од листата на можни извори за унапредување на искуството на посетителите и дигитализацијата.

Министерството за локална самоуправа поддржува развој на туристичка инфраструктура преку општините и регионалните центри за развој на осумте плански региони во Р Северна Македонија. Овие центри се поддржани и со годишни повици преку програмите за рамномерен регионален развој за проекти објавени од Бирото за регионален развој (БРД),[2] тело во рамките на ова Министерство наменето за унапредување на туристичката инфраструктура, винскиот туризам, формирање туристички развојни центри, унапредување на животната средина, регулирање на коритата на реките итн. Стоби може да соработува со Центарот за развој на Вардарскиот Регион.

2 https://brr.gov.mk/

Националната агенција за промоција и поддршка на туризмот[3] објавува годишни повици за помали проекти за поддршка на туризмот. Стоби може да аплицира за таква поддршка за проекти, на пример, за поставување на нови знаци (на главниот автопат и регионалните патишта, но и на самиот локалитет), за подготовка на нови водичи, брошури, изработка на нови сувенири итн.

Фондот за иновации и технолошки развој[4] поддржува проекти во различни сфери, фокусирани на иновативни решенија за ИКТ-секторот. Нивната поддршка може да се насочи за проекти за дигитализација на недвижните и движните добра од Стоби, регистрите и другите бази на податоци со цел унапредување на процесите на документација, но и презентација преку иновативни ИКТ-алатки.

### 6.4.2. СТРАНСКИ АМБАСАДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Билатерални донатори за конзерваторски активности може да бидат некои од амбасадите на странските држави во Скопје, кои во минатото поддржувале проекти за заштита на културното наследство во Македонија.

Амбасадата на Холандија во Скопје во 2018 година започна нова програма за култура финансирана од Министерството за надворешни работи на Холандија, со наслов Креативен твининг (https://english.rvo.nl/subsidies-programmes/creative-twinning), наменета за проекти за одржлива заштита на културното наследство.

Амбасадите на Германија и Франција обично не објавуваат јавни повици, но препорачливо е директно да се контактираат во насока на барање поддршка врз основа на јасно дефинирани проекти, особено што постојат некои можности за финансирање од германското Федерално министерство за надворешни работи, и соодветно Француската агенција за развој која ја објави својата намера да го зајакне своето присуство во Западен Балкан (https://www.afd.fr/en/actualites/afd-heads-balkans).

Амбасадата на САД[5] секоја година објавува јавни повици за Амбасадорскиот фонд за заштита на културното наследство (AFCP), кој поддржува зачувување на археолошки локалитети, историски градби и споменици и музејски збирки. Подобните проекти вклучуваат конзервација, превентивна заштита, реставрација, анастилоза, консолидација и документација и дигитализација.

### 6.4.3. СТРАНСКИ МУЗЕИ И АКАДЕМСКИ ИНСТИТУЦИИ

Локалитет од значење како Стоби несомнено би бил од голем интерес за странски археолози и истражувачи, па затоа во оваа насока треба да се разгледуваат и можности за воспоставување нови партнерства. Ваквите соработки не само што би ги унапределе техничките истражувања и превентивните конзерваторски активности на локалитетот, туку би можеле да обезбедат и значителен нов прилив на финансии за таа цел. Многу универзитети имаат сопствени средства за археолошки истражувања во странство или за други видови научно-истражувачки програми, како и за програми за дигитализација или документација на културното наследство, но има и други отворени можности за финансирање на соработка на полето на истражувањата. Стоби нуди големи можности за организирање теренски школи, како што покажа досегашната пракса со Фондацијата Балканско наследство, а кои можат да понудат едукација и обука на студенти, што воедно претставува и можност за промовирање на неговото значење во пошироки рамки.

### 6.4.4. ФОНДОВИ НА ЕУ

**Хоризонт 2021-2027** е новата програма на Европската Унија за истражување и иновации. Република Северна Македонија ги исполнува условите за оваа програма доколку оствари партнерство со земја-членка на ЕУ. Оваа програма има посветен кластер за Култура, креативност и инклузивни општества, преку кој би можеле да се поддржат проекти за културно наследство.

3 http://tourismmacedonia.gov.mk/

4 https://fitr.mk/

5 https://mk.usembassy.gov/education-culture/grants/

Грантовите на **Европскиот истражувачки совет** (*European Research Council*)[6] може да се земат предвид при планирање на проекти за истражување и ископување во Стоби. Престижните грантови на ERC (Почетни грантови, Грантови за консолидатор и Грантови за синергија) се доделуваат преку отворен конкурс за проекти.

**Креативна Европа (2021-2027)** е новата програма на ЕУ[7] за културниот и креативниот сектор. Таа ќе продолжи да поддржува прекугранични проекти во рамките на својот дел Култура, медиуми и меѓусекторски области, а културното наследство е наведено како еден од неговите главни приоритети. Повиците за предлози ќе се објавуваат во текот на целата година, а повеќе информации и поддршка може да се побараат од Бирото за Креативна Европа, кое делува како одделение во Министерството за култура. Програмата ќе поддржува соработка помеѓу различни видови организации кои работат во сферата на културното наследство и ќе поттикне иновативна повторна употреба на културното наследство, интервенции во историската средина и употреба на дигитално културно наследство и креативни идеи за подобра заштита, презентација и интерпретација на културното наследство. Стоби може да развие проекти за соработка со други археолошки локалитети од римскиот период низ Европа, додека специфичните теми можат да варираат од современата употреба на римските театри, создавање дигитални модели, до нови модели на интерпретација за одредени групи посетители итн. Заедно со овие „меки" мерки за културното наследство, некои елементи на локалитетот, исто така, може да профитираат од директни мерки за заштита - мозаици, мермерни елементи, движни наоди итн.

**Интеррег ИПА Програма за прекугранична соработка „Грција - Република Северна Македонија 2021-2027".** Специфичните цели на оваа програма се економскиот развој на пограничните региони, промоција на туристичката и транспортната инфраструктура, како и унапредување на животната средина. Стоби се наоѓа во Вардарскиот Регион и затоа има право да аплицира за проекти за соработка во програмата со Грција.[8] Меѓу нејзините приоритети се развојот и поддршката на локалната економија и унапредувањето на атрактивноста и промоцијата на туризмот во прекуграничната област, а оваа програма поддржува и проекти за промоција и презентација (печатени и аудиоводичи и апликации, организирање јавни настани, билетарница/систем за билети, сувенирница, поголеми инфраструктурни проекти, патеки за посетители, заштитни покривни конструкции, центар за посетители, музеј).[9] Нејзиниот втор пакет приоритети ќе се фокусира на заштита на животната средина и транспортот, што, исто така, може да се однесува на превенција, ублажување и управување со природни катастрофи, ризици и опасности, што нуди можности за аплицирање со проекти фокусирани на влијанието на климатските промени на локалитетот (директно влијаејќи врз потребата од конзерваторски интервенции), но, исто така, и за поголеми проект како на пример, консолидацијата на коритото на реката Црна што претставува сериозна закана за локалитетот, но, и/или обнова на депоата кои се наоѓаат во близина.

**Проектите за културна соработка во Западен Балкан** „Зајакнување на културната соработка и конкурентноста на културните и креативните индустрии во Западен Балкан",[10] се целосно финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) со вкупен буџет од 5 милиони евра. Стоби ги исполнува условите за учество во оваа програма преку партнерство со најмалку две организации (проектен лидер и/или партнери) основани во најмалку два различни корисника на ИПА II од Западен Балкан и најмалку две организации од партнерството (проектен лидер и/или партнери) основани во најмалку две различни земји-членки на ЕУ. Теми од интерес се: „Развивање нови вештини и стекнување професионално искуство и експертиза" (работилници, семинари, вмрежување, студиски посети); „Развој на публика"; „Промовирање нови модели на приходи, менаџмент и маркетинг за културните и креативните индустрии"; „Прилагодување кон дигиталните промени".[11]

**Регионалниот совет за соработка (РСС)** е регионална организација за земјите од Југоисточна Европа, со седиште во Сараево, Босна и Херцеговина. Таа спроведува проект финансиран од ЕУ за развој и промоција на туризмот, наречен *Triple-P Tourism in SEE: Promotion, Policy, and Pilot Grant Work Program*, во вредност од 5 милиони евра, добиен преку ИПА II програмата. Овој проект на РСС ќе дистрибуира мали

---

6 https://erc.europa.eu/

7 http://ec.europa.eu/culture/calls/index_en.htm - _status=open

8 http://www.ipa-cbc-programme.eu/home/; http://www.sep.gov.mk/content/?id=20#.XjFc29RKjIU

9 Стоби има корист од оваа програма во 2021.

10 https://eacea.ec.europa.eu/sites/eacea-site/files/1._call_notice_eacea_39_2019_0.pdf

11 За други грантови за дигитализација, види: https://pro.europeana.eu/page/europeana-research-events-grants-programme-2019-call-for-submissions

грантови за поддршка на унапредувањето на туристичката инфраструктура и услугите по развиените рути.[12] Досега има воспоставено три такви туристички рути, од кои две го вклучуваат археолошкиот локалитет Стоби: 1. Раскрсница на цивилизации на Западен Балкан како заеднички регионален идентитет и 2. Патека Илирикум - како дел од рутата посветена на римските императори и Дунавската винска рута фокусирајќи се на археолошките локалитети од римскиот период. Ова отвора можности за предлагање проекти за развој на туризмот и промоција кои би можеле да добијат подгрантови за нови водичи, систем за билети, маркетинг активности итн.

**Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК)**[13] е четиригодишна инвестициска операција финансирана со грант од Европската Унија (ИПА II). Неговата цел е да го зајакне придонесот на туризмот во локалниот економски развој и да го унапреди капацитетот на Владата и јавните субјекти да го поттикнат растот на туризмот и да го олеснат управувањето со дестинациите. Досега имаше два повика за аплицирање со потпроекти, вклучително и подгрантови за инфраструктура поврзана со туризмот, посебно истакнувајќи ги локалитетите со културно и природно наследство. Вакви грантови беа насочени и за активности за конзервација/реставрација, како важен сегмент во рамките на туризмот на локалитетите кои се културно наследство. Потпроектите треба да се имплементираат во една од 10-те избрани дестинации, а Стоби е посебно нагласен во дестинацијата на Тиквешкиот Регион.[14]

**Националната агенција за европски образовни програми и мобилност**,[15] која промовира имплементација на неколку образовни програми на ЕУ: Еразмус+,[16] Е-твининг (за основни и средни училишта, градинки),[17] *Europass*[18] итн. Таа, исто така, организира студиски патувања за донесувачите на одлуки во образовните институции и таканаречени семинари за контакти.[19]

### 6.4.5 ФОНДАЦИИ

**Фондацијата АГ Левентис**[20] е вклучена во широк спектар на проекти низ целиот свет кои поддржуваат образовни, културни, уметнички и филантропски цели во Кипар, Грција и во други земји. Овој фонд овозможува систематско доделување стипендии и спонзорство на проекти за зачувување на природата и одржлив развој во Јужна Европа, Африка и ширум светот.

**Советот за истражување за уметностите и хуманистичките науки** (*AHRC*)[21] промовира меѓународни врски на многу нивоа: од политика до финансирање на истражувања и поврзување со истражувачи. Го поттикнува меѓународниот ангажман како интегриран дел од неговите стандардни шеми за финансирање и работи со голем број партнерства со меѓународни финансиери за истражување. Ја спроведува Заедничката иницијатива за програмирање за културно наследство,[22] која промовира заштита на културното наследство во неговата поширока смисла, вклучително и материјални, нематеријални и дигитални добра.

**Фондот за истражување на глобалните предизвици** (*GCRF*)[23] е фонд од 1.5 милијарди фунти кој го објави Владата на Обединетото Кралство во 2016 година за да одговори на сложените глобални развојни предизвици и да поддржи заедничко истражување што ќе го подобри економскиот просперитет, благосостојбата и квалитетот на животот на луѓето од земји со ниски и средни приходи. Основен дел од *GCRF* е соработката и партнерството со странски истражувачи, влади, невладини организации и други организации.

---

12 https://www.rcc.int/tourismgrants

13 https://lrcp.mk/

14 План за развој на туризмот е изготвен за сите избрани дестинации во рамки на овој проект, вклучително и за Тиквешкиот регион и неговата околина: https://lrcp.mk/lrcp-uploads/2019/04/Destination-4-Tikvesh-region-and-surroundings_EN.pdf

15 https://www.na.org.mk/index.php/en/en-home.html

16 https://www.na.org.mk/index.php/mk/erazmus-359.html

17 http://etwinning.mk/

18 http://europass.mk/.

19 https://www.na.org.mk/index.php/mk/tas.html

20 http://www.leventisfoundation.org/en/

21 https://ahrc.ukri.org/

22 https://ahrc.ukri.org/funding/internationalfunding/joint-programming-initiativeprogrammes/

23 https://www.ukri.org/research/global-challenges-research-fund/

**Европската културна фондација**[24] иницира и поддржува културна размена и креативно изразување низ цела Европа и е отворена за поединци и организации од целиот свет. Се упатуваат различни повици, како што се грантови за истражување и развој за поддршка на луѓето и нивните идеи користејќи креативност и културни методи за позитивни промени на локално, регионално и/или европско ниво. „Тандем“ поддржува долгорочна соработка, развој на знаење и можности за вмрежување помеѓу културните менаџери ширум Европа. Исто така, поддржува патувања за активни партнерства: грантовите за патување *STEP* поддржуваат креативни и критички културни работници кои патуваат низ Европа и нејзините соседни земји со цел да помогнат при поттикнувањето на општества со поголема солидарност, еднаквост и посилно чувство за социјална правда.

**Фондацијата Герда Хенкел**[25] е активна во и вон Германија и таа ја промовира науката на универзитетите и истражувачките институти, првенствено преку поддршка на конкретни проекти од областа на хуманистичките науки кои имаат специјализиран опсег и се временски ограничени. Посебен акцент на Фондацијата е напредокот на младите истражувачи. Иницијативата за финансирање на оваа фондацијата „*Patrimonies*“ е посилно фокусирана на заштитата на културното наследство, особено во регионите што доживуваат кризи. Меѓународна во својот фокус, таа е наменета да биде активна, пред сѐ, во кризни региони, како и во земјите кои немаат капацитет сами да го зачуваат сопственото културно наследство. Финансирањето може да вклучува: материјална помош, вклучително и трошоци за конзервација и реставрација; трошоци за вработени, по можност за договори за услуги и стипендии; грантови за поддршка на трошоците за резидентни престои за истражување и обука и патни трошоци.

**Хедли Труст**[26] поддржува зачувување и документирање на културното наследство (вклучувајќи верска и вернакуларна архитектура, археологија и културни артефакти), пред сѐ, во Југоисточна Европа (Словенија, Хрватска, Албанија, Македонија, Бугарија, Романија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина), но, исто така, и во Турција и Етиопија, преку подигање на свеста за прашањата поврзани со културното наследство во овие земји, поддршка на капацитетите на нови невладини организации во сферата на заштитата на културното наследство и обука на следната генерација професионалци за конзервација и заштита на културното наследство.

**Фондацијата Крал Бодуен** [27] е европска фондација со седиште во Брисел, но која работи на белгиско, европско и меѓународно ниво. Во нашиот регион, главно, се занимава со прашања како што се интеграцијата, миграциската политика, филантропијата и демократијата во земјите од Западен Балкан. Во сферата на културното наследство таа е фокусирана на белгиското наследство, меѓутоа, може да помогне при локални или меѓународни иновативни проекти кои имаат влијание врз природното наследство, архитектонското и движното културно наследство.

### 6.4.5. КОРПОРАЦИИ И БИЗНИСИ

Оваа година, а и во блиска иднина, се очекува многу компании да ги намалат своите донации во добротворни цели доколку дојде до значително намалување на нивните нето-добивки или, пак, доколку предвидуваат загуби. Дури и во силни економски времиња, корпорациите и локалните бизниси веројатно никогаш нема да бидат главен извор на поддршка за Стоби, освен доколку не се создадат и промовираат можности за компаниите кои јасно ќе се поврзуваат со нивните комуникациски и маркетинг цели.

### 6.4.6. ИНДИВИДУАЛНИ ДОНАТОРИ

Индивидуалните донатори можат да станат силен извор на поддршка за Стоби. Неодамнешните истражувања покажуваат дека мнозинството главни донатори планираат да продолжат, па дури и да ги зголемат своите донации во овој момент. Покрај теренските школи, настаните и јавните програми би можеле да помогнат да се идентификуваат локални и регионални перспективи, но и да генерираат скромни нивоа на заработени приходи. Општо земено, развојот на индивидуалните донатори бара повеќе посветено време од страна на вработените отколку поддршката која се бара од фондации,

24 https://www.culturalfoundation.eu/home

25 https://www.gerda-henkel-stiftung.de/en/patrimonies#37

26 http://www.sfct.org.uk/Headley.html

27 https://www.kbs-frb.be/

но доколку сега се започне со ваков процес, индивидуалните донации би можеле да бидат во пораст следните неколку години. Конечно, овој извор на приходи потенцијално би можел да се изедначи со поддршката за локалитетот која доаѓа од фондациите. Како прв чекор, Стоби треба да развие база на податоци за учесниците на теренските школи, настаните и програмите. Ним можат да им се испраќаат новости за локалитетот со цел да се отпочне со негување на нивниот потенцијален интерес да станат членови или да донираат.

## ПРИЛОГ 8: БИБЛИОГРАФИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## **(Општа библиографија и сервисни организации)**

**Кандид** (*Candid*- порано наречена*The Foundation Center*) – www.candid.org
Водечки извор на информации за филантропија низ целиот свет. Билтени и многу онлајн ресурси. Некои програми за обуки се обезбедуваат бесплатно. Ако кликнете на табулаторот „Работи што можете да ги направите", можете да пребарувате преку 100 000 фондации за доделување грантови и нивните „990-ки" (годишни даночни обрасци што треба да ги поднесат во САД, во кои се прикажани грантовите што ги дале). Во моментов, Кандид ја проширува својата меѓународна база на податоци за финансиери.

**Grantsmanship Center** – www.tgci.com
Им помага на непрофитните организации да ги остварат своите мисии, нудејќи обука и публикации.

*Worldwide Initiative for Grantmaker Support* (*WINGS)* - www.wingsweb.org
Организација во која членуваат 130 филантропски здруженија, мрежи, академски институции, организации за поддршка и финансиери во 45 земји. Нејзината мисија е да се зајакне, промовира и да обезбеди лидерство во филантропијата. Публикации за истражување и политики на многу јазици.

**Истражувачки ресурси за грантови**

*GrantStation* – www.grantstation.com
Од 1999 година помага да се поврзат корисниците на грантови со повици за предлози. Тие издаваат месечни листи на меѓународни можности и вклучуваат само финансиери кои активно прифаќаат предлози. Исто така, нуди обуки.

**Пишување на грантови и главни ресурси за развој на донатори**

Barbato, Joseph and Danielle S. Writing for A Good Cause: The Complete Guide to Crafting Proposals and Other Persuasive Pieces for Nonprofits. New York, NY: Simon and Schuster, 2000.

Cheryl Carter New and James Aaron Quick
Grantseeker's Toolkit: A Comprehensive Guide to Finding Funding (New York, 1998).
Cheever, Jane, The Foundation Center's Guide to Proposal Writing (New York, First out in 1993, now in 6th edition)

GrantSpace (Дел од Candid) – www.grantspace.org
Краток курс за пишување предлози: http://foundationcenter.org/getstarted/tutorials/shortcourse/
Free one-hour introductory course. GrantSpace also provides a variety of sample proposal documents.

GrantSpace, How to Start a Major Gifts Program – Training, 1 ½ to 2 hours, $65 registration.

-Golden Brown, Larissa, and Martin John Brown, Demystifying Grant Seeking: What You REALLY Need to Do to Get Grants, San Francisco, 2001 (Jossey-Bass; 1st edition)
-Klein, Kim, Starting a Major Gifts Program – Parts 1 and 2, Nonprofit Quarterly, May 25, 2017, www.nonprofitquarterly.org

ГЛОБАЛНИ МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТОБИ

| **Можности за финансирање** | **Седиште/та** | **Релевантни интереси за финансирање** | **Просечен опсег на грантови** | **Контакт** | **Забелешки** | **Оценка (1 = ниско, 5 = највисоко)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фондација АГ Левентис (A.G. Leventis Foundation) | Атина, Кипар, Цирих и Лагос | Основните интереси на Фондацијата вклучуваат ширење на интересот за грчкото и кипарското културно наследство; реконструкција на споменици од класичниот, византискиот и поствизантискиот период. Исто така, Фондацијата обезбедува стипендии за постдимпломски студии на унверзитети. Фондацијата финансираше тригодишна програма за мастер студии од областа на управување со културното наследство на Универзитетот во Кент, која се одржуваше во Грција и која комбинира археологија и бизнис. Во октомври 2019 година се придружи на „Грчката двестегодишна иницијатива (1821 to 2021)“ заедно со Народната банка на Грција и десет други фондации со седиште во Грција. | Не е наведено на веб страната на фондацијата. | Џорџ А. Давид, раководи со грчкиот комитет | Постојат некои заеднички интереси, но во овој момент можеби Фондацијата е фокусирана на Грција и Кипар. | 1 |
| Амбасадор-ски фонд за заштита на културното наследство | Вашингтон, ДС, САД | Почнувајќи од 2001 година се финансирани повеќе од 1000 проекти низ светот. Археолошките локалитети и историските градби се меѓу приоритетите за финансирање. Стоби веќе добил поддршка од Аамбасадата на САД. | Мали грантови од $10.000 до $200.000. Големите грантови надминуваат $200.000 | Борка Танеска асистент за култура | Забелешка: Во моментов апликациите се во мирување заради пандемијата со КОВИД-19. Овој извор е вклучен овде затоа што се очекува дека ќе продолжи во иднина. Исто така, холандската, француската и германската амбасада се потенцијални извори за ваков тип на финансирање. | 3 |
| Проекти за културна соработка на Западен Балкан (Cultural Cooperation Projects in the Western Balkans) | Скопје, Р С Македонија | Обезбедува средства преку Министерството за култура за стекнување професионално искуство и обука. Може да се употреби за работилници, семинари, вмрежување, посети на локалитетот. Приоритет е „Приспособување кон дигиталната ера“ Проектите можат да се искористат за креирање на виртуелни искуства за посетителите на Стоби. | Не е наведено на веб страната. | | Програмата е администрирана од Извршната агенција за образование, аудиовизуелност и култура. Потребно е да се пронајдат партнери од Македонија и Западниот Балкан за развој на заеднички проекти. Се аплицира по електронски пат, а ревизијата на предлозите се врши во Брисел. | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (Фондација Давид Берг) David Berg Foundation | Њујорк, Њујорк, САД | Главно, финансира проекти и истражувања поврзани со еврејската култура и историја на уметност. Фондацијата ја финансираше работата на Светскиот фонд за споменици за реставрација на синагоги. | Просечен опсег од $10,000 до $50,000 | Микеле Точи, Претседател; Аби Кауфтал, виш програмски службеник | Фондацијата не е голем извор за финансирање, освен ако не се оствари личен контакт за да се заитересираат за синагогата во Стоби. | 2 |
| Фондација Герда Хенкел (Gerda Henkel Foundation) | Дизелдорф, Германија | Фондацијата ги поддржува историските и хуманистички науки за кандидати без оглед на националноста. Фондацијата поддржува истражувачки проекти (барај под Истражувачки проекти или Индивидуални стипендии) како и заштита на културното наследство (барај под Патримонии). Уште една посебна иницијатива наречена "Изгубени градови" е поволна за Стоби. Со иницијативата Патримонии Фондацијата ја промовира заштитата на културното наследство, особено во кризни региони. Потенцијалните можности за поддршка на Стоби се: 1) поддршка на специфични истражувачки проекти за финансирање на персонал, патни трошоци и опрема (или за студиски престој на самостојни истражувачи од еден месец до две години); и 2) поддршка за мерки за заштита на загрозено културно наследство, главно во кризните региони. | За самостојни истражувачи: од 1600 до 3100 евра на месец со семеен додаток. За мали истражувачки проекти под 25.000 евра. Големите проекти можат да добијат многу повеќе финансии, но само со покана. | д-р Ана-Моника Лаутер, раководи со програмата Патримонии. д-р Бирте Рухарт раководи со програмата за Истражувачки проекти и со програмата "Изгубени градови". | Поголемите проекти се развиваат на покана за партнерство од Фондацијата. Приоритетите се: заштита на културното наследство; подобрување на научна инфраструктура; едукација на млади научници; воспоставување мрежа во науката, политиката и општеството во регионите. Најважен критериум при одлучувањето дали ќе се додели грант е академското значење и квалитетот на истражувачкиот проект. Прецизното планирање на трошоците и распоредот на предложениот проект се од суштинско значење. | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фондација Гети<br><br>(Getty Foundation) | Лос Анџелес, Калифорнија, САД | Фондацијата Гети поддржува институции и поединци посветени на унапредување на поголемо разбирање и зачувување на визуелните уметности во Лос Анџелес и низ целиот свет. Иницијативите за грантови го зголемуваат пристапот до музејските збирки, ја зајакнуваат историјата на уметноста како глобална дисциплина, ја унапредуваат конзервацијата и ги поддржуваат сегашните и идните лидери во визуелните уметности. Фондацијата соработува со другите програми на Гети: Музејот Гети, Истражувачкиот институт Гети и Институтот за конзервација на Гети. Од 1984 година се дадени над 8000 грантови за 180 земји на сите седум континенти. На пример, во 2019 година се вклучени: Братсвото на манастирот Св. Катерина, Каиро, Египет, публикација за реставрација и конзервација на манастирот на Синај, Египет; Центарот за напредни студии во Софија, Бугарија, за Истражувачкиот семинар „Содавање на знаење во археологијата и историјата на уметност“; Меѓународната фондација за конзервација на мозаици, Белмонте и Сабина, Италија; за 14-тата конференција на ICCM во Пловдив, Бугарија; за ICOMOS, Шарентон-ле-Порт, Франција; за учество на професионалци од економиите во развој на 20-то Генерално собрание и научен симпозиум во Австралија; за собирот за професионално вмрежување на Израелската управа за антиквитети, Ерусалим, Израел преку програмата МОЗАИКОН. | од $30.000 до $240.000 или повеќе | Џоан Вајнстајн, директор | Поддршката главно се добива преку одбрани иницијативи и со покана. Исто така, Фондацијата дава индивидуални стипендии и грантови за учество на меѓународни професионални конференции и програми за обука. | 5 |
| Гроув @ Аненберг (Аненберг фондација) (Grow@ Annenberg (Annenberg Foundation) | Лос Анџелес, Калифорнија, САД | Финансира проекти на Светскиот фонд за споменици (Аненберг програма за загрозено културно наследство) и Фондот за глобално наследство. Ја поддржува Фондацијата за француски музеи, Спаси ја Венеција и УНЕСКО. Се стреми да поддржи иновативни глобални хуманитарни напори во уметноста, здравството, образованието и граѓанскиот живот. | од $10.000 до $100.000 или повеќе | Грегори Аненберг Вајнгартен, Потпретседател и директор на Фондацијата Аненберг | По иницијатива на фондацијата Аненберг. Григориј Вајнгартен исто така е во одборите на Музејот Викторија и Алберт, Пен музејот за археологија и антропологија и фондот Ј. Пол Гети. | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фонд Џ. М. Каплан (J. M. Kaplan Fund) | Њујорк, Њујорк, САД | Програма за заштита на културното наследство: конзервација на археолошките ресурси во Медитеранот. Предност имаат локалитетите во опасност и конзерваторски проекти на споменици од грчко-римскиот период на кои им недостасуваат ресурси и кои заслужуваат повеќе внимание. Фондот е заинтересиран за планирање на конзерваторските активности, а од неодамна и за професионален развој и обука. Дискреционите грантови (за кои се аплицира само по електронски пат) ги вклучуваат следните области: уметност, архитектура, издаваштво, дизајн и конзервација на градби. Релевантни грантови за 2018 г.: $100.000 за Фондацијата Балканско наследство за изработка на Генерален план за заштита на Стоби; $200.000 во две години за Советот на американски истражувачки центри во странство за обновената Иницијатива за одговорна заштита; $90.000 за заштита во Алжир заедно со МОЗАИКОН; $50.000 се доделени на Организацијата за управување со наследството од Атина за 10 стипендии за учество во работилници за професионални обуки; $18.000 за Глобалниот Фонд за културно наследство наменети за документација како алатка за зачувување на културното наследство. | од $15.000 до $200.000 | Ејми Фрајтаг, извршен директор; Вил Рејнолд, програмски консултант за програмата за заштита на културното наследство | Приоритетите се менуваат секоја година во зависност од интересот на семејството. Веќе ја финансираат Фондацијата Балканско наследство и НУ Стоби и постои потенцијал да се надгради соработката. | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фондација Крал Бодуен, САД (King Baudouin Foundation United States) | Њујорк, Њујорк, САД (главната канцеларија е во Белгија) | Од отворањето како јавна добротворна организација регистрирана под 501 (в) (3) во 2002 година, Фондацијата служи како мост за знаење помеѓу американските донатори и непрофитните организации во странство. Покрај работата со донатори, остварила партнерство со европски и африкански непрофитни организации. Со Американскиот фонд за пријатели KBFUS, тие можат да добијат донации од даночни ослободувања на донатори во САД, со што ги поштедуваат донаторите од процесите и трошоците за формирање сопствена добротворна организација. Во текот на изминатите 3 години, KBFUS донираше преку 50 милиони американски долари, достигнувајќи речиси до секој агол на Европа и Африка. | Не е погоден за Стоби. Оваа фондација служи како фискален спонзор, а не давател на грантови. | Жан Пол Вармос, извршен директор во канцеларијата во САД. | Доколку ФБН или НУ Стоби имаат потреба од фискален агент со статус 501©3 во САД, KBFUS ќе им ја овозможи оваа услуга со задржување на одреден процент за администрирање. (Ова им овозможува на индивидуалните донатори или на фондациите во САД да донираат во проекти во странство). Програмите што ги претставува KBFUS вклучуваат: Институт за заштита на културното наследство (Грција); Опера ди Санта Кроче (Италија); Фондација ALIPH; Музеј Бенаки (Грција); Римско наследство (Италија); Проект за дигитализација на ерменските богатства. Иако KBF има грантови програми надвор од својата белгиска канцеларија, ниту една не е релевантна за Стоби. Исто така, е домаќин на Музејска програма за лидерство спонзорирана од Американ Експрес, која носи европски професионалци во Њујорк секоја година. | 5 |
| Фондација Леон Леви | Њујорк, Њујорк, САД | Голем спонзор за стипедии и истражување на античкиот свет, што води кон интердисциплинарно и меѓукулурно разбирање и признавање на вредностите на античките цивилизации. Од 1997 г., Фондацијата донирала $13 милиони долари преку Програмата на Шелби Вајт и Леон Леви за археолошки публикации на Универзитетот Харвард. Најголемата програма која ја поддржува Фондацијата е Институтот за проучување на античкиот свет во Њујорк. Исто така, Фондацијата ги поддржува ископувањата и конзервацијата на мозаикот во Лод, Израел | Многу големи грантови, но не се објавени на веб страната | Шелби Вајт, вдовица на Леон Леви; Мередит Рос, програмски директор | Не се дозволени апликации без претходна покана. | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Институт Пакард Хјуманитис (Packard Humanities Institute) | Лос Алтос, Калифорнија, САД | Институт Пакард Хјуманитис (PHI) е непрофитна фондација посветена на археологијата, музиката, заштита на филмови и историски архиви. Како и Фондацијата Гети и оваа е оперативна фондација, што значи дека постои за да креира и поддржува сопствени проекти како и да обезбедува грантови за други организации. | $15.000 до $2.000.000. | Дејвид Пакард претседател Патрик Лофрен, директор. | Многу грантисти се со седиште во Калифорнија, но Институтот има неколку долгорочни археолошки проекти ширум светот. Неколку членови на одборот на ICCM се запознаени со Дејвид Пакард. | 1 |
| Фонд Принц Клаус за култура и развој (Prince Claus Fund for Culture & Development) | Амстердам, Холандија, Поддржан од холандското Министерство за надворешни работи и холандската Лотарија на поштенски кодови | Фонд за мобилност: Поддржува меѓукултурна размена на уметници и работници во културата на глобално ниво. Помага во професионалниот раст и способностите за вмрежување на оние што ги поддржува: конкретно млади културни работници кои патуваат заради професионален развој, соработка и размена. Програмата Културна реакција за итни случаи обезбедува помош за евакуација, стабилизирање или спасување на културното наследство под непосредна закана од уништување или оштетување од катастрофи, природни катастрофи или конфликти. | Не е наведено на веб страната. ВО 2018 г. се објавени грантови со вкупна вредност од 1.1 милион евра | Јумана Ел Зеин Кури, директор; Дебора Столк, координатор на програмата Културна реакција за итни случаи | Следете ги отворените повици на веб-страницата, коишто поттикнуваат разни апликации. Поддршката првенствено им се дава на луѓето и организациите во Латинска Америка, Азија, Африка, Источна Европа и Карибите. Предлозите се прифаќаат само ако се однесуваат на конкретни материјални потреби, истражувачки мисии за идентификување на акции за итна помош во културата, обука за прва помош за спасување на културата или подигање на свеста за штетата врз култура или наследство од тековни кризи | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хедли Труст во Добротворниот фонд на семејството Сејнсбери (Headley Trust at the Sainsbury Family Charitable Trusts) | Лондон, Англија, Обединето Кралство | Сејнсбери е конзорциум од 17 индивидуални фондови. Меѓународното финансирање надвор од Обединетото Кралство преку Хедли Труст вклучува: Конзервација и евидентирање на наследството (вклучувајќи црковна и народна архитектура, археологија и културни артефакти), првенствено во Југоисточна Европа (Словенија, Хрватска, Албанија, Грција, Македонија, Бугарија, Романија , Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина), како и Етиопија. Исто така, има фонд за набавка на археолошки предмети што им помага на регионалните и локалните музеи да купат артефакти. | 7 странски грантови дадени во 2019 година, почнувајќи од 1.000 до 25.000 британски фунти | Сер Тимоти Сајнсбери и Лејди Сејнсбери го водат Хедли Трустот, со други членови на семејството и друг персонал | Онлајн апликацијата покажува дека процесот е многу конкурентен и само мал процент од апликантите се финансираат. | 3 |
| Фондација Самуел Х. Крес (Samuel H. Kress Foundation) | Њујорк, Њујорк, САД | Две програмски области се однесуваат на приоритетите на Стоби: историја на уметност и заштита на уметноста. И двете поддржуваат научни публикации, изложби, истражувачки проекти и технички студии кои ќе го зголемат ценењето и разбирањето на европската уметност, археологија и архитектура од антиката до 19 век. И двете поддржуваат историчари и конзерватори преку професионална експертиза преку размена, конференции, симпозиуми, работилници и други професионални настани. | од $5.000 до $70.000 (некои се повеќегодишни грантови на ова ниво секоја година) | Макс Мармор, претседател; Лиза Шермерхорн, потпретседател | Интернет рокови за писма на намери: 15 јануари, 1 април и 1 октомври. Се доделува само на непрофитни институции со статус 501 (в) 3, со седиште во САД, вклучително и фондации за поддршка на европски институции. | 3 |
| Национална агенција за поддршка и промоција на туризмот (National Agency for Promotion and Support of Tourism) | Скопје, Р. Северна Македонија | Годишни повици за мали туристички проекти како што се ознаки, водичи, брошури, изработка на сувенири, итн. Поголемите проекти ја поддржуваат туристичката инфраструктура | Годишниот буџет за 2019 г. изнесува околу 4.7 милиони евра. | | Годишни повици. Треба да се истражи повеќе за приоритетите за 2020 и 2021 г. | 3 |
| Фондација Ставрос Ниархос | Атина, Грција, Њујорк, Њујорк, САД, Монако | Финансира уметност и култура, образовни размени во Грција, но исто така и пошироко низ целиот свет. Типичните грантови поддржуваат археолошки изложби, меѓународни стипендии и престој, културно образование на децата, филмски фестивали, театри, општа оперативна поддршка за некои баратели на грантови (вклучително и Светскиот фонд за споменици). Фондацијата финансирала проекти на Балканот, надвор од Грција. | Не е наведено на веб-страницата, но е познато дека дава големи суми за финансирање на големи проекти. | Андреас Дракопулос, потпретседател | Апликациите за грантови се поднесуваат по електронски пат. Предлозите на организации надвор од Грција ги прегледува: SNF USA, Inc., Programs Department 645 Madison Avenue, Suite 2200, New York, NY 10022U.S.A. OR FSN S.A.M. Programs Dept., George V 14 Avenue de Grande Bretagne MC 98000 Monaco | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Секретеријат за европски прашања (TAIEX) | Скопје, Р. Северна Македонија | Техничка помош и размена на информации, преку Секретаријатот за европски прашања наменета за подигнување на капацитетите на јавните службеници од претпристапните земји. Плаќа за експерти од земјите на ЕУ да одржуваат работилници, приватни советодавни услуги и да споделуваат знаење. | Покриени се целосните трошоци за странските експерти | | Барањата се поденсуваат преку Министерството за култура. | 3 |
| Фондацијата Вајтинг (Whiting Foundation) | Бруклин, Њујорк, САД | Од 2016 година поддржува „борба за спасување на богатствата на човечката цивилизација од природни закани и закани од човечки дејства". Ги поддржува локалните управители да зачувуваат, документираат, шират. Се фокусира, главно, на документација, публикации и дигитализација на архивите. | Не е наведено на веб-страницата, но веројатно од $7000 до $25.000. | Даниел Рид, извршен директор | Соработуваше со Фондот Принц Клаус за еден проект. Даниел Рид, колега на Фондот Џ. М. Каплан. | 4 |



# ПРИЛОЗИ
# **9-12**

# ПРИЛОГ 9: ГРАДБИ НА СТОБИ (СОСТОЈБА НА ЗАЧУВАНОСТ)

**1. КАЗА РОМАНА** (доцен 1. век пред н. е. - доцен 3. век од н. е.) (сл. 72а, б)

**Опис:** Градбата наречена Каза Романа зафаќа простор од околу 348 $m^2$ и е лоцирана во североисточниот дел од градот, близу до коритото на Црна Река. Градбата не е комплетно истражена, освен делови од четири простории и еден коридор. Ѕидовите се направени од правоаголни блокови и плочи од песочник, со фрагментирани тули во нивелациите, сочувани во висина од 0,5 до 2.5 m. Просторијата 2 и коридорот се декорирани со фреско и штуко декорација. Подот во југоисточниот агол на просторијата 2 е направен од песочници и варов малтер.

**Ископувања:** 1972-1974 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1970 г.: ѕидните декорации се отстранети и поставени на подвижни носачи.

**Процена на состојбата:** Многу лоша.

**Документација:** Нема проектна документација; нема проект за конзервација.

**2. ГРАДБА СО АРКИ (БИБЛИОТЕКА)** (ран 2. век од н. е. - 4. век од н. е.) (сл. 73а-д)

**Опис:** Библиотеката во Стоби, или т.н. Градба со арки, е уникатен и импресивен објект од римскиот период. Се наоѓа на најниската тераса на источниот крај на градот. Откриениот дел од градбата е правоаголен и зафаќа простор од околу 1000 $m^2$ (43,09 x 24,32 m). Таа е направена од тули, варов малтер и локален песочник. Внатрешниот простор е поделен во голема сала формирана од ѕидови со ниши и две апсидални простории одделени со коридор. Нишите на големата сала имаат двојни арки - тие биле поделени на два ката, со импресивна висина од 13 m. Максималната сочувана висина е околу 5,5 m. Големата сала има 68 сегменти со арки, од кои 9 се користеле како премини, додека најмалку 52 ниши биле користени за полици со свитоци. Според бројот и големината на нишите, оваа градба е втората најголема библиотека во досега познатите библиотеки во Римската Империја. Внатрешниот дел од градбата импресионира со својата мермерна декорација, подови во opus sectile, како и мермерните скулптури со позлата. Библиотеката била оштетена од земјотрес и уништена во пожар околу 300 година од н. е. Остатоците од долниот кат биле затрупани во текот на реновирањето на горниот кат. Во просторијата западно од големата сала бил поставен мозаичен под кој подоцна бил пресечен со поставувањето на внатрешниот источен бедем. Библиотеката постоела сè до 4. век од н. е., кога била напуштена, а просторот се користел за погребување во рамките на бедемите.

**Ископувања:** 1972-1974 г.; 1981-1983 г.; 2003-2010 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 2003-2010 г.: Изведена е превентивна конзервација на четири арки од северниот ѕид. Мозаикот од втората фаза на градбата е изваден, подложен на конзерваторски третман и се чува во депо. Изведени се и мали интервенции како, на пример, опшивање на откршените рабови на архитектонската декорација зачувана *in situ*. Во 2009 и 2010 г., изведена е и превентивна конзервација на мозаичните подови (*opus sectile*) во апсидалните простории.

**Процена на состојбата:** Лоша.

**Документација:** Подготвен е конзерваторски проект за архитектонските остатоци. Конзерваторскиот третман ќе започне во 2021 г.

**3. ХРАМ НА ИЗИДА** (ран 2. век од н. е. - ран 5. век од н. е.) (сл. 74а-г)

Опис: Храмот на Изида е откриен во 2008 г., во југоисточниот дел на најниската тераса. Комплексот се состои од римски храм посветен на египетските божества Изида и Сарапис. Храмот има цела и пронаос, поставени на висок подиум до кој се стигнува преку 11 скали, како и две подземни засводени простории. Храмот е опкружен со повеќе простории на источната и јужната страна. Изграден е од локален песочник и мермер, врзани со варов малтер. Блокови од мермер и песочник се користени при изградбата на крепидомата, скалите и подиумот. Просториите во комплексот кој го опкружува

храмот се направени со ѕидови од локален камен, тули и варов малтер, додека подовите се најчесто земјани, со исклучок на отворениот двор јужно од храмот, каде што подот е поплочен со плочи од песочник, како и просторијата кон југоисток од храмот каде што се откриени остатоци од мозаичен под. Во доцниот 4. или раниот 5. век од н. е., целосната горна конструкција на храмот, вклучувајќи ги ѕидовите на целата, ентаблатурата, биле разградени и отстранети. Мермерните архитектонски елементи од ентаблатурата, се пронајдени во разнесени околу или реупотребени во подоцнежни градби. Просториите во опкружувањето биле адаптирани и се користеле сè до доцниот 6. век од н. е. Во средновековниот период, ѕидови направени со песочник и кал биле подигнати над остатоците од храмот и комплексот околу него. Поради ѕидовите од повеќе периоди околу храмот, вертикалната стратиграфија на овој дел од Стоби е комплексна.

**Ископувања:** 2008-2012 г. Истражувањата на комплексот се во тек.

**Претходни конзерваторски зафати:** Храмот е конзервиран во 2012 г. Во моментот нема конзерваторски активности во комплексот околу храмот.

**Процена на состојбата:** Добра за храмот, лоша за комплексот градби околу храмот.

**Документација:** Делумна проектна документација за комплексот градби околу храмот; нема проект за конзервација.

**4. ТЕАТАР** (доцен 1. век од н. е. - доцен 4. век од н. е.) (сл. 75а-д)

**Опис:** Театарот е најголемата градба на ло алитетот, позиционирана на јужниот крај на градот, покривајќи простор од 4926 $m^2$. Архитектонскиот дизајн открива дека театарот бил изграден за мешана програма, вклучувајќи театарски претстави, гладијаторски и венаторски борби. Шестотини натписи на имиња на истакнати фамилии од Стоби се регистрирани на мермерните седишта, имплицирајќи дека театарот, исто така, бил и простор каде што се состанувало градското собрание. Градбата се состои од минимално поголем од полукружен аудиториум, оркестра опкружена со висок подиум и широка сценска зграда со праволиниска *scaenae frons* со пет влезови.

Гледалиштето е поставено на комплексна супструкција составена од радијални и циркуларни ѕидови направени од песочник и варов малтер, поврзани со сводови, сочувани од 4 до 6 m. Седиштата се направени од мермерни блокови организирани во редови, групирани во два сегмента - *ima* и *summa cavea*. Пониският сегмент (*ima cavea*) содржи 18 редови, одделени од горниот сегмент (*summa cavea*) со патека (*diazoma*) и висок подиум. Платформата за почесната ложа е лоцирана во средината на *ima cavea*, точно над излезот од централниот радијален коридор кон оркестрата. Седиштата кои припаѓаат на *ima cavea* се пресечени со 8 скали кои формираат седум вертикални групи на седишта, наречени *cunei*. Бројот на cunei во горниот сегмент најверојатно е двојно поголем од бројот на седишта во долниот. Дијаметарот на гледалиштето е 90 m, додека висината на останатите два сегмента е околу 20 m од оркестрата (10 m сочувано). Капацитетот на гледалиштето е 7600 посетители. Само 15 реда седишта се сочувани *in situ* во западниот дел на ima cavea.

Ѕидовите на сценската зграда се направени од песочник, варов малтер и тули. Тие формираат пет простории - *choregia*, како дел од т.н. *post scaenium*. Трите централни простории зафаќаат помал простор од 45 $m^2$, додека просториите на двата краја зафаќаат 88 $m^2$. Централната просторија на сценската зграда функционира како светилиште на Немеза, а внатре е пронајден и натпис посветен на *Ultrix Augusta*. *Scenae frons* била декорирана со полихромна декорација на две нивоа, формирана од елементи од розов и бел мермер. Во доцниот 3. век од н. е., театарот бил оштетен од земјотрес, по што следеле поправки во 326 година од н. е. Како дел од истите активности, оркестрата била комплетно адаптирана во арена, со подигање на ѕид врз подиумот на кавеата, како и затворање на пародосите со изградба на влезови на страната на оркестрата. Овие активности се дел од третата фаза на театарот. Градбата престанала да се употребува во последната четвртина од 4. век од н. е. и главно служела како мајдан за изградба на подоцнежни објекти. Во текот на доцната антика, врз радијалните и циркуларните ѕидови се изградени куќи. Најголем дел од мермерните седишта се реупотребени во изградбата на новиот бедем и ранохристијанските базилики. Остатоци од користење на просторот во средниот век (11.-12. век) се документирани во централниот циркуларен коридор. Бројните архитектонски декоративни елементи (делови од столбови, архитрав итн.) и мермени седишта откриени при истражувањата се лоцирани пред објектот.

**Ископувања:** 1920-те години; 1960-те години; 1970-те години; 1996-1999 г., 2009-2019 г. и во тек.

**Претходни конзерваторски зафати:** Сценската зграда била делумно конзервирана во 1996 и 1998 г. со нов малтер (соодноc 1:2:6 - 1:1:4 цемент, вар и песок). За потпирање на мермерниот блок со арка над влезот од западниот пародос кон западниот радијален коридор се искористени челични шини. Оштетените делови од ѕидовите и сводот во западниот коридор се покриени со цемент. Минорни интервенции се преземени на сводот каде што централниот циркуларен коридор се спојува со западниот радијален коридор. Арката во циркулатниот ѕид III е реставрирана, додека горната страна на сводовите е покриена со заштитен слој од цемент.

Со проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на источната половина на ima cavea развиен во 2013 г., предвидена е и изведена конзервација и реставрација на откриените елементи на супструкцијата, реконструкција на негативите од мермените седишта, диазомата, подиумот на *summa cavea* и источната аналема. Конзервацијата вклучува нов малтер во соодноc 1:1:3 (бел цемент, вар и песок). Сводовите и арките се реставрирани со рачно изработени тули и туф од локалитетот за дел од сводот над западната просторија. Закосениот сегмент од сводот над централниот радијален коридор е инјектиран и неговата површина е покриена со карбонско платно, со цел да се сочува автентичната форма и да се подобри носивоста за идни реконструкции на мермерните седишта. Во 2015 г., НУ Стоби изработи предлог-проект за конзервација и реставрација на сценската зграда, којшто во моментот е во тек на реализација. Предлог-проектот за конзервација и реставрација на супструкцијата на источната половина од *summa cavea* е изготвен во 2019-2020 г. и е во тек.

**Процена на состојбата:** Лоша за деловите коишто не се конзервирани.

Ѕидовите, сводовите и арките во источната половина на *summa cavea* не се конзервирани и се во лоша состојба. Супструкцијата на западната половина на гледалиштето не е истражена, а мали делови истражени во минатото се во многу лоша состојба. Мермерните блокови од подиумот, седиштата и аналемата никогаш не биле конзервирани и очигледно е дека тие се напукнати на многу места, изложени на биоразградување од мов и трева, потемнети од загадување и еродирање. Од неколку блокови се откршуваат мали фрагменти мермер.

Конзервацијата на сценската зграда е во тек. Мермерните елементи на подиумот на сценската зграда, скалите и отворите/дупките за греди за врата се вклучени во проектот кој е во тек. На останатите мермерни елементи им е потребно чистење и консолидирање, како и парцијална анастилоза каде што таа е возможна.

## 5. ЕПИСКОПСКА БАЗИЛИКА И КРСТИЛНИЦА (доцен 4. - доцен 6. век од н. е.) (сл. 76а-и)

**Опис:** Комплексот на Епископската базилика покрива простор од 2420 m$^2$. Таа се наоѓа во југозападниот дел од градот, помеѓу театарот и Виа Сакра. Тоа се всушност две базилики, една врз друга: Старата епископска базилика со две градежни фази и Големата епископска базилика, исто така, со две градежни фази; Крстилницата е датирана помеѓу доцниот 4. и раниот 6. век од н. е.

**Старата епископска базилика** била изградена во доцниот 4. век од н. е., во форма на трībrodна црква, без нартекс, со димензии 29,40 x 17,84 m во првата фаза. Во втората фаза базиликата била проширена кон исток со нова апсида и максимална должина која изнесува 34,35 м. Ѕидовите се зачувани до 3,30 m (запад), а изградени се од камен, варов малтер и плитарни тули во горните партии. Централниот брод бил поплочен со мозаичен под во *opus tessellatum*, покривајќи површина од 185,50 м$^2$, додека страничните биле покриени со розов малтер. Ѕидовите биле украсени со фрескодекорација.

**Големата епископска базилика** (Базилика на епископ Филип/Базилика на тераса) била изградена кон крајот на 5. век од н. е. Нејзините темели се поставени на нивото на раната црква, додека подот е подигнат 4.5 m, на вештачка тераса. Новата базилика претставува трībrodна црква со димензии 53 x 54 m, со галерии на горниот кат, нартекс и атриум со три анекси на северната страна. Скалите од нартексот водат кон четири простории на јужната страна и кон крстилницата. Била богато декорирана со мермерна архитектонска декорација, фигурални и позлатени капители, фрески и ѕидни и подни мозаици. Ѕидовите биле направени од камен и варов малтер, освен северниот ѕид каде што се видливи редови со тули врзани со розов малтер и кршена тула. Во апсидалниот ѕид и на стилобатот помеѓу бродовите се видливи искористени седишта од театарот. Ѕидовите се сочувани во висина од 0,30 до

5 m (вклучувајќи го и темелот на стилобатот). Подот во атриумот е поплочен со плочи од песочник; во нартексот и јужниот брод има мозаичен под во *opus tessellatum*; наосот е поплочен со сектиле и шкрилец (не е сочуван); подовите во останатите простории се земјани. Мермерните елементи на амвонот и двете фази на презвитериумот, како и подот во наосот и седиштата за свештенството во југоисточниот дел се отстранети поради ископувањата во раната црква. Дел од мермерните елементи од црквата се чуваат во и околу базиликата.

**Крстилницата** е откриена во 1971 г. на јужната страна на базиликата. Таа функционирала во исто време со Големата епископска базилика. Градбата има четворолисна форма, со димензии 8,80 x 9,70 m, изградена од камен и варов малтер со четири полукружни ниши во аглите. Во средина на просторијата е кружната баптисмална писцина, направена од тули и хидростатен малтер. Парапетните ѕидови на писцината се обложени со бели мермерни плочи, широки 0,96 m, со максимална сочувана висина до 0,64 м над дното. Подот на крстилницата е декориран со мозаик во *opus tessellatum*, додека ѕидовите биле покриени со фрески. Во последната фаза, голем мермерен кантарос направен од пантелејски мермер се користел за покрстување, а бил поставен во југозападните скали на баптисмалната писцина. Сочуван е и балдахин кој стоел над дванаесет мермерни столбови (зачувани се две серии по шест столбови).

**Ископувања:** 1917-1934 г.; 1970-1978 г.; 1981-1994 г.; 2004-2005 г.; 2010 г.; 2012 г., 2016-2017г., 2019 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1930-1940 г.: превентивна конзервација (цементни капи на ѕидовите во атриумот) и превентивна конзервација на мозаикот во нартексот, покриен со тер-хартија и песок. Ѕидовите на Големата епископска базилика и крстилницата се конзервирани и парцијално реставрирани во 1980-те години, со употреба на цемент. Фрескодекорацијата од Старата епископска базилика е конзервирана во 2012 г., со исклучок на деловите пронајдени во 2019 г. Конзерваторски истражувања се изведени во периодот помеѓу 2010-2014 г. на подлогата и пигментите на фреските во Епископската базилика и крстилницата, на подлогата на мозаиците во Старата епископска базилика - наос, Големата епископска базилика - нартекс и јужен брод, како и крстилницата. Во 1978/1981-86 г. е изграден покрив преку базиликата и крстилницата, додека во 2019-2020 г. е изграден нов покрив само за крстилницата.

**Процена на состојбата:** Лоша за неконзервираните делови кои не се под покрив.

**Стара епископска базилика:** релативно добра состојба, со исклучок на јужниот ѕид (нема покрив над јужниот брод); мозаикот во централниот брод е во добра состојба; подот во јужниот брод е во лоша состојба, нема покрив над овој простор. Фреските се во добра состојба, но се чуваат во несоодветни услови.

**Голема епископска базилика:** Ѕидовите се во добра состојба, освен оние во јужните анекси. Сочуваните подови се во релативно добра состојба, овен подот во јужните анекси и мозаикот во нартексот. На мермерната архитектонска декорација која во минатото била третирана со неадекватни материјали ѝ е потребна реконзервација, чистење и консолидирање. Заштитниот покрив е во лоша состојба.

**Крстилница:** Ѕидовите, мозаикот и мермерните архитектонски елементи во крстилницата се конзервирани и реставрирани и се во добра состојба; минорни интервенции се потребни во пониските (оригинални) партии на ѕидовите каде што песочникот се распаѓа и треба да се замени; ѕидовите на баптисмалната писцина се во лоша состојба и потребна е конзервација. Фреските од крстилницата се консолидирани, но се чуваат во неадекватни услови.

**Документација:** Парцијална документација, без проекти за конзервација. Изработен е предлог-проект за нов заштитен покрив над Епископската базилика и крстилницата, како и патеки за посетители, прифатен во 2016 г.

## 6. ЕПИСКОПСКА РЕЗИДЕНЦИЈА (доцен 4. - 6. век од н. е.) (сл. 77а-в)

**Опис:** Градбата на северната страна од Епископската базилика покрива површина од 1087 m$^2$. Видливи се две главни фази. Фазата која припаѓа на 4.-5. век од н. е. се состои од вестибул, коридор со колонада со полукружна екседра, четири простории, апсидален триклиниум поплочен со сектиле, и две странични простории. Подните нивоа во вестибулот и во коридорот се многу пониски од нивото на Виа

Принципалис Супериор. Ѕидовите се направени од песочник и варов малтер, сочувани до максимална висина од 1 m, додека во апсидалниот триклиниум има тули во горните партии на ѕидовите. Втората фаза е изградена во текот на 6. век од н. е. и е видлива во југозападниот дел на градбата, каде што има просторија со полукружна апсида и неистражени простории изградени со камен и кал на источната страна. Подовите во овој дел на градбата се на слична нивелација со подното ниво во Епископската базилика. Градбата е идентификувана како христијански ораториум во 4. век од н. е., додека подоцна се смета дека станала епископска резиденција.

**Ископувања:** 1934 г.; 1940 г.; 2000-2001 г.; 2005-2006 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Парцијална конзервација на источниот дел со употреба на малтер на база на цемент. Вторите конзерваторски активности се изведени во 2004 г. (2005-2006 г.) кога е додадена бреча во врзивното средство, заради што малтерот има различна боја.

**Процена на состојбата:** Многу лоша за неконзервираните делови.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проекти за конзервација.

**7. КАЗИНО** (4. - 6. век од н. е.) (сл. 78а-д)

**Опис:** Градбата наречена Казино се наоѓа кон север од театарот. Зафаќа простор од околу 1195 m$^2$. Западната половина на куќата се состои од внатрешен перистил - отворен двор со правоаголен базен (*nymphaion*), неколку простории организирани околу коридорите, триклиниум со октогонална фонтана и бањски комплекс со латрина на исток. Ѕидовите се направени од песочник, тули и варов малтер. Подот во отворениот двор е поплочен со плочи од песочник, додека мозаичен под е парцијално сочуван во коридорите, северозападната просторија и триклиниумот. Градбата е наречена Казино, но мозаичните подови, приватниот термален комплекс, фрагментираната фрескодекорација, како и неколкуте ексклузивни движни наоди, во комбинација со патеката поплочена со мермер која води директно кон Епископската базилика, води до заклучок дека оваа градба била резиденција на епископите во Стоби, барем во 6. век од н.е. Градбата датира од 4. век од н. е. Во текот на 6. век од н. е. голем дел од просториите биле преградени.

**Ископувања:** 1939-1940 г., 1971 г.; 1981 г., 2005-2006 г.; 2009 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Ѕидовите се парцијално конзервирани во 1982 г. и меѓу 2001 и 2005 г. со употреба на малтер на база на цемент. Превентивна конзервација е изведена на мозаичниот под по неговото откривање и во 2016-2017 г. Привремен покрив е поставен над термалниот комплекс во 2012 г.

**Процена на состојбата:** Лоша за деловите кои не се конзервирани.

Ѕидовите и подовите во западниот дел на куќата, вклучувајќи го и нимфеионот и термалниот/бањски комплекс се во лоша состојба. За мермерната оплата на фонтаната во триклиниумот и на некои од ѕидовите е потребна реконзервација.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект за конзервација/ реконзервација.

.

**8. СТАНБЕН И КОМЕРЦИЈАЛЕН КВАРТ** (доцен 5. – доцен 6. век од н. е.) (сл. 79а-ѓ)

**Опис:** Станбениот и комерцијален кварт на Стоби датира од последната фаза на урбаното живеење во градот од втората половина на 6. век од н. е. Покрива простор од околу 7500 m$^2$, меѓу северозападниот бедем и Виа Сакра. Во овој кварт се вклучени и Полукружниот плоштад со продавниците и работилниците зад него, работилниците покрај Виа Сакра, како и работилниците покрај западната страна на Виа Принципалис Супериор.

Целиот простор на горната тераса е поделен во два дела со новооткриената главна улица, широка 7,8 m, која почнува на Виа Сакра и води зад Полукружниот плоштад кон север. Тесните улици кои почнуваат од главната улица во правец исток - запад, кон северозападниот бедем, формираат четири инсули. Голем број поединечни градби направени од песочник и кал, со повеќе фази на изградба, се целосно или парцијално истражени со ископувањата во 2009 и 2010 г. Некои од градбите, во пораната

фаза во долни партии на ѕидовите се изградени од камења и малтер. Подовите во најголемиот дел се земјани, освен неколку подови, дворови и простории кои се поплочени со плочи од песочник. Исто така, идентификувани се ѕидови кои припаѓаат на последната фаза на преградување, направени од помали камења и кал, како и косо поставени кршени тегули/тули поставени на ѕидовите во форма на мотив рибина коска. Во значителен број на простории се откриени скали кои веројатно воделе кон втор кат. Ѕидовите се вообичаено сочувани до висина помеѓу 30 и 80 sm. Архитектонските елементи и декорации во овој дел од градот се вообичаено реупотребени елементи од порани градби, погребни стели итн.

Единствената куќа која е целосно откриена е т.н. Куќа со триклиниум. Таа се наоѓа кон север од Полукружниот плоштад. Има голем поплочен отворен двор, опкружен со неколку простории поврзани со коридори. Кон југ од коридорот има голем триклиниум поплочен со тули. На западната страна на триклиниумот е пронајдена просторија за складирање, додека на источната се откриени неколку простории кои веројатно биле користени како кујна. Ѕидовите на градбата во пораната фаза се направен од камен и малтер. Откриените ѕидови направени од камен и кал припаѓаат на последната фаза.

**Ископувања:** 1932 г., 1933 г., 2003 г. (продавници на Виа Сакра и Полукружен плоштад); 2009-2010 г.; 2012-2013 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Парцијална конзервација на западните ѕидови на Полукружниот плоштад е изведена во 1950-тите години и во 2003 г. Конзерваторскиот проект за архитектонските остатоци на градбата е започнат со реализација во 2018 г. и е речиси целосно реализиран. Продавниците до Порта Хераклеја се конзервирани во 2003 г. Куќата со триклиниум е комплетно конзервирана во 2012 г. Во конзервацијата е користен малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Лоша, освен на конзервираните делови.

**Документација:** Проектна документација постои за работилниците на спојот на Виа Сакра и Виа Принципалис Супериор и неколку градби од северниот дел на комплексот; за остатокот од комплексот не постои проектна документација, не постои проект за конзервација.

## **9. DOMUS FULLONICA** (3. - 6. век од н. е.) (сл. 80а-г)

**Опис:** Текстилната работилница е една од резиденцијалните градби лоцирана на високата тераса покрај Виа Принципалис Супериор, а покрива простор од 1111 m$^2$. Се состои од отворен двор опкружен со 32 простории, вклучувајќи две простории идентификувани како триклиниуми. Во една од просториите до големиот триклиниум се сочувани остатоци од хипокаустен систем. Подовите во најголемиот дел од просториите се земјани. Исклучок се остатоците од поплочување со камени плочи во триклиниумите, перистилот и просторијата 23 каде што е откриен хипокаустен систем. Ѕидовите се направени со камен и малтер и со плитарни тули во горните партии. Големиот триклиниум е исклучок, со употреба на тули во ѕидаријата на апсидалниот ѕид. Градбата постоела долг временски период. Видливи се различни фази, датирани од 3. до 6. век од н. е.

**Ископувања:** 1925-1926 г.; 1934-1936 г.; 1970-1976 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1980; 1986. Реконзервација е изведена во 2004-2005 г. со малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Добра, освен за подовите и хипокаустот во просторијата 23.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект за реконзервација.

## **10. ЗАТВОР** (4.-6. век од н. е.) (сл. 81а-б, 82)

**Опис:** Таканаречениот Затвор е лоциран на источната страна покрај Виа Принципалис Супериор, меѓу Теодосијанската палата и Епископската резиденција. Откриените остатоци зафаќаат простор од околу 400 m$^2$. Името е дадено поради откритието на скелет во една од подземните простории. Хронологијата и функцијата на оваа градба се недефинирани. Градбата се состои од голема правоаголна просторија со ѕидови направени од камен и кал на западната страна и две правоаголни подземни простории со

сводови кон исток. Нивните ѕидови се направени од песочник и жолт варов камен врзан со варов малтер. Влезот во првата (западна) подземна просторија е сочуван со надвратникот, додека сводот е парцијално срушен. Втората (источна) подземна просторија е потесна и е делумно срушена. Висината на подземните простории варира до 2 m поради неистражените нивоа. Суперструктурата над просториите е парцијално сочувана со дел од подното ниво.

**Ископувања:** 1920-ти години.

**Претходни конзерваторски зафати:** Нема.

**Процена на состојбата:** Многу лоша.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект.

## 11. ТЕОДОСИЈАНСКА ПАЛАТА (4. - 6. век од н. е.) (сл. 81а-б, 83а-в)

**Опис:** Теодосијанската палата зафаќа околу 1330 m$^2$, а се наоѓа на средната тераса на Стоби, помеѓу Виа Принципалис Супериор, Виа Принципалис Инфериор и Виа Теодосија. Градбата го добила името од пораните истражувачи на Стоби кои сметале дека императорот Теодосиј I, додека бил во посета на градот, престојувал во најлуксузниот резиденцијален објект во градот. Куќата се состои од голем перистил - отворен двор со коридори и голема фонтана (*nymphaion*), 11 простории околу перистилот, вклучувајќи и голем триклиниум кон југ и вестибул со коридори на исток. Подовите во северниот и западниот коридор се покриени со мозаици во *opus tessellatum*, отворениот двор со мозаик во *opus signinum*, триклиниумот со мозаик во *opus sectile* (не е целосно зачуван), додека четирите помали простории кон северозапад се покриени со мозаични подови во *opus tessellatum* и *sectile*. Ѕидовите се изградени од песочник и варов малтер. Најголем дел од мермерната архитектонска декорација е зачуван во фрагменти и се чува во отворениот двор.

**Ископувања:** 1920-тите години; 1927-1929 г.; сондажни истражувања во 1970-те години; 2014-2015 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Во 1920-тите години ѕидовите се заштитени со цементни капи. Во 2005-2006 г. е изведена конзервација на источниот дел од куќата, перистилот и северниот ѕид, со употреба на малтер на база на цемент. Превентивна конзервација е изведена на мозаичните подови во 1970-тите години. Мозаикот на источниот крај на северниот коридор и еден во просторијата 2 се ставени на алуминиумско саќе во 2012 г.

**Процена на состојбата:** Многу лоша за неконзервираните делови.

**Документација:** Делумна проектна документација, нема проект.

## 12. КУЌА НА ПАРТЕНИЈ (4. - 6. век од н. е.) (сл. 81а-б, 84а-б)

**Опис:** Југоисточниот дел на Теодосијанската палата се смета за посебна куќа, наречена Куќа на Партениј. Таа е најмалиот резиденцијален објект откриен досега и зафаќа површина од околу 500 m$^2$. Куќата има шест простории и отворен двор со две портици и правоаголен базен (*nymphaio*n), опкружен со простории. Североисточната апсидална просторија веројатно служела како екседра, поплочена со *sectile*. На југоисточната страна на перистилот се наоѓа голема правоаголна просторија со мозаик во opus tessellatum. Две третини од подот во просторијата се покриени со *sectile*, а една третина е поплочена со камени плочи, 40 cm повисоко од подот со *sectile*. На јужната страна на градбата има долг коридор со две простории. Ѕидовите се направени од песочник и варов или розов малтер (*nymphaion*), додека најголем дел од мермерната архитектонска декорација се чува во перистилот.

**Ископувања:** 1930-тите години.

**Претходни конзерваторски зафати:** Делумна конзервација во 2003 г. со малтер на база на цемент, освен во отворениот двор, екседрата и коридорот на севрозападната страна. *In situ* конзервација на мозаичниот под е во тек.

**Процена на состојбата:** Многу лоша за неконзервираните делови.

**Документација:** Делумна проектна документација, нема проект.

**13. КУЌА НА ПЕРИСТЕРИЈА** (4. - 6. век од н. е.) (сл. 85а-д)

**Опис:** Вториот најголем резиденцијален објект во Стоби е лоциран во централниот дел на средната тераса. Името потекнува од натпис во мозаичниот под, откриен во еден од триклиниумите. Градбата покрива простор од околу 2596 m$^2$ и се состои од 49 простории, вклучувајќи два триклиниума, приватна бања со 5 соби и перистил - отворен двор со правоаголен базен (*nymphaion*). Кујната и складишните простории се во западната половина на куќата. Неколку скали се сочувани низ куќата, поради што се претпоставува дека има втор кат. Во просториите 1 (перистил), 2 (портик), 4 (западен триклиниум), 5, 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, подовите се поплочени со камени плочи. Источниот триклиниум (просторија 3) има мозаичен под. Речиси сите ѕидови кои припаѓаат на овој комплекс се изградени од песочник и варов малтер, додека во ѕидовите на источниот триклиниум и бањата во ѕидаријата се користени тули. Делови од архитектонските елементи и декорации се лоцирани во куќата.

**Ископувања:** 1933-1934 г.; 1965-1966 г.; 1971 г.; 2001 г.; 2005 г.; 2011 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Делумна конзервација во 1975-1976 г., 1983 г., 1987 г., 1990 г., 2002-2005 г., со малтер на база на цемент. Мозаикот и фонтаната во источниот триклиниум се конзервирани во 2012 г. Мозаикот е поставен на алуминиумско саќе на цементна подлога.

**Процена на состојбата:** Лоша за неконзервираниот дел.

Западниот и северозападниот дел од куќата, вклучувајќи го и термалниот комплекс се во лоша состојба. *Nymphaion*-от во перистилот и малтерот на ѕидовите се распаѓа. Камените плочи искористени како поплочување во западниот триклиниум имаат големи пукнатини.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект.

**14. ГРАДСКА ЧЕШМА** (4. - 6. век од н. е.) (сл. 86)

**Опис:** Зафаќа 25,17 m$^2$ и се наоѓа во североисточниот агол на Куќата на Перистерија. Изградена е од реупотребени мермерни елементи од постари градби. Водата била носена преку покриен канал под улицата Виа Принципалис Инфериор, која, исто така, ја снабдувала со вода и Големата бања. Пред да стигне до базенот во фонтаната, водата се акумулирала во долги резервари од каде што преку изливниците истекувала во коритата на чешмата.

**Ископувања:** 1968 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1968 г. Базенот бил реконструиран со цементен малтер и дебела железна арматура. Резервоарот е реконструиран со камени плочи, цементен малтер и железни изливници.

**Процена на состојбата:** Цементниот базен и дното на резервоарот се распаѓаат.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект.

**15. ГОЛЕМА БАЊА** (4. - 6. век од н. е.) (сл. 87а-г)

**Опис:** Зафаќа површина од 936,4 m$^2$, а се наоѓа во централниот дел на локалитетот, на крстосницата помеѓу Виа Принципалис Инфериор и Виа Аксија, каде што се наоѓа главниот влез. Првата просторија е аподитериум, со камени клупи покрај ѕидовите. Фригидариумот е изграден во истиот правоаголен простор со аподитериумот. Термалниот дел со хипокаустниот систем за загревање со пет ложишта продолжува кон југоисток. Поголемиот дел припаѓа на тепидариумот, а помалиот на калдариумот со неколку кади. Кон североисток, има двор и мала латрина, додека кон исток има уште еден сегмент од бањата со полукружни базени, за којшто се смета дека е уште еден фригидариум. Ѕидовите на градбата биле изградени од песочник, тули и варов малтер. Термалниот дел е изграден главно од тули, камења и мермени плочи, вар и хидростатен малтер. Подовите во аподитериумот и во латрината се поплочени со плочи од песочник и варов малтер.

**Ископувања:** 1931 г.; 1933 г.; 1963 г.; 1965 г.; 1970 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1965 г.; 1970 г.

Иако се изведени конзерваторски и реставраторски активности во минатото, постојат ослабени, оштетени или дезинтегрирани делови (малтерните фугите се распаднати на некои места, а песочниците и тулите се распаднати и прекриени со лишаи).

**Процена на состојбата:** Лоша на некои делови од градбата.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**16. КУЌА НА ПОЛИХАРМ** (2. - средина на 5. век од н. е.) (сл. 88а-д)

**Опис:** Куќата на Полихарм се наоѓа на аголот од Виа Принципалис Инфериор и Виа Аксија, покривајќи површина од 807 $m^2$. Се состои од 16 простории во правоаголен тлоцрт со централен перистил со *nymphaion* изграден од песочник и варов малтер. Триклиниумот и неколку мали простории се наоѓаат на исток. Просторијата со нерегуларна квадратна форма кон југ од перистилот е идентификувана како екседра. Подовите се поплочени со плочи од песочник, додека во коридорите на перистилот и во триклиниумот има мозаични подови. Градбата претставува резиденцијален објект во сопственост на Тибериј Клаудиј Полихарм, таткото на еврејската заедница и неговото семејство помеѓу 2. и раниот 5. век од н.е. Делови од мермерната архитектонска декорација сè уште се во куќата.

**Ископувања:** 1930-ти години.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1963 г., 1968 г., 1991 г., со малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Добра. Ѕидовите се покриени со лишаи и на неколку места песочникот е комплетно сронет.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**17. ЦЕНТРАЛНА (СИНАГОГА) БАЗИЛИКА** (средина на 5. - 6. век од н. е.) (сл. 89а-в; 90а-б)

**Опис:** Оваа градба го добила името поради остатоците на античка Синагога, откриени под Централната базилика.

**Централна базилика:** Централната (Синагога) базилика е прилепена на Куќата на Полихарм кон север, покривајќи површина од 670 $m^2$. Базиликата има три брода со апсида кон исток, и нартекс и атриум кон запад. Атриумот се состои од неколку несиметрични простории и перистил - отворен двор со фонтана. Нартексот и бродовите се поплочени со тули, додека наосот е поплочен со камени плочи (кои не се сочувани). Наосот е одвоен од бродовите со колонада од 5 столбови, од кои се сочувани само базите. Комбинација на камени плочи и тули е искористена за поплочување на просториите во перистилот и портиците во атриумот, додека сите останати простории имаат земјани подови.

**Синагога** (2. - средина на 5. век од н. е.): Археолошките истражувања под подното ниво на Централната базилика открија остатоци од две градежни фази на Синагогата. Остатоците од Синагога II се само делумно зачувани, додека најважниот дел од просторијата каде што верниците се собирале е под наосот и делумно под северниот брод на Централната базилика. На источната страна на просторијата видливи се остатоци од бемата. Подот во оваа просторија е покриен со мозаик кое е остранет и изложен близу Старата железничка станица и чуварницата.

**Ископувања:** 1931 г.; 1963-1965 г.; 1970-1974 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Централната базилика е комплетно реставрирана во 1970-1971 г., 1984-1991 г. и 1994 г. Остатоците од Синагогата се третирани превентивно помеѓу 1968 и 1970 г., кога мозаичниот под бил отстранет и ставен на бетонски носачи и презентиран пред Старата железничка станица, освен неколку сегменти кои се складирани. Превентивна конзервација е изведена на изложениот мозаик во 2010 г.

**Процена на состојбата:** Добра за базиликата; лоша за остатоците на Синагогата.

Базиликата е во добра состојба, освен подот од тули во нартексот и страничните бродови. Видливите ѕидови на Синагогата не се третирани и се во многу лоша состојба. Мозаикот претрпел значителни

оштетувања при конзерваторските активности кога бил отстранет од Синагогата и поставен на цементни носачи.

**Документација:** Нема проектна документација, нема проект.

**18. МАЛА БАЊА** (4. - 6. век од н. е.) (сл. 91а-в)

**Опис:** Малата бања има 9 простории и зафаќа вкупна површина од 296,36 $m^2$. Поголемата просторија во северниот дел е идентификувана како аподитериум. Полукружната просторија кон запад е фригидариум. Кон југ има три апсидални простории, првата идентификувана како тепидариум со мал базен, додека останатите две веројатно биле калдариуми со хипокаустен систем под подот. Ѕидовите се направени од песочник, тули и варов малтер. Подовите во аподитериумот, латрината, како и двете простории кон исток се поплочени со камени плочи. Тепидариумот, фригидариумот и просториите кон запад имаат реконструирани подови со шкрилец. Во останатите две апсидални простории кои имаат хипокаустен систем сочувани се пониските подни нивоа направени од варов малтер и дел од суспензурата која го потпира повисокиот под.

**Ископувања:** 1931 г., 1962-1963 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1968 г., со употреба на малтер со цемент.

**Процена на состојбата:** Некои делови се ослабени, оштетени или коплетно распаднати (малтерните фуги се распаѓаат, како и песочникот и тулите).

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**19. ЦИВИЛНА БАЗИЛИКА** (5. - 6. век од н. е.) (сл. 92а-в)

**Опис:** Градбата зафаќа површина од 566 $m^2$ и се наоѓа помеѓу Северната базилика и Централната (Синагога) базилика. Има едноставна архитектура која се состои од три брода со апсида на источната страна на наосот. Ѕидовите се изградени од локален песочник и варов малтер. Со истражувањата на овој простор се откриени остатоци од четири различни градби, со повеќе фази на градба. Нема остатоци од подовите или декоративните елементи, како, на пример, мозаици, архитектонска декорација или фрески. Функцијата на градбата не е дефинирана. Се претпоставува дека станува збор за цивилна базилика.

**Ископувања:** 1937 г.; 1956-1957 г.; 2001 г.; 2004-2005 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 2004 и 2005 г., со употреба на малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Добра за голем дел од градбата, лоша за неконзервираните ѕидови кон запад и пораните фази.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**20.СЕВЕРНА БАЗИЛИКА** (5. - 6. век од н. е.) (сл. 92а, 93а-г)

**Опис:** Северната базилика покрива простор од околу 743 $m^2$ и е лоцирана на север од Централната базилика. Базиликата има три брода и апсида, нартекс со странични анекси, атриум и четворолисна крстилница. Ѕидовите на базиликата се правени од песочник и варов малтер, како и тули на неколку места. Наосот веројатно имал мозаичен под (не е сочуван); јужниот брод, страничните анекси и нартексот се поплочени со тули; северниот брод, атриумот и јужниот анекс се поплочени со плочи од песочник; крстилницата е поплочена со комбинација на тули и фрагменти од мермерни плочи. Во северниот анекс има делумно зачуван мозаичен под во *opus tessellatum*. Просторот на Северната базилика, во текот на средниот век се користел за погребување. Гробовите датираат од 9. до 12. век, а идентификувано е и погребување од 14. век.

**Ископувања:** 1937 г., 1955 г., 1959 г., 1975 г., 1982 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 1955; 1959; 2004-2005, со употреба на малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Добра за конзервираниот дел, освен крстилницата, атриумот и мермерните декоративни елементи.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**21. БЕДЕМИ** (5. - 6. век од н. е.) (сл. 94а-ѓ; види и генерален план на локалитетот на сл. 4)

**Опис:** Раноримските бедеми (1. - 3. век од н. е.) се откриени во многу мал дел покрај Црна Река и денес не се видливи. Доцноантичките бедеми се откриени на северозападната, југозападната и јужната страна. Внатрешниот источен бедем е делумно откриен. На северозападната страна откриено е надворешното лице и круништето на бедемот по целата негова должина од 318,3 m, вклучувајќи 5 кули. На југозападната и јужната страна бедемот е отворен во должина од 372 m, со 6 кули и 2 порти: главната градска Порта Хераклеа и нецелосно истражената нова порта во јужниот дел. Внатрешниот источен бедем е откриен на две локации: над Градбата со арки (Библиотека) во должина од 35 m и една четириаголна кула; и на југоисточниот крај отворен во должина од 64,8 mм и една четириаголна кула на спојот со јужниот одбранбен бедем.

Ширината на бедемите варира помеѓу 1,85 и 2,4 m, освен на одредени места каде што ѕидот е удвоен и ширината изнесува 5,4 m. Зачуваната висина варира од 0,25 m на некои места, до 4-5 m на други. Има неколку фази на градење и поправки при кои се користеле разни градежни материјали: големи мермерни или блокови од песочник во ниските партии, посебно на аглите на кулите и правоаголни песочници и варов малтер во горните партии. Втората фаза ја карактеризираат помали песочници и варов малтер со низок квалитет, а користен е и кал како врзивно средство. Минимални разлики се забележуваат во внатрешниот источен бедем, каде што се реупотребени мермерни седишта и блокови од театарот, додека во горните партии се користени редови со тули.

Главната градска порта - Порта Хераклеја е лоцирана на југозападниот дел од бедемот. Портата претставува дипилон - двојна порта со два прага на растојание од околу 9 m и внатрешна порта широка 3,25 m. На источната и на западната страна е затворена со напречни ѕидови. На надворешната страна, откриени се два паралелни ѕида, за коишто некои научници сметаат дека се остатоци од протехизма. Откриена е уште една порта со реупотребени театарски седишта во ниските партии, лоцирана речиси на крајот на југоисточниот дел од бедемот. Портата била затворена во 6. век од н. е.

**Ископувања:** 1972 г.; 1976 г. (раноримски бедем, покрај Црна Река, денес не е видлив); 1930 г.; 1972 г. (Порта Хераклеа); 1992 г. (југоисточен бедем и 6 кули); 2010 г. (југоисточен бедем и 1 кула); 2009-2010 г. (северозападен бедем и 5 кули); 1972 г.; 1973 г.; 1974-1977 г. (внатрешен источен бедем и една кула - делот над Градбата со арки); 2008 г. (јужниот дел од бедемот).

**Претходни конзерваторски зафати:** 1976 г. (делот над Градбата со арки и 1 кула); 2001 г. (југозападен бедем со 6 кули) конзервиран со малтер на база на цемент.

**Процена на состојбата:** Лоша за неконзервираните делови.

**Документација:** Изработен е целосен конзерваторски проект за северозападниот бедем и 5 кули, како и за југоисточниот сегмент со новата порта; за остатокот нема документација, нема проект.

## ГРАДБИ НАДВОР ОД БЕДЕМИТЕ

**22. ГРОБЈАНСКА БАЗИЛИКА** (5. - 6. век од н. е.) (сл. 95а-г; види исто генерален план на локалитетот на сл. 4)

**Опис:** Гробјанската базилика се наоѓа надвор од градските бедеми, околу 250 m југозападно од Порта Хераклеја, на Западната некропола. Базиликата зафаќа површина од 580 m$^2$ и има три брода, двојна апсида кон исток и нартекс на западната страна. Два анекса се додадени на двете страни на нартексот. Влезот не е документиран; во црквата веројатно се влегувало преку трем со колонада кон исток од северните анекси. Само во наосот има мозаичен под кој не е сочуван. Околу 50 погребувања се истражени во и околу црквата, а од нив 36 се пронајдени под подовите. Десет од погребувањата имаат засводена конструкција од тули со малтер и сликани ѕидови, додека криптата е покриена со

крстовиден свод направен од тули. Останатите погребувања се цисти направени со плочи од песочник.

**Ископувања:** 1918 г.; 1924 г.; 1936 г.; 1968 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** Превентивна конзервација на крстовидниот свод над криптата во 1968 г.

**Процена на состојбата:** Многу лоша.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**23. БАЗИЛИКА ЕКСТРА МУРОС** (5. - 6. век од н. е.) (сл. 96а-в; види исто генерален план на локалитетот на сл. 4)

**Опис:** Базиликата е лоцирана во непосредна близина на југозападниот бедем. Градбата зафаќа површина од 2250 $m^2$ и има три брода, двојна апсида кон исток, нартекс со странични анекси кон запад и крстилница на југ. Ѕидовите биле направени со песочник и варов малтер, додека внатрешната апсида е направена со камења и кал. Подовите во страничните бродови на базиликата се направени од набиена земја, подот во нартексот бил поплочен со плочи од песочник, додека наосот и презвитериумот имале мозаични подови, а ѕидовите биле декорирани со фрески од кои се зачувани само мали фрагменти. Делови од архитектонската декоративна пластика се оставени до градбата. Во периодот помеѓу 9. и 11. век од н. е., остатоците од базиликата се користеле за резиденцијални и сакрални цели. Во делот на олтарот била подигната мала капела околу која се изведувале погребувања.

**Ископувања:** 1992 г.; 2002-2004 г.

**Претходни конзерваторски зафати:** 2003 г.; 2005 г. со употреба на малтер на база на цемент. Превентивна конзервација е изведена на мозаичните подови, додека остатоците од фрескодекорацијата се извадени, поставени на нови носачи и депонирани во депо 4.

**Процена на состојбата:** Добра, освен баптисмалната писцина и источната половина на мозаикот во наосот.

**Документација:** Нема проектна документација за реконзервација, нема проект.

**24. ТУРСКИ МОСТ** (сл. 97; види исто генерален план на локалитетот на сл. 4)

**Опис:** Темелите на Отоманскиот мост се направени од камен и малтер, а столбовите се видливи во Црна Река. Никогаш не се третирани.

# ПРИЛОГ 10: ДЕПОА (РЕЗИМЕ НА СОСТОЈБАТА)

## 1. СТАРА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА (сл. 98-99)

**Опис:** Изградена на почетокот на 20. век, зградата се користела за одржување на железничката линија Скопје-Тесалоника. Во „Македонски железници" нема документација за нејзината изградба. Објектот е со димензии 9,16 x 16,74 m, со висина од +3,75 и висина на венец од 7,52 m, зафаќајќи површина од 153,34 $m^2$ на приземјето и исто толку во таванскиот дел. Станува збор за правоаголен објект со две простории, едната помала од другата, со висина до 3 m, изграден од масивни камени ѕидови со дрвена покривна конструкција покриена со ќерамиди, а под која има поткровје. Меѓукатната конструкција е направена од дрвени греди покриени со трски и челични шипки. Подот во поголемата просторија е од бетон, без завршен слој, додека тој во помалата соба е дрвен. Фасадата била малтерисувана во повеќе наврати. Во помалата просторија во 1971 година била формирана музејска изложба со 5 витрини и скулптури, додека, пак, поголемата просторија се користела за складирање материјал од истражувањата. Заради лошата состојба на градбата во 2009 година изложбата била затворена и предметите преместени во депо. На јужната страна која гледа кон локалитетот има повеќе објекти од времен карактер, кои служат како депоа за камени споменици, мозаици, фрески и други видови материјали: просторија направена од низок камен ѕид и лим, полукружен хангар, мала просторија без покрив и два кафези со лимен покрив.

**Претходни активности:** 1971 година: адаптација на помалата просторија за привремена изложба; 2009: изложбата е затворена поради опасност за посетителите од оштетувањата на покривот; 2011-2012 година: двете простории во Старата железничка станица се чистат и наодите што биле складирани таму биле преместени во депото 5; 2014 година: материјалот што бил складиран во соседното импровизирано депо (керамика, тули, фрагменти од мермер, скулптури, штуко декорација) привремено бил префрлен во поголемата просторија на Старата железничка станица.

**Процена на состојбата:** Многу лоша.

**Документација:** Целосен проект за адаптација на постоечки објект - Стара железничка станица во „Центар за посетители и изградба на тоалети и тремови на археолошкиот локалитет Стоби" со бр. 0308-16-897/2015, кој вклучува проект за архитектурата, градежен проект, проекти за електрична енергија, водовод, дренажа, канализација, како и противпожарна заштита, со кој се предлага целосна реконструкција на објектот со облагородување на околниот простор. Со проектот се предлага целосен реставраторски третман (замена на таванот и покривот, замена на прозорците и вратите, реновирање на ѕидовите и подовите). Двете простории на приземјето се наменети за изложбен дел, додека таванот би се трансформирал во сала за состаноци и едукативен простор. На задната јужна страна на објектот се наоѓа отворен двор кој е опкружен со трем, а во кој би се организирал лапидариум, додека, пак, средишниот дел би бил кафетерија со отворен бар за посетители. Планирано е да се изградат два тоалета на западната страна од објектот.

## 2. ДЕПОА

**Депо 1, 3, 4** (сл. 100а-г): Дрвена барака изградена во 1995 година со десет простории, од кои четири се користат како депоа. Објектот е поставен на низок бетонски темел, со под од керамички плочки, ѕид од дрвени штици и гипсени плочи, двојни стаклени прозорци со дрвени рамки и азбестен покрив. Депото 1 е просторија од 370 $m^2$ која се користи за примарно складирање на целиот движен археолошки материјал од тековни истражувања. Депото 3 е просторија од 16 $m^2$ каде се чуваат фрагменти од фрески, штуко и подни и ѕидни мозаици. Депото 4 е просторија од 26 $m^2$, а во 2019 година централната просторија на објектот со вкупна површина од 60 $m^2$ се користи за складирање. Депото се користи за привремено чување на фрагменти од мермер. Опремено е со алармен систем. Досега се извршени само мали поправки.

**Депо 2** (сл. 101а-д): Се наоѓа во подрумот на главната канцеларија и зафаќа 57 $m^2$. Подрумскиот дел каде што се наоѓа депото 2 има ѕидови од камен и малтер, под од керамички плочки и ПВЦ прозорци. Се користи за складирање на музејскиот фонд (музејски материјал и музејски предмети изработени од керамика, стакло, метал и други материјали). Во 2008 и 2012 година е реновирано и опремено со алармен систем, видеонадзор и контрола на температурата и влажноста.

**Депо 5** (сл. 102а-г): Дрвена барака изградена во 1995 година со 29 простории и вкупна површина од 563 $m^2$. Објектот има дрвен под, ѕидови од дрвени штици и гипсени плочи, прозорци со двојно стакло и дрвени рамки и азбестен покрив. НУ Стоби ги користи просториите од објектот за складирање на таканаречениот студиски (масовен) материјал (керамика, стакло, камен, мермер, метал, коски од животни, фрески и антрополошки материјал) и алат за археолошки ископувања. Досега се извршени само мали поправки.

**Депоа 6, 7** (сл. 103): Се наоѓаат јужно од Старата железничка станица (импровизирани лимени хангари направени во 1970-тите). Содржат студиски материјал од истражувањата во 1970-те, фрески, фрагменти од штуко и мозаик. Досега не се направени поправки.

**Процена на состојбата:** Освен депото 2, сите други објекти за складирање се во многу лоша состојба.

**Документација:** Бидејќи сите се времени градби и според закон за нив не е потребен проект, немаат документација.

## 3. ЛАБОРАТОРИИ

**Опис:** Големата просторија (депо 1) од бараката се користи за обработка на археолошкиот материјал при реализација на проектите (сл. 100а-б). Дрвената жолта барака со трем поставена во 2010 година во близина на брегот на Црна Река е прилагодена за конзервација на мозаици и фрески (сл. 104). Една од бараките во близина на Црна Река и реновирана во 2019 година, има четири простории адаптирани за конзервација на движни наоди: една за керамика и стакло, една за конзервација на камени споменици, а една просторија е адаптирана за конзервација на метал. Четвртата е канцеларија за конзерваторот на мозаици.

**Процена на состојбата:** лоша, освен бараката со лаборатории и канцеларии за движни наоди.

**Документација:** Бидејќи сите се привремени градби и според закон за нив не е потребен проект, немаат документација.

# ПРИЛОГ 11: ЗБИРКИ ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО (ПРОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА)

## 1. МОЗАИЦИ ВО ДЕПОА

**Опис:** Голем дел од мозаичните подови кои се откриени во градбите на Стоби се отстранети од нивните оригинални позиции заради конзерваторски зафати. Некои се вратени на нивната оригинална позиција, додека други се складирани поради тоа што се пронајдени во фрагменти или немало можност да се сочуваат и да се изложат во оригиналната позиција. Во моментов се складирани фрагменти од мозаични подови пронајдени во следниве градби:

• Голема епископска базилика: двете фази на мозаични подови во јужниот брод; мозаикот од првата фаза на нартексот; мозаичните сегменти од наосот и фрагменти од мозаикот во јужниот анекс.

• Стара епископска базилика: негативи во подлогата на подот во *opus sectile* од презвитериумот.

• Градба со арки: источната половина од мозаикот на вториот кат е целосно подигната и складирана.

**Претходни конзерваторски активности:** Двете фази на мозаикот во јужниот брод на Епископската базилика биле отстранети од нивната оригинална подлога во 1970-тите години и биле поставени на бетонска подлога. Во 2018-2019 е извршена реконзервација и двете фази на мозаикот се поставени на нови носачи од алуминиумско саќе. Мозаикот од првата фаза на нартексот е отстранет во 2016 г. Подлогата во *opus sectile* во Старата епископска базилика е подигната во 1991 г., додека деловите од мозаикот од вториот кат на Градбата со арки се извадени во 1970-те. Не се преземени конзерваторски активности.

**Документација:** Цртежи од мозаиците на Големата епископска базилика постојат на основите на целата градба, а пресеци и детали постаојат на хартија и во дигитална форма. Мозаиците во Градбата со арки се документирани на цртеж.

**Процена на состојбата:** Мозаичните фрагменти од првата фаза на нартексот на Големата епископска базилика кои се отстранети во 2016 г. се во добра состојба. Двете фази на мозаичниот под во јужниот брод на Големата епископска базилика се во добра состојба по нивната реконзервација. Мозаичните фрагменти од вториот кат на Градбата со арки и од јужните анекси на Големата епископска базилика се во добра состојба.

## 2. СЛИКАНА И ШТУКО ДЕКОРАЦИЈА

**Опис:** Сликаната ѕидна и штуко декорација е честа појава во разни градби во Стоби, иако се открива главно во фрагментирана состојба. Фрагменти се откриени во рушевинските слоеви на градбите во текот на нивните ископувања, со исклучок на штукото и сликаната декорација во Каза Романа, Старата епископска базилика, Крстилницата, базиликата Екстра Мурос и во неколку ѕидани гробници на Западната некропола. Единствената ѕидна декорација *in situ* во моментов се наоѓа во гробницата откриена под подот на Гробјанската базилика.

Најчесто, сликаната ѕидна декорација била аплицирана на подлога составена од два слоја на глина помешана со слама и слој од варов малтер помеѓу, додека декорацијата била изведена на тенок слој од варов малтер со земјани пигменти. Најголем дел од декорацијата е со геометриски и флорални мотиви, но, иако ретко, се појавуваат и фигурални претстави сочувани во фрагменти како што се фреските откриени во горните зони во Старата епископска базилика, Крстилницата и Каза Романа. Тие се од исклучителна важност поради нивната реткост и уникатност, особено оние од Старата епископска базилика, Крстилницата и Каза Романа.

**Квантитативна анализа:** Најголем дел од фрагментите од сликана ѕидна и штуко декорација откриени до 2009 г., се чуваат во дрвени кутии во импровизираниот хангар направен од лим, близу Старата железничка станица. До 1979 г., 442 дрвени кутии со фрагменти се евидентирани во инвентарната книга, 10 големи панели и 21 помал фрагмент изваден од ѕидовите на Епископската и Централната (Синагога) базилика, 43 панели со сликана и штуко декорација се извадени од Каза Романа и 7 парчиња

од Крстилницата. Некои од дрвените кутии со фрагменти од фрески (од Крстилницата) се извадени од импровизираниот хангар и складирани во депо 3. Сликаните фрагменти и штуко декорацијата од Градбата со арки се складирани во депоата 3 и 5.

90 парчиња (130 $m^2$) кои потекнуваат од Старата епископска базилика се складирани во депото 3. По ископувањата на јужниот брод од Старата епископска базилика во 2017 и 2019 г., 413 картонски кутии со фрагменти од фрески се складирани во депото 5. Вкупната површина е тешко да се пресмета поради фрагментарната сочуваност.

**Претходни конзерваторски активности:** Фрагментите откриени во рушевинските слоеви на градбите во текот на ископувањата се извадени со помош на газа и органски или синтетички лепак, и складирани во дрвени кутии во депоата на локалитетот. Тие се подложени на превентивна конзервација (чистење или опшивање) или се складирани без никаков конзерваторски третман. Ѕидната декорација пронајдена *in situ* на ѕидовите од градбите е отстранета и складирана. Најголем дел од нив се подложени на конзерваторски третман и се ставени на дрвени носачи и платно. Генерално, материјалите користени за конзерваторски третмани и складишните простории се несоодветни за кревките фрагменти фреско и штуко декорација. Во текот на конзервацијата на фрескодекорацијата од Старата епископска базилика во 2001-2004, 2010-2012 и 2019 г., 80 панели се извадени, конзервирани и ставени на нов носач од алуминиумско саќе. Конзервацијата на 80 фрагменти (100 $m^2$) е целосна, додека 10 фрагменти извадени од јужниот ѕид во 2019 г. се во процес на конзервација. Фрескодекорацијата од Каза Романа е конзервирана во 1970-те години.

**Документација:** Постојат 2 дневника за процесот на конзервација, 1 инвентарна книга од 1970-те (во хартија и скенирана) и целосна документација за конзервацијата на фрескодекорацијата од Старата епископска базилика од 2011 г. (на хартија и дигитална верзија).

**Процена на состојбата:** Конзервираните 80 фрагменти од фрески од Старата епископска базилика се стабилни и во добра состојба по конзервацијата, додека преостанатите 10 се во процес на конзервација. Останатите фрагменти се во лоша состојба поради недостиг на конзерваторски третман, несоодветни материјали употребени при конзервацијата и несоодветно складирање.

## 3. ПРЕДМЕТИ ОД КЕРАМИКА И СТАКЛО

**Опис: Предмети од керамика:** Наодите изработени од глина се поделени во три категории: керамички садови, теракотни фигурини и светилки. Градежните елементи направени од глина како покривни ќерамиди, цевки, како и различни типови тегови не се вклучени. Наоди од глина има во четири збирки: праисторија, предримски, римски и доцнонтички период.

Керамичките садови вклучуваат трпезни (разни типови на чинии, длабоки чинии, чаши шишиња, бокали), кујнски садови (лонци, грниња), складишни (питоси) и транспортни (амфори). Нивната големина варира од 5 до 30 cm за трпезни и кујнски садови и 1 m или повеќе во висина за складишни и транспортни садови. Садовите се најчесто направени на витло, но има и калапени и неколку рачно работени примероци. Има недекорирани, глазирани, сликани или садови со премаз и неколку примероци со мазнета површина. Квалитетот на глината и печењето се разликува во различни периоди.

Теракотните фигурини се направени во калап, недекорирани или прекриени со бела боја и обоени со разни бои кои многу ретко се зачувани на површината. Нивната големина варира од 10 до 15 cm во висина.

Керамичките светилки се направени на грнчарско тркало или во калапи, вообичаено со релјефна декорација на дискот и недекорирана, глазирана површина или со премаз. Нивната големина варира помеѓу 5 и 10 cm во должина и 5 cm во висина.

**Предмети од стакло:** Стаклените садови припаѓаат на збирките за римски и доцноантички период, додека останатите предмети направени од стакло (прозорско стакло, накит и тегови) не се вклучени. Стаклените садови се мали, до 20 cm во висина (мали шишенца, чаши, шишиња и чинии). Тие се направени од обоено стакло во техника на слободно дување, а има и примероци направени со дување во калап и во техника на песочно јадро. Исто така, постојат и примероци декорирани со врежувања или релјеф.

**Документација:** Наодите изработени од глина и стакло се евидентирани во следната музејска документација:

• Влезна книга: музејските предмети и музејскиот материјал од ископувањата од 2009 до 2019 г. се евидентирани; музејски предмети и музејски материјал од 1963 до 2008 г., пронајдени во депото 2 се евидентирани; музејскиот материјал пронајден во хангарот, депоата 5, 6 и 7 од 1963 до 2008 г. сè уште не е евидентиран поради долготрајниот процес на префрлање на правото на користење од Управата за заштита на културното наследство.

• Инвентарна книга: музејските предмети од сите четири збирки откриени во истражувањата меѓу 2009 и 2017 г. се евидентирани; музејските предмети од истражувањата од 1963 - 2008 г. и 2017–2019 г. кои припаѓаат на праисториската и предримската збирка се евидентирани; евиденцијата на музејските предмети од ископувањата меѓу 1963 и 2008 г. кои припаѓаат на римската и доцноантичката збирка е во тек.

• Инвентарни картони: музејските предмети од сите четири збирки откриени во истражувањата меѓу 2009 и 2017 г. се евидентирани; музејските предмети од истражувањата меѓу 1963 и 2008 г. и 2017-2019 г. кои припаѓаат на праисториската и предримската збирка се евидентирани; евиденцијата на музејските предмети од ископувањата меѓу 1963 и 2008 г. и 2017-2019 г. кои припаѓаат на римската и доцноантичката збирка е во тек.

• Каталог: музејските предмети од сите четири збирки откриени во истражувањата меѓу 2009 и 2017 г. се евидентирани; музејските предмети од истражувањата меѓу 1963 и 2008 г. и 2017-2019 г. кои припаѓаат на праисториската и предримската збирка се евидентирани; евиденцијата на музејските предмети од ископувањата меѓу 1963 и 2008 г. и 2017-2019 г. кои припаѓаат на римската и доцноантичката збирка е во тек.

• За музејските предмети и музејскиот материјал откриен меѓу 2009 и 2019 г. изработена е обемна фотодокументација, додека цртежи се изработени само за музејските предмети и музејскиот материјал кој е селектиран како теренски инвентар од ископувањата меѓу 2008 и 2012 г.

• За музејските предмети откриени помеѓу 1963 и 2008 г. нема техничка и фотодокументација.

**Квантитативна анализа:** Вкупниот број музејски предмети од глина и стакло изнесува 1552 керамички садови, 308 теракотни фигурини, 245 светилки и 191 стаклен сад. Огромниот студиски (музејски) материјал (фрагменти од керамички садови, фигурини, светилки и стаклени садови) собирани при истражувањата на локалитетот од 1960-тите години не може да се пресмета пред инвентарирањето и пресметката да биде завршена за сите наоди складирани во депоата на НУ Стоби (неколку стотици илјади).

**Предмети од керамика:**

• Збирка праисторија: 3 керамички садови.

• Збирка предримски период: 36 керамички садови, 11 теракотни фигурини, 11 светилки.

• Збирка римски период: 1328 керамички садови, 297 теракотни фигурини, 193 светилки.

• Збирка доцноантички период: 185 керамички садови, 41 светилка.

**Предмети од стакло:**

• Збирка римски период: 141 стаклен сад.

• Збирка доцноантички период: 50 стаклени садови.

**Претходни конзерваторски активности:** Некои од наодите селектирани како музејски предмети изработени од глина и стакло во сите збирки се комплетно сочувани, некои се реставрирани од постоечки фрагменти, на некои им се реконструирани делови кои недостасуваат, додека постојат и фрагментирани примероци. Сите наоди се исчистени од земја во текот на археолошките истражувања, додека конзерваторскиот третман се состои од отстранување на калцинација, лепење или реставрација на делови кои недостасуваат. Меѓу 2013 и 2019 г. 72 керамички и 96 стаклени садови од сите збирки биле подложени или сè уште се подложени на конзерваторска анализа и се вклучени во три конзерваторски проекти. Во текот на меѓународната работилница за конзервација на римска и доцноримска керамика и стакло (2010-2018 г.), 60 керамички садови се реконзервирани.

**Вкупен број на конзервирани предмети од керамика:**

• Збирка праисторија и предримски периоди: 24 керамички музејски предмети се делумно реконструирани и стабилизирани, додека други се подложени на конзерваторски третман.

• Збирка римски период: околу 400 керамички наоди се конзервирани и делумно реконструирани, од кои околу 200 имаат потреба од реконзервација.

• Збирка доцнонтички период: 40 керамички музејски предмети од доцноантичката збирка се подложени на конзерваторски третман и реконструкција.

**Вкупен број на конзервирани предмети од стакло:**

• Римска и доцноантичка збирка: 96 музејски предмети се подложени на конзервација, вклучени во два конзерваторски проекта.

**Процена на состојбата:** Музејските предмети и дел од музејскиот материјал направен од глина или стакло се чуваат во депото 2. Керамичките предмети се чуваат на метални полици, додека стаклените предмети се чуваат во дрвени фиокари. Предметите, како и материјалот се сортирани според годината на истражување, почнувајќи од 1963 г. до денес. Влажноста и температурата се регулирани во складишниот простор. Депото е реновирано во 2013 г. Големи складишни садови се чуваат во депото 5 заради на нивната големина.

Огромен број студиски (музејски) материјал се чува во депото 5, а дел од материјалот истражен во 1970-тите години се чува во лимениот хангар зад Старата железничка станица. Студискиот материјал со теренски инвентарни броеви се чува на дрвени полици, додека голем дел од останатиот студиски материјал се чува во пластични кеси и гајби.

Керамичките и стаклените предмети се добро организирани и складирани во регулирани услови. Студискиот материјал во останатите депоа се чува во несоодветни складишни простории, без контролирана температура и влажност и без соодветни полици, директно изложен на разни животинки и инсекти.

## 4. МЕТАЛНИ ПРЕДМЕТИ

**Опис:** Металните наоди од збирките на НУ Стоби припаѓаат на различни категории: накит, оружје, утилитарни предмети, тегови, вотивни предмети, светилки и монети. Металните наоди се направени од разни типови на метални легури: злато, сребро, бронза, железо, олово, бакар и калај. Некои предмети се направени како комбинација на овие метали: бронза и железо, злато и сребро, сребро и бронза, олово и бронза, железо и олово или комбинација на олово, бронза и железо. Некои се комбинации од метал и други материјали: злато и полускапоцени камења, бронза и стакло, сребро и стакло, комбинација на животинска коска и позлатено стакло, животинска коска и бронза, олово и калај, комбинација на гагат, стакло, сребро и злато, комбинација на стакло, железо и сребро. Еден предмет е направен од дрво и бронза. Предметите се изработени во различни техники: лиење, калапење и исчукување. Најчестата користена техника е лиење. Најголем дел од монетите во Стоби се направени од бронза, а има и примероци од сребро и неколку златни монети. Пронајдени се и монети од бронза прекриени со сребро. Големината на металните предмети варира од 1-2 cm до 50 cm.

**Квантитативна анализа:** Вкупниот број на метални наоди е 3 108. 545 се музејски предмети поделени во три збирки: предримски, римски и доцноантички период.

- 16 предмети припаѓаат на предримската збирка: 13 се изработени од бронза и 3 од железо. Од бронзените предмети, 3 се категоризирани како разни наоди, а 9 припаѓаат на накит. 3 железни предмети се категоризирани како разни наоди.

- 205 метални предмети припаѓаат на римската збирка: 99 од бронза, 58 од злато, 24 од железо, 16 од сребро и 8 од олово. Некои од бронзените, сребрените и златните предмети се во комбинација со други материјали.

• Бронзени предмети: 55 се категоризирани во разни наоди, 41 во накит, 1 во оружје, 1 во тегови;

• Железни предмети: 14 се категоризирани во разни наоди, 4 во накит, 1 во оружје;

• Сребрени предмети: 14 се категоризирани во накит, 2 во разни наоди;

• Оловни предмети: 4 се категоризирани во разни наоди, 3 во оружје, 1 во тегови.

- 325 предмети припаѓаат во доцноантичката збирка: 15 се изработени од бронза, 74 од железо, 28 од олово, 6 од сребро и 1 од злато (фрагменти од златна фолија на капител).

- Бронзени предмети: 108 се категоризирани во разни наоди, 50 во накит, 50 во тегови, 5 во светилки, 2 во оружје;
- Железни предмети: 19 се категоризирани во тегови, 7 во оружје, 2 во разни наоди;
- Сребрени предмети: 4 се категоризирани во накит, 2 во разни наоди.

-Нумизматичката збирка содржи 8 965 монети, од кои 848 се музејски предмети:

- Монети од класичниот период: 2 сребрени и 16 бронзени, вкупно: 18 монети;
- Монети од републиканскиот период: 2 сребрени и 7 бронзени, вкупно: 9 монети;
- Монети од римскиот империјален период: 1 сребрена монета, 17 антониниани (монети направени од сребро и бронза - бронзено јадро прекриено со сребро), 48 бронзени, вкупно: 66 монети;
- Монети од доцноримскиот период: 1 златна монета, 491 бронзена монета од кои 12 се антониниани, вкупно: 492 монети;
- Монети од рановизантискиот период: 5 златни монети, 257 бронзени монети, вкупно: 262 монети;
- Монети од отоманскиот период: 1 сребрена монета;
- Генерална нумизматичка збирка: 1 сребрена монета.

**Документација:** Металните предмети и монетите се евидентирани во влезната книга, според нивниот теренски инвентарен број. Секоја монета има посебен теренски инвентарен картон и дигитална фотографија која се чува на серверот. Од металните наоди селектирани како музејски предмети, 395 се целосно евидентирани во музејската документација: инвентарен картон, музејска инвентарна книга и каталог на музејски предмети. За останатите 150 предмети, подготовката на музејската документација е во тек. Монетите кои се селектирани како музејски предмети се евидентирани во музејски инвентарни картони, музејска инвентарна книга и во каталог.

• 304 метални предмети и 4753 монети од ископувањата од 2009-2012 г. се вклучени во проектот за конзервација на метални предмети во 2015 г. Околу 150 монети и мал број предмети се третирани.

**Процена на состојбата:** 5 метални предмети од предримската збирка се конзервирани. 4 од нив се во добра состојба, додека за еден предмет е потребна реконзервација. 41 метален предмет од римската збирка се конзервирани. 6 од нив се во лоша состојба, а за 4 е потребна реконзервација. 83 предмети од доцноантичката збирка се конзервирани. 17 од нив се во лоша состојба, а за 6 е потребна реконзервација.

Во текот на истражувањата помеѓу 2009 и 2018 г., откриени се 8965 монети, а конзервирани се само 1291. Аплицираниот метод е механичко чистење. Нумизматичката збирка вклучува и 6852 монети откриени во истражувањата помеѓу 1963 и 2008 г.. Монетите од истражувањата помеѓу 1963 и 1982 г. и од 2007-2008 г. се конзервирани и евидентирани во теренски инвентарни картони. Хемиски метод на чистење, исто така, е аплициран при конзерваторскиот третман и сите предмети подложени на овој метод се стабилни. 2441 монета од истражувањата помеѓу 1982-2006 г. не се конзервирани.

Сите метални наоди и монети се складирани во депото 2 каде што влажноста и температурата се контролирани. 416 метални предмети селектирани како музејски предмети се складирани во депото 2, заедно со 2563 метални предмети (студиски материјал) и 10115 монети кои не се конзервирани. За 11 метални предмети и 172 монети е потребна реконзервација.

## 5. ПРЕДМЕТИ ОД МЕРМЕР И ДРУГИ ВИДОВИ КАМЕН

**Опис:** Збирката предмети изработени од разни типови на мермер или други типови на камен содржи архитектонска декорација, скулптура, натписи, релјефи и нагробни стели. Најголем дел од архитектонската декорација е на локалитетот, близу или во градбите на кои припаѓаат. Останатите се складирани во депоата 3, 4, 5, 6 и 7. Најголем дел од останатите предмети изработени од камен, како мелници, садови и тегови се вклучени во римската и доцноантичката збирка.

Музејската збирка на архитектонска и камена пластика се состои од предмети класифицирани во три големи групи (скулптура, архитектонска декорација и натписи) откриени при археолошките

истражувања во Стоби помеѓу 2009 и 2019 г. Предметите се направени во техника на делкање од разни типови на локален и импортиран мермер и зелен песочник.

**Квантитативна анализа:** Музејската збирка на архитектонска и камена декорација содржи 81 предмет, најчесто сочувани во фрагменти.

- Скулптура: 36 музејски предмети: 3 се постаменти за скулптури, 15 фрагменти од скулптури, 10 глави од скулптури, 6 фрагменти од торзо, 1 биста и 1 стела;
- Натписи: 16 музејски предмети: 10 фрагменти, 1 вотивна плоча и 4 надгробни стели;
- Архитектонска декорација: 31 музејски предмет: 12 капители, 6 бази и 13 фрагменти од архитектонски декоративни елементи.

**Документација:** Музејските предмети и фрагментите селектирани како музејски материјал (студиски материјал) откриени меѓу 2009 и 2019 г. се регистрирани во музејската документација: влезна книга, музејска инвентарна книга, инвентарни картони и каталог на музејски предмети.

Големиот број на камена пластика откриена меѓу 1963 и 2008 г. сè уште е во процес на евидентирање, вклучувајќи ги и оние на локалитетот, близу или во градбите, поради што нивниот вкупен број не може да се одреди.

**Процена на состојбата:** 72 предмети од музејските збирки на НУ Стоби се наоѓаат во депоата 3 и 4, освен скулптурата на Изида која се наоѓа во соседната просторија, која се користи како лабораторија за процесирање на наоди од ископувањата. Седум предмети кои се наоѓаат на локалитетот (некои од нив се вградени во објекти) се вклучени во музејската збирка по грешка: база од столб, 3 капители, 2 надгробни стели и мермерен блок. Во текот на ревизијата на збирката, кустос советник одговорен за збирката предложи да се промени статусот на овие предмети и тие да бидат исклучени од музејската документација Еден музејски предмет - глава на Харпократ е изложена во Археолошкиот музеј на Северна Македонија во Скопје.

**Претходни конзерваторски активности:** 41 предмет бил вклучен во три конзерваторски проекти, од кои два се завршени, додека еден е сè уште во тек.

Во периодот меѓу 2009 и 2019 г. е изведена превентивна конзервација (чистење и консолидирање) на 62 предмета: 33 фрагменти од плочи од песочник со натпис, 16 плочи од различни типови на мермер, 2 секундарно употребени мермерни плочи од саркофаг, 3 постаменти со натпис, 3 мермерни глави од скулптури, 1 мермерен кантарос, 1 мермерна фијала, 1 мермерно торзо од скулптура и 2 фрагменти од скулптура. 33 столбови (12 стебла, 9 бази, 11 капители) кои припаѓаат на балдахинот над писцината се реставрирани и вратени во нивните оригинални позиции.

- 36 фрагменти од скулптура се исчистени, 14 се исчистени механички и се консолидирани. Постоечките фрагменти од скулптурата на Афродита се реставрирани и поставени на метален постамент.

  Преостанатите предмети во музејот не се конзервирани и генерално се во добра или задоволителна состојба. Потребни се вообичаени мерки на заштита како чистење на површината од прашина и калцификација, како и нивна консолидација.

- 15 предмети кои припаѓаат на категоријата на натписи се исчистени. Превентивна конзервација е изведена на 9 натписи. Активностите вклучуваа механичко и хемиско чистење и консолидација.
- 31 фрагмент од архитектонска декорација се исчистени од остатоци од земја, а само три се подложени на превентивна конзервација - два импост капители и еден фрагмент со релјефна декорација со претстава на лав. Останатите предмети се во добра или задоволителна состојба и потребно им е само чистење и консолидација.



# ИЛУСТРАЦИИ ЗА ПРИЛОЗИТЕ **9** И **10**



**Сл. 72а.** Каза Романа, истражувања во 1970-те години.




**Сл. 72б.** План на Каза Романа.



**Сл. 73а.** Градба со арки (Библиотека), ортофотографија, 2020 г.




**Сл. 73б.** План на Градбата со арки (Библиотека).



**Сл. 73в.** Градба со арки (Библиотека), истражувања во 2009 г., поглед од запад.



**Сл. 73г.** Градба со арки (Библиотека), поглед на арките од северниот ѕид на големата сала.



**Сл. 73д.** Градба со арки (Библиотека), под во *opus sectile* во јужната апсидална просторија.



**Сл. 74а.** Храм на Изида и околниот комплекс, ортофотографија, 2017 г.




**Сл. 74б.** План на Храм на Изида и околниот комплекс.



**Сл. 74в.** Храм на Изида, поглед од североисток, по конзервацијата во 2012 г.



**Сл. 74г.** Храм на Изида, подземна просторија.



**Сл. 75а.** Театар, ортофотографија, 2019 г.




**Сл. 75б.** План на Театарот.



**Сл. 75в.** Театар, мермерни седишта зачувани *in situ* во западната половина на *ima cavea*.



**Сл. 75г.** Театар, централен циркуларен коридор во истражувањата во 2014 г.



**Сл. 75д.** Театар, сценска зграда.



**Сл. 76а.** Епископски базилики и Крстилница, ортофотографија, 2020 г.



**Сл. 76б.** План на Епископски базилики и Крстилница.



**Сл. 76в.** Епископски базилики, поглед од запад, 2009 г.



**Сл. 76г.** Старата епископска базилика под наосот на Големата епископска базилика, поглед од североисток.



**Сл. 76д.** Мозаичен под во наосот на Старата епископска базилика, 2014 г.



**Сл. 76ѓ.** Атриумот на Големата епископска базилика, поглед од југ.



**Сл. 76е.** Северниот брод на Големата епископска базилика, поглед од запад.



**Сл. 76ж.** Мозаик во нартексот на Големата епископска базилика, 2018 г.



**Сл. 76з.** Југоисточни анекси на Големата епископска базилика.



**Сл. 76ѕ.** Крстилница.



**Сл. 76и.** Крстилницата по конзервација на мозаичниот под и мермерните столбови од балдахинот.



**Сл. 77а.** Епископска резиденција, ортофотографија 2017 г.




**Сл. 77б.** План на Епископската резиденција.



**Сл. 77в.** Епископска резиденција, поглед од запад.



**Сл. 78а.** Казино, ортофотографија 2017 г.




**Сл. 78б.** План на Казино.



**Сл. 78в.** Казино, поглед од запад, 2010 г.



**Сл. 78г.** Казино, поглед од север, 2010 г.



**Сл. 78д.** Казино, мозаичен под во просторијата северно од дворот, 2009 г.



**Сл. 79а.** Станбен и комерцијален кварт, Полукружен плоштад, Куќа со триклиниум, ортофотографија, 2017 г.




**Сл. 79б.** План на Станбениот и комерцијален кварт, Полукружниот плоштад и Куќата со триклиниум.



**Сл. 79в.** Станбениот и комерцијален кварт по истражувањата во 2010 г., поглед од североисток на главната улица и околните градби.



**Сл. 79г.** Станбениот и комерцијален кварт по истражувањата во 2010 г., поглед од југозапад.



**Сл. 79д.** Куќа со триклиниум, по истражувањата во 2010 г.



**Сл. 79ѓ.** Куќа со триклиниум, по конзервацијата во 2011 г.



**Сл. 80а.** Домус Фулоника, ортофотографија, 2017 г.




**Сл. 80б.** План на Домус Фулоника.



**Сл. 80в.** Домус Фулоника, триклиниум, поглед од север.



**Сл. 80г.** Домус Фулоника, поглед од запад.



**Сл. 81а.** Затвор, Теодосијанска палата и Куќа на Партениј, ортофотографија 2017 г.




**Сл. 816.** План на Затворот, Теодосијанската палата и Куќата на Партениј.



**Сл. 82.** Затвор, поглед ог југоисток, 2015 г.



**Сл. 83а.** Теодосијанска палата, поглед од југозапад.



**Сл. 83б.** Теодосијанска палата со мозаични подови и подови, поглед од запад.



**Сл. 83в.** Теодосијанска палата, мозаичен под по конзервација во 2012 г.



**Сл. 84а.** Куќа на Партениј, поглед на перистилот од југ.



**Сл. 84б.** Куќа на Партениј, поглед на западните простории.



**Сл. 85а.** Куќа на Перистерија, ортофотографија 2017 г.

Балканско наследство
Фондација
формирана 2008




**Сл. 85б.** План од Куќата на Перистерија и Градската чешма.



**Сл. 85в.** Куќа на Перистерија, поглед од северозапад.



**Сл. 85г.** Куќа на Перистерија, поглед од перистилот.



**Сл. 85д.** Куќа на Перистерија, мозаичен под во источниот триклиниум, по конзервација во 2012 г.



**Сл. 86.** Градска чешма.



**Сл. 87а.** Голема бања, ортофотографија 2017 г.




**Сл. 87б.** План на Голема бања.



**Сл. 87в.** Голема бања, поглед на хипокаустот од запад.



**Сл. 87г.** Голема бања, праефурниум.



**Сл. 88а.** Куќа на Полихарм и Централна (Синагога) базилика, ортофотографија 2017 г.




**Сл. 88б.** План на Куќа на Полихарм.



**Сл. 88в.** Куќа на Полихарм, поглед на перистилот од североисток.



**Сл. 88г.** Куќа на Полихарм, поглед од запад на перистилот и триклиниумот.



**Сл. 88д.** Куќа на Полихарм, мозаичен под во триклиниумот.



**Сл. 89а.** Централна (Синагога) базилика, поглед од запад.




**Сл. 89б.** План на Централна (Синагога) базилика.



НАЦИОНАЛНА
УСТАНОВА
СТОБИ



**Сл. 89в.** Централна (Синагога) базилика, поглед од северозапад.



**Сл. 90а.** Централна (Синагога) базилика, аерофотографија од остатоците од синагогата, истражувања во 1970-те години.



**Сл. 90б.** Мозаик во Синагогата, поставен близу чуварницата.



**Сл. 91а.** Мала бања, ортофотографија, 2017 г.




**Сл. 91б.** План на Малата бања.



**Сл. 91в.** Мала бања, поглед од запад.



**Сл. 92а.** Цивилна и Северна базилика, ортофотографија, 2017 г.



**Сл. 92б.** Цивилна базилика, поглед од запад.




**Сл. 92в.** План на Цивилна базилика.



**Сл. 93а.** Северна базилика, поглед од запад.




**Сл. 93б.** План на Северна базилика.



**Сл. 93в.** Крстилницата во Северната базилика.



**Сл. 93г.** Северна базилика, поглед кон атриумот, од североисток.



**Сл. 94а.** Фортификација, аерофотографија од Стоби, поглед од југ, видливи се северозападниот и југоисточниот сегмент од бедемите.



**Сл. 94б.** Југоисточен агол на бедемот.



**Сл. 94в.** Порта Хераклеа, поглед од југ.



**Сл. 94г.** Дел од северозападниот бедем по истражувањата во 2010 г.



**Сл. 94д.** Јужен дел од внатрешниот источен бедем, по истражувањата во 2008 г.



**Сл. 94ѓ.** Дел од внатрешниот источен бедем над Градбата со арки.



**Сл. 95а.** Гробјанска базилика, по расчистувањето во 2010 г, поглед од исток.



**Сл. 95б.** Гробјанска базилика, поглед од север кон нартексот со погребувањата.



**Сл. 95в.** Гробјанска базилика, влез во гробницата со крстест свод.



**Сл. 95г.** Гробјанска базилика, внатрешноста на гробницата со крстест свод.



**Сл. 96а.** Базилика Екстра Мурос, ортофотографија 2017 г.



**Сл. 96б**. Базилика Екстра Мурос, поглед од запад.



**Сл. 96в.** Базилика Екстра Мурос, мозаик во наосот.



**Сл. 97.** Турскиот мост.



**Сл. 98.** Стара железничка станица.




**Сл. 99.** Предлог проект за Центарот за посетители.




**Сл. 100а.** Складишни простории: Депоа 1, 3 и 4.



**Сл. 100б.** Складишни простории: Депо 1 се користи како простор за обработка на наоди од тековни истражувања.



**Сл. 100в.** Складишни простории: Депо 3 за складирање фрески.



**Сл. 100г.** Складишни простории: Депо 4, се користи како простор за складирање на наоди од мермер.



**Сл. 101а.** Управна барака: Депо 2 се наоѓа во подрумот на објектот.



**Сл. 101б-д.** Складишни простории: Депо 2 се користи за складирање на ситни наоди (керамика, стакло, метал, животинска коска).



Сл. 101в.



Сл. 101г.



Сл. 101д.



**Сл. 102а-д.** Складишни простории: Депо 5 се користи за складиање на студиски материјал и алат.



Сл. 1026.



Сл. 102в.



Сл. 102г.



**Сл. 103.** Складишни простории: бакарен хангар кој се користи за складирање разни типови наоди од 1970-те години.



**Сл. 104.** Лабораторија за конзервација на мозаик и фрески.

# ПРИЛОГ 12: ЛИСТА НА ПРОЕКТИ

| **Име на градба** | **Значење** | **Неопходни мерки** | **Статус/прогрес** | **Приоритет/итност поради ризици од оштетување** | **Предвиден буџет евра/ден** |
|---|---|---|---|---|---|
| Градба со Арки | големо | | | | |
| ископувања | | ископувања во големата сала во цел на конзервација | | ургентно | 10000 ЕУР<br>616 800 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови | тековно | ургентно | 3500 ЕУР<br>215 900 МКД |
| | | мермерна ѕидна декорација | техничка документација и подготовка на проект | низок приоритет | 5500 ЕУР<br>340 000 МКД |
| | | заштитна покривна конструкција со патеки за посетители | изработка на проект | среден приоритет | 15000 ЕУР<br>925 000 МКД |
| конзервација/реставрација | | ѕидови | | ургентно | 180000 ЕУР<br>11 101 801 МКД* |
| | | мермерни елементи | | низок приоритет | 30000 ЕУР<br>1 851 000 МКД* |
| | | заштитна покривна конструкција со патеки за посетители | | среден приоритет | невозможно да се предвиди без проек |
| превентивни мерки | | подови во опус сектиле | | среден приоритет | 5000 ЕУР<br>308 400 МКД |
| Епископски базилики и Крстилница | големо | | | | |
| ископувања | | во јужниот брод | | ургентно | 10000 ЕУР<br>616 800 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | нова заштитна покривна конструкција со патеки за посетители | изработка на проект | ургентно | 20000 ЕУР<br>1 233 540 МКД |
| | | ѕидовите на југозападните анекси и гробницата | техничка документација и подготовка на проект | ургентно | 4000 ЕУР<br>246 710 МКД |
| | | мермерните елементи и олтарот | техничка документација и подготовка на проект | среден приоритет | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| | | потпорна конструкција за олтарот и мозаикот во јужниот брод | техничка документација и подготовка на проект | среден приоритет | 4000 ЕУР<br>246 710 МКД |
| конзервација/реставрација | | заштитна покривна конструкција со патеки за посетители | | ургентно | невозможно да се предвиди без проект |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ѕидовите на југозападните анекси и гробницата | | ургентно | 40000 ЕУР<br>2 468 000 МКД |
| | | мерменрите елементи и олтарот | | среден приоритет | 20000 ЕУР<br>1 233 600 МКД |
| | | потпорна конструкција за олтарот и мозаикот во јужниот брод | | среден приоритет | 52000 ЕУР<br>3 207 200 МКД |
| | | фреските од јужниот ѕид на Старата епископска базилика | комплетирање на конзервацијата | ургентно | 7000 ЕУР<br>431 800 МКД |
| Театар | големо | | | | |
| ископувања | | источната половина на summa cavea | тековен проект | ургентно | 200000 ЕУР<br>12 335 334 МКД* |
| | | западна половина на imma cavea | | среден приоритет | 350000 ЕУР<br>21 586 836 МКД* |
| неопходна изработка на проект за: | | западна половина на imma cavea | техничка документација и подготовка на проект | среден приоритет | 4000 ЕУР<br>246 710 МКД |
| | | мермерните елементи на скенската зграда | | среден приоритет | 5000 ЕУР<br>308 383 МКД |
| конзервација/ реставрација | | источната половина на summa cavea и скенската зграда | тековен проект | | 400000 ЕУР<br>24 670 700 МКД |
| | | реставрација на мермерните седишта во источната половина на imma cavea | | ургентно | 1800000 ЕУР<br>111 018 014 МКД* |
| | | западна половина на ima cavea заедно со мермерните седишта | | среден приоритет | 600000 ЕУР<br>37 006 004 МКД* |
| | | мермерните елементи на скенската зграда | | | 200000 ЕУР<br>12 335 340 МКД* |
| Комплекс околу Храмот на Изида | големо | | | | |
| ископувања | | на целиот источен - југоисточен дел од комплексот | тековен проект | среден приоритет | |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидовите на источниот - југоисточниот дел од комплексот | | среден приоритет | |
| конзервација/ реставрација | | ѕидовите на источниот - југоисточниот дел од комплексот | | | невозможно да се предвиди без проект |
| Каза Романа | големо | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ископувања | | во цел на конзервација | чистење на просторот | ургентно | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови | техничка документација и подготовка на проект | ургентно | 5000 ЕУР<br>308 400 МКД |
| | | ѕидна декорација/ штуко и фреско | техничка документација и подготовка на проект | среден приоритет | 1500 ЕУР<br>92 515 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови | | ургентно | 20000 ЕУР<br>1 233 600 МКД |
| | | ѕидна декорација/ штуко и фреско | | среден приоритет | 15000 ЕУР<br>925 150 МКД |
| Затвор | големо | | | | |
| ископувања | | во цел на конзервација | чистење на просторот | ургентно | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови на Затворот | техничка документација и подготовка на проект | ургентно | 2500 ЕУР<br>154 192 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови на Затворот | | ургентно | 20000 ЕУР<br>1 233 600 МКД |
| Северозападен бедем | големо | | | | |
| ископувања | | во цел на конзервација | | ургентно | во рамки на конзерваторскиот проект |
| неопходна изработка на проект за: | | проектот е подготвен | | / | / |
| конзервација/ реставрација | | ѕидни платна во должина од 325 метри и 5 кули | | ургентно | 830000 ЕУР<br>51 191 639 МКД* |
| Гробјанска базилика | големо | | | | |
| ископувања | | во цел на конзервација | чистење на просторот | ургентно | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови и гробници | tтехничка документација и подготовка на проект | ургентно | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови и гробници | | ургентно | 70000 ЕУР<br>4 317 367 МКД |
| Станбен и комерцијален кварт од 6. век | големо | нема активности | | | |
| ископувања | | во цел на конзервација (во неколку фази) | чистење на просторот | висок приоритет | 20000 ЕУР<br>1 233 540 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови | техничка документација и подготовка на проект | висок приоритет | 3500 ЕУР<br>215 870 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови | | висок приоритет | 100000 ЕУР<br>6 167 670 МКД |
| Централна (Синагога) базилика | големо | | | | |
| ископувања | | / | чистење | среден приоритет | 2000 ЕУР<br>123 360 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови | | среден приоритет | 1000 ЕУР<br>61 680 МКД |
| | | мозаик (?) | потребна е стратегија | | |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови | | среден приоритет | 8000 ЕУР<br>493 420 МКД |
| Куќа на Перистерија | големо | | | | |
| ископувања | | расчистување во цел на конзервација во западниот дел на куќата | | висок приоритет | 10000 ЕУР<br>616 800 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови во западниот дел на куќата | | висок приоритет | 5000 ЕУР<br>308 400 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови во западниот дел на куќата | | висок приоритет | 100000 ЕУР<br>6 167 670 МКД |
| Куќа на Партениј | големо | | | | |
| ископувања | | помали по обем истражувања во јужните простории | | висок приоритет | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови во западниот дел на куќата | | ургентно | 1000 ЕУР<br>61 680 МКD |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови во западниот дел на куќата | | ургентно | 70000 ЕУР<br>4 317 367 МКД |
| mosaic floor | | тековна конзервација | | висок приоритет | |
| Теодосијанска палата | големо | | | | |
| ископувања | | / | / | / | / |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови во западниот и јужниот дел на куќата | | ургентно | 800 ЕУР<br>49 341 МКД |
| | | мозаични подови | | среден приоритет | 1500 ЕУР<br>92 515 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| конзервација/ реставрација | | ѕидови во западниот и јужниот дел на куќата | | ургентно | 100000 ЕУР 6 167 670 МКД |
| | | мозаични подови | | среден приоритет | 20000 ЕУР 1 233 540 МКД |
| | | чистење и консолидација на мермерни елементи | | среден приоритет | 3000 ЕУР 185 000 МКД |
| Казино | големо | | | | |
| ископувања | | помали истражувања во дворот во цел на конзервација | | висок приоритет | 3500 ЕУР 215 870 MKD |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови во дворот и северниот дел од куќата | | ургентно | 4000 ЕУР 246 710 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови во дворот и северниот дел од куќата | | ургентно | 100000 ЕУР 6 167 670 МКД" |
| Епископска резиденција | големо | | | | |
| ископувања | | во цел на одредување на градежни фази и конзервација | | ургентно | 7000 ЕУР 431 740 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | ѕидови | | ургентно | 2500 ЕУР 154 190 МКД |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови | | ургентно | невозможно да се предвиди пред да се утврдат градежните фази и стратегијата за конзервација |
| Полукружен плоштад и продавници по Виа Сакр | големо | | | | |
| ископувања | | во цел на конзервација | | ургентно | 5000 ЕУР 308 400 МКД |
| неопходна изработка на проект за: | | | проектот е изработен | / | / |
| конзервација/ реставрација | | ѕидови | треба да се комплетира | ургентно | 20000 ЕУР 1 233 540 МКД |
| Северна базилика | големо | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ископувања | | / | / | / | / |
| неопходна изработка на проект за: | | атриум | | ургентно | 2500 ЕУР<br>154 190 МКД |
| конзервација/ реставрација | | атриум | | ургентно | 15000 ЕУР<br>925 150 МКД |
| третман на лишаи | | лабараторсики и теренски тестирања | потребен е експет од странство | ургентно | 10000 ЕУР<br>616 800 МКД |
| лабараторијски анализи | | петрографски анализи и за потекло на камењата и мермерите | | низок приоритет | 3000 ЕУР<br>185 000 МКД |

* Во фази

Балканско
наследство
Фондација
формирана 2008



ISBN 978-619-90783-8-9